**СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Седмата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, одржана на 25 февруари 1991 година**

**Скопје, февруари 1991 година**

**ДИСКУТАНТИ ОД СЕДМАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 25 ФЕВРУАРИ 1991 ГОДИНА:**

*Дневниот ред се наоѓа на стр.75 и 96*

1. АНДОВ СТОЈАН - 120, 124, 154,185, 218, 220, 223, 226, 242, 247
2. АРСОВ ДРАГИ - 148,150, 203
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД – 77, 78
4. АЛИУ ЕШТРЕФ - 165, 227, 251
5. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 5, 19, 21, 62, 215
6. АНДОНОВ ТИМЕ - 253
7. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 30
8. АБДИ ФАИК - 38, 108, 215, 246
9. АРСОВСКИ БРАНКО - 42
10. БЕЛИЧАНЕЦ ТИТО - 22, 29, 46, 67, 77, 87, 91
11. БОШКОВ ЈОРДАН - 130, 175, 201, 227, 229, 240
12. ВЛАШКИ ВАСИЛ - 7, 12
13. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР – 228
14. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУБЧО – 141, 154, 180
15. ГОГОВСКИ ГЛИГОРИЕ - 136
16. ГЛИГОРОВ КИРО – 98, 105, 156, 159, 188 ,218 (информира за разговорите и преговорите за идната југословенска задница)
17. ГОШЕВ ТУШЕ - 255
18. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 10, 80, 81,107, 233, 243, 256, 263, 197
19. ГОШЕВ ПЕТАР – 167, 175
20. ДИМОВСКА ДОСТА - 89,91
21. ДАВЧЕВ САНДЕ - 19, 212, 230
22. ДИМИТРОВА РАТКА - 83, 175, 239, 242, 246, 262
23. ЗМЕЈКОЈВСКИ Б0РИС - 45, 257
24. ИВАНОВСКИ СИМЕОН - 8
25. ИВАНОВ ИВАН – 3, 61, 119, 199
26. ИВАНОВ РИСТО - 44
27. ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 116
28. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 51, 52, 53, 55, 58, 117, 249
29. ЈОВАНОВ РИСТО - 198, 211
30. ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО - 201, 223, 225
31. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА – 236, 234
32. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 5, 110, 207
33. КЛИМОВСКИ САВО – 13
34. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ – 93, 113

35. КРСТЕВСКИ НИКОЛА – 222, 223, 230, 232, 240, 247, 251
36. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 6
37. ЛИЧОВСКИ ВЕЦКО - 39, 40, 42
38. МАНЕВ ЕФТИМ - 217
39. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 205
40. МУРТЕЗАНИ АБДИ - 72
41. МАНЕВСКИ МИХАЈЛО – 16, 32, 36
42. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 58
43. МАНЕВСКИ ЈОВАН - 60
44. МИНОВ ПАНЧЕ - 61
45. НАУМОВСКИ СЛАВЕ – 28, 86
44. НЕСТОРОВСКИ МЕТОДИЈА – 94
45. НЕДЕЛКОВСКИ БОГДАН – 152
46. ОБОЧКИ ЈАНКО – 43, 56
47. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 177
48. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 66, 68,118, 200, 225, 250, 256, 254
49. ПАУНОВ ТОДОСИЈА - 69
50. ПЕТРОВ ТОДОР - 109
51. П0ПОВСКИ ЉУБОМИР - 112
52. ПОПОВСКИ КИРО - 183, 213
53. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 172
54. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН -31, 33
55. СЕЛМАНИ НЕИМ – 33, 34, 36, 37
56 СЕЛМАНИ АСЛАН - 49
57. СТАНКОВСКИ РИСТО - 79, 238
58. СИМЈАНОВСКИ НАУМ – 221
59. СПИРОВСКИ АЦО – 88, 95 197
60. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 94,131,133,196,187, 221, 238, 246, 251, 262
61. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 141, 184, 185
62. ТРПЕНОВСКИ ЈОВАН – 15, 37, 47, 54, 56, 63, 64, 65, 68
63. ТОДОРОВСКИ БОГДАН - 43, 70
64. ХАЛИУ МЕХМЕД – 253
65. ХАРУНИ СЕФЕДИН - 27, 28
66. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ – 133, 236
67. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 173
68. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 127
69. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНК0 – 209, 210
70. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 92
71. ШАКИРИ ХИСНИ - 49, 244
72. ШИКОВСКИ МИЛОВАН - 245, 250

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Седмата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија; одржана на 25 февруари 1991 година**

Седницата се одржа во Собранието на СРМ, сала 1 со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на СРМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам седмата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Пратениците Јордан Зафиров, Димитар Поповски, Алил Џаферовски, Јордан Зафировски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Записниците од 1-та, 2-та и третата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, одржани на 8,11 и 19 јануари 1991 година, Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот од првата седница? (Нема)

Констатирам дека записникот од првата седница е усвоен без забелешки.

Дали некој од пратениците има забелешка на записникот од втората седница? (Нема)

Констатирам дека записникот од втората седница е усвоен без забелешки.

Дали некој од пратениците има забелешка на записникот од третата седница? (Нема)

Констатирам дека записникот на третата седница е усвоен без забелешки.

Имајќи ги предвид прашањата што ќе се разгледуваат на денешната седница, поканети се претставници на: Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Републичкиот секретаријат за финансии; Републичкиот секретаријат за правосудство и управа, Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика, Републичкиот завод за статистика, Стопанската комора на Македонија, Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија и Агенцијата за преструктуирање и развој.

Ве известувам дека пред почетокот на седницата за ваше информирање Ви се поделени: Информацијата за ангажирањето на работниците на милицијата од Социјалистичка Република Македонија за извршување на безбедносни задачи во САП Косово и одлуката за повлекување на одредот на милицијата од СРМ во здружениот одред на ССВР во САП Косово, како и информацијата во врска со разговорите на претседателите на владите на Република Бугарија и
Република Грција што ги достави Извршниот совет на Собранието на СРМ.

Преминуваме на пратенички прашања.

Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија достави одговори на прашањата на пратениците Зоран Крстевски, Симеон Ивановски, Тодор Петров, Иван Иванов, Биљана Лазаревска, Панче Насев и Фаик Абди и Митко Анастасовски, поставени на седницата одржани на 11, 25 и 26 јануари 1991 година.

Одговорите на пратеничките прашања Ви се доставени.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања имаат дополнителни прашања?

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Му благодарам на Извршниот совет за дадените одговори на моите прашања што ги поставив на седницата одржана од 25 јануари 1991 година.

Користејќи го правото за поставување на дополнителни прашања, сакам тоа да го направам на денешната седница, а притоа како вовед би сакал нешто да кажам по поедините прашања.

По моето прашање за третата програма на македонската телевизија и пренесувањето на програмата на ЈУТЕЛ, сакам да истакнам дека заслужуваат внимание напорите што ги правеше и сега ги прави, РТ Скопје во својата модернизација и обогатување на програмата, а во кои спаѓа и воведувањето на експерименталната програма на третиот канал.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, дали имате дополнително прашање, бидејќи тоа е расправа.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Имам, а тоа реков го давам како вовед за да го поврзам моето прашање.

Сега сакам да го поставам следното дополнително прашање.

Прво, колку средства се потрошени за реализација на експерименталната програма на третиот канал и од кои извори тие се обезбедени?

Второ, зошто ТВ Скопје во втората програма не ги пренесува позначајните емисии од програмата на ЈУТЕЛ, како што тоа го чинеше до воведувањето на експерименталната програма на третиот канал односно во последните месеци на 1990 година?

Трето, кога РТ Скопје, ќе му достави на Собранието на СРМ, програма за унапредување на дифузната мрежа на целата територија на СРМ, како би се постигнале можностите сите гледачи на територијата на Македонија да бидат подеднакви во гледањето и изборот на програмата?

По моето прашање за состојбите и проблемите на откупот на оризот и арпата на белиот ориз, сакам да кажам дека во одговорот се даваат значајни информации, меѓутоа, факт е дека проблемот не е разрешен и дека проблемот е многу посериозен, а иронијата да биде уште поголема во минатата недела, има информација дека се увезени нови 100 тони бел ориз од Грција и од Шпанија.

Во смисла на тежината на проблемот, до Извршниот совет на Собранието на СРМ ги поставувам следните дополнителни прашања:

1. Кои интервентни мерки Извршниот совет ќе ги преземе за купување на залихата на оризовата арпа и белиот ориз од индивидуалните производители кои се проценуваат моментално на 25 илјади тони или на 2/3 од реколтата од 1990 година, поготово што за 40 дена започнува новата сеидба на новата реколта?

2. Дали Извршниот совет е информиран за новоувезените количините на бел ориз од Шпанија и Грција, односно од страна на кои претпријатија е извршен новиот увоз на бел ориз и по кој основ е извршен увозот?

3. Предлагам проблематиката со ориз-производството да биде поместена во програмата за работата во Собранието на Социјалистичка Република Македонија, односно оваа точка да биде ставена на една од наредните седници.

Барам одговорите да бидат дадени во писмена форма.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Јас поставив прашање околу финансирањето на политичките партии, согласно член 69 од Законот за избори и отповикување на пратеници и одборници.

Му благодарам на Извршниот совет што ми достави одговор, меѓутоа не сум задоволен од одговорот од причина што овде во одговорот всушност само се врши толкување на член 69 од споменатиот закон што апсолутно ми е јасно. Меѓутоа, од одговорот, исто така, се гледа дека Извршниот совет, односно надлежниот ресор, извршил распределба на средствата наменети за партии кои според изборниот резултат се влезени во Парламентот, така да практично не може да се исполни законската обврска. Во таа смисла, би побарал да се поднесе предлог за поништување на одлуката за обезбедување на средства на политички организации и други форми на организирање и здружување за спроведените зборче, се со цел оваа работа да се врати во законска форма како што предвидува член 69.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Драги господа и дами,

Влегуваме веќе во седмата седница на овој парламент, а многу работи се нерасчистени.

Прво, ќе се обратам лично до претседателот на Републиката зошто досега не е конституирана владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам дали имате дополнително прашање на прашањето што го поставивте на минатата седница и добивте за тоа одговор.

**ТОМЕ АНАСТАСОВСКИ:**

Немам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако немате, ве молам сега да им дадеме збор на другите пратеници кои сакаат да постават дополнителни прашања, а после ќе добиете дополнително збор за да поставите пратеничко прашање.

Дали пратеничката Билјана Лазаревска има дополнително прашање на прашањето што го постави.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Одговорот од Извршниот совет што го добивме на барањето на група вработени од шумското стопанство не задоволува, затоа што всушност тоа се констатации.

Изминаа повеќе денови, така да место 130 дена веќе 6 месеци како овој погон ДИЕР не работи. Затоа, јас уште еднаш би го поставила истото прашање односно барање и тоа по иницијатива на вработените на шумското стопанство. Барањето гласеше вака:

- Барање до Извршниот совет на Собранието на СРМ, да преземе итни и решителни мерки за дезинтеграција на ДИЕР и шумското стопанство кои се интегрирани во времето на акција на окрупнување на стопанството.

Вработените од шумското стопанство веќе 130 дена не привредуваат односно 6 месеци, со што се нанесува непроценлива материјална штета на општеството.

Извршниот совет да ги задолжи правосудните органи да ги санкционираат сите неправилности и стопанскиот криминал доколку се докаже и во двете стопански организации. Овде беа дадени некои податоци дека тие контактирале со јавното обвинителство во Куманово но не ги гледам мерките кои се преземени во врска со тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали може Извршниот совет да даде одговор на ова прашање?

**ВАСИЛ ВЛАШКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Веќе 200 дена штрајкува група на вработени во шумарство во претпријатието ДИЕР Куманово.

Уште во почетокот на штрајкот, надлежните републички органи во соработка со претставници на Извршниот совет и на Собранието на Куманово, остварија низа контакти со работната организација ДИЕР, со цел да укажат на вработените во ДИЕР на надлежностите за разрешуваше на проблемот.

И покрај тоа што се одржани преку 10-тина состаноци со претставниците на републичките органи на управата и претставници на градот Куманово во работната организација ДИЕР и покрај тоа што двапати јас како потпретседател на Извршниот совет ги примав претставниците на двете страни и покрај тоа што пред неколку дена претставници на ДИЕР протестираа пред Собранието на СРМ и имавме широк разговор, потпретседателот на Собранието на Македонија Киро Поповски, јас и надлежните републички органи и на вработените им укажуваме дека надлежност за разрешување на проблемите за дезинтеграција во претпријатието ДИЕР не е во рамките на републичките органи нити пак на Извршниот совет. За тоа се надлежни самоуправни органи во работната организација ДИЕР Куманово. Доколку тие не можат да постигнат договори, има надлежен суд кој можат овие проблеми да ги разрешуваат.

Од протестите кои што ги слушнавме при последната посета на Собранието на СРМ, вработените во ДИЕР укажаа дека има полно неправилности кои денес се случуваат во шумарството, односно бесправно се продава материјал и се делат лични доходи на вработените. Сите тие укажувања што ги примивме на знаење, а значат противзаконско работење на некои субјекти во работната организација, тоа се надлежности на општинските и републичките органи и во таа смисла веќе неколку дена надлежните републички инспектори и СОК работат на осознавање на правата вистина и доколку се констатира дека има и прекршоци во работењето во шумарството или во ДИЕР надлежните републички органи ќе преземаат соодветни мерки. Според тоа надлежностите на републичките органи и Извршниот совет ги исполнуваме коректно, а она што се надлежности на работната организација ќе мораат они сами да си ги исполнат.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Јас минатиот пат поставив прашање околу можноста за трансформација на општествениот капитал во рудниците, во мешовит и приватен, добив одговор, му благодарам на Извршниот совет на подготвениот одговор, но да кажам дека не сум во потполност задоволен, бидејќи тоа што ми е дадено во одговорот јас практично во поставувањето на прашањата го кажав, ја цитирав постојната регулатива, така да не ми е дадено ништо ново во одговорот од каде што ќе можеме да имаме некои нови сознанија. Тоа го потврдува повторно моето прашање, дека оваа материја не е добро регулирана и дека е неопходно што поитно истата да се регулира, бидејќи овде се повикува на сојузен закон, „Службен лист на СФРЈ“ 7/83 - 690, а тие исти закони истекуваат некаде, односно во нив е регулирана оваа материја за неколку месеци и треба да се изврши трансформацијата ако се сака да се добијат одредени подобности при преминување на општествениот капитал во мешовит, приватен, откуп на акции и така натаму. Според тоа, на целиот одговор како додатно прашање би можело да следи ова:

Кога ќе се донесе соодветна републичка регулатива со која поблиску ќе се уредат прашањата за носителите, објектите и содржината на разните форми на сопственост, тргнувајќи од усвоените уставни решенија. Мислам дека тоа е неопходно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали од другите пратеници што добија одговор има некој кој има дополнително прашање?

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Како што е познато, неодамна беше извршена реконструкција на аеродромот во Охрид, па од граѓаните на Охрид, односно од името на Општина Охрид, го поставувам прашањето: Со оглед на тоа што општината немала доволно средства, позајмени се средства од СИЗ за патишта, значи практично се потрошени средства ненаменски и сега по завршувањето на работите, создадена е проблематична ситуација да не може да се покријат трошоците. Што може да направи Републиката како интервенција на разрешувањето на овој проблем?

Уште едно прашање од Охрид. Дали е точно и колку такви случаи има доколку е точно, дека бегалци од Албанија - Македонци имаат побарано азил во Југославија, односно во СР Македонија, односно колку е точно тоа дека Македонци кои пребегуваат од Албанија веднаш се упатуваат во собирен центар во Падинска Скела и постои едно уверување кај граѓаните, поради што се посебно загрижени, дека се враќаат таквите наши браќа од Албанија назад во Албанија, што потсетува на времето кога слична пракса постоеше пребегани од Пиринска Македонија да се враќаат во Бугарија. Со оглед на димензијата на една ваква загриженост барам одговор од надлежниот орган.

Прашање во име на Гостивар. Зашто не е направена во процедурата на верификација на мандатите проверка од надлежниот орган, односно не е побарано, за да се види од 120 пратеници кој за што е осудуван, бидејќи постои основно сомнение дека еден дел од пратениците се судени за дела против државата, во крајна мера против интегритетот на СР Македонија, што може доста негативно да се одрази во наредниот период, со оглед на сложената политичка ситуација и со она што евидентно стои како пракса што се случува на Алтернативата на пример од Косово кога сака и како сака оди во Албанија итн. Дали е можно со нашиот парламент да се случуваат слични работи. Прашањето не се однесува само на албанското малцинство, туку во целост за сите 120 пратеници во Македонија.

Второ прашање од Гостивар е - каква е процедуралната можност да Декларацијата за сувереност на Македонија се врати повторно на дополнување во делот каде што не е доволно објаснето кој е носител на државноста.

Трето прашање - дали е во некоја постапка законодавно некој акт кој би го решил поблиску проблемот за образованието на малцинствата, на албанското малцинство према меѓународните конвенции, односно да од есен во наставата постои образование на мајчин јазик на малцинствата до IV одделение.

Последното прашање е во врска со личниот интегритет и безбедност на пратениците во Македонскиот парламент, односно евидентно е дека на пратеници во Македонскиот парламент се врши уценување, вознемирување, нанесување материјална штета од политички мотиви, оставки или одредено однесување. Проблем е на оние кои се во таква ситуација дали тоа јавно ќе го кажат. Јас можам да кажам за јавноста дека сум разговарал со неколку членови од Македонскиот парламент кои се во слична ситуација како и јас, меѓутоа во мое име сакам нешто да кажам и тоа да биде достапно на македонската јавност, дека веќе подолго време сум вознемируван, директно уценуван, директно ми се дава дознание дека секој момент членовите на моето семејство се следат, директно сум уценуван по мојата лична безбедност и на членовите на мојата фамилија. Имам прашање и ве молам да бидите стрпливи, бидејќи со ништо не го пречекорувам она што е процедурално, за да не се повторуваме секоја седница да водиме меѓу нас расправа. Прашањето е, сакам да слушнам од надлежен орган како и што предвидува нашиот закон во поглед на заштита на пратениците, со оглед на тоа што уживаат посебен имунитет, имаат право на посебен третман во обезбедување на политичката функција која треба да ја обавуваат.

Прашање до секретарот за правосудство, дали има сознание дека Македонскиот суд и понатаму е независен со оглед на повеќепартиското искуство во овој период од изборот до денес.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали претставниците на Извршниот совет на овие прашања или на дел од нив ќе одговорат сега?

**ВАСИЛ ВЛАШКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Техничките карактеристики на излетнослетната стаза на Аеродромот во Охрид минатата година беа такви, да Аеродромот беше забранет за употреба Со цел што е можно за покус временски период да се оспособи Аеродромот, договорено е со собранијата на четирите општини - Охрид, Сргура, Ресен и Битола, за заедничко финансирање на инвестиционата работа. Извршниот совет на Собранието на Македонија обезбедува 50% од потребните финансиски средства, а останатите 50% ги обезбедуваат четирите општини, Ако 100% е вкупната вредност, тогаш 50% учествува Охрид, 30% Струга, а по 10% Ресен и Битола.

Со одлуки на Собранијата на општините, донесени се начините на финансирањето на објектот. Бидејќи општините беа во тешка финансиска состојба, договорено беше финансиските средства да ги обезбеди Републиката веднаш, а да помогнеме на Собранието на општините да обезбедиме позајмици кои што ќе можат во наредниот временски период да ги исплатат. Во таа смисла, општините зедоа позајмици од СИЗ за патишта и уште од некои други институции. Деновиве имавме неколку средби со кои треба да се обезбеди позајмиците од општините да се вратат и да се затвори финансиската конструкција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

По одговорот на ова прашање, дали пратеникот е задоволен?

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Писмено да ми се достави.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, писмено да се достави

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господо пратеници, едно од прашањата што го постави Голубовски се однесуваше на правото на образование на националните малцинства, односно на народностите во Социјалистичка Република Македонија. Ова прашање претставува ми се чини едно од содржинските прашања на остварување на меѓунационалните односи во СР Македонија и во таа смисла честопати беше поставувано и во овие простори за да се усогласиме со меѓународните конвенции по однос на правата на националните малцинства на школување на мајчин јазик.

Јас тоа прашање би го проширил и на една од наредните седници би подготвиле посебна информација во која што би дале преглед на важечките меѓународни конвенции кои го регулираат ова прашање и потоа да се отвори расправа. Врз основа на резултатите и заклучоците од расправата, бидејќи ова прашање не може да се сведи на номотехничко прашање кое што би се регулирало со позитивното законодавство, значи врз основа на донесените заклучоци, понатаму да се дадат насоки на органите да подготват и соодветни законски прописи, а во таа смисла јас прашањето не би го сфатил како лично прашање, и одговор да му се даде на пратеникот, туку евентуално да подготви надлежниот ресорен орган, односно Извршниот совет,посебна информација за тоа како е тоа регулирано во меѓународните конвенции, па оттаму да се води расправа во Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Господин Голубовски има разјаснување околу овој одговор.

Бидејќи имам сосема конкретни материјални докази дека делот од уцените се од пратеници од Македонскиот парламент ме интересира, во продолжение на прашањето, која е постапката во скинувањето на имунитетот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа прашање не е до Владата, тоа е прашање до Мандатно-имунитетната комисија.

**ЈOВАН ТРПЕНОВСКИ:**

Господин претседателе, почитувани пратеници,

Во последните месеци, зачестени се бегствата од Република Албанија во Југославија, а се користат и граничните премини на Социјалистичка Република Македонија. Претежно, бегство има низ територијата на Македонија и Црна Гора. Бегствата се во последно време зголемени, интензивирано е и нивното доаѓање и од познатите настани во Социјалистичка Република Албанија. Проблемот со политичките бегалци е регулиран, со конвенции кои се потврдени од Обединетите нации. Постои висок комесеријат во Обединетите нации коишто се за ваквите политички бегалци. Досега Социјалистичка Република Македонија нема дадено азил на ниту еден бегалец од Социјалистичка Република Албанија. Ако се гледа националната структура, преовладува структурата од албанска националност. Не сум сигурен, но мислам дека има двајца или тројца кои се од македонска националност.

Како што е договорено со оваа меѓународна организација, со високиот комесеријат обезбедено е место за сместување и обезбедување на нормални услови сè до она време дури не заврши процедурата. Процедурата се состои во тоа што се утврдуваат мотивите за бегство и скоро во сите случаи мотивите се од социјален карактер, бегство од Албанија поради нивно лично незадоволство со нивниот животен стандард и односот према нив. Досега, како што реков, не е даден азил во Македонија, јас мислам таков азил, со една резерва ви кажувам, но со поголема сигурност, да не е даден на целокупната територија на Југославија. Собирниот центар е во Падинска Скела. Таму се обезбедени услови и се разговара, а се останува сè дотогаш дури не се удоволи на нивните барања во колку е тоа објективно можно да бидат испратени во некои од западните земји. Изричито бараат да емигрираат во западните земји.

Во врска со прашањето за осудуваноста и казнената евиденција, Републичкиот секретаријат за внатрешни работи, односно општинските секретаријати, задолжени се со кривичниот закон да водат евиденција за осудуваноста, користењето на ваквата евиденција е точно регулирана со Кривичниот закон и органот за внатрешни работи, може и мора да даде само во колку се исполнат условите. Еден од условите е ако за тоа изричито побара државен орган или друг орган којшто е во Кривичниот закон набележан. Према тоа, нити можеме, нити смееме да дадеме податоци на органи и личности кои не се предвидени во Кривичниот закон како можни баратели за ваквите податоци.

Во врска со имунитетот, на колегата Маневски тоа е негов домен и ако дозволи јас би дозволил. Имунитетот на пратениците предвиден према тоа не може да стане збор за некое подруго толкување освен што е дадено во Законот. Личната заштита не е обезбедена така да органите на внатрешни работи не вршат лично обезбедување на делегатите, освен на носителите на најодговорните функции коишто во Одлуката на Извршниот совет се точно како функција набележани. За нанесените штети на некој од делегатите за нивниот однос према нив, претење, заканување, исти третман имаат како и сите граѓани во Социјалистичка Република Македонија со пријавување на органите за внатрешни работи, а органите преземаат мерки тоа да го откријат и да му дадат нормален процедурален ток.

**МИХАЈЛО МАНЕВСКИ:**

Господинот Голубовски постави едно мошне значајно прашање за самостојноста и независноста на судството. Со амандманот 71 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, извршени се измени на одредбите на Уставот што се однесуваат на судството и јавното обвинителство.

Тие измени беа мотивирани заправо од потребата да се обезбеди поголема самостојност и независност во работата на правосудните органи, меѓутоа не значи тоа дека само со тие измени во Уставот ќе.се обезбеди да имаме самостојно и независно судство. Тие уставни одредби треба да бидат операционализирани во соодветните материјални закони од областа на правосудството како што се: Законот за редовните судови, Законот за јавните обвинителства, Законот за јавните правобранителства, Законот за сторителите на прекршоци.

Сакам да ве информирам дека веќе во Собранието се наоѓаат измените и дополнувањата на Законот за редовните судови и Законот за јавните обвинителства и Законот за судовите за прекршоци, со кои измени се обезбедуваат најсуштествените измени од уставните амандмани да бидат вградени во соодветните закони. Исто така, ве информирам дека Министерството за правосудство и управа веќе подготвува конкретни текстови на Законот за редовните судови, на Законот за јавните обвинителства, Законот за судовите за прекршоци со кои понатаму ќе се обезбедуваат елементите што ќе значат самостојност и независност во судството.

Согласно Законот за органите на управата во судовите, во јавните обвинителства не можат да се образуваат, ниту да работат, било какви политички организации, партии или странки. Во наредните измени на Законот се поставува и уште едно прашање кое веќе е во разработка - дали судиите и јавните обвинители можат да бидат припадници на било која странка додека ја вршат истата функција, дали тоа не се коси со нивната професионална обврска да судат само врз основа на Уставот и законите како што гласат уставните амандмани.

Сигурно тука, покрај законските, се одредени кадровски и други решенија, за кои прашањата за кои се однесуваат за финансирањето на судовите вие знаете дека одредени локални влијанија кои беа во работа на правосудните органи со измени на уставните амандмани се обезбедува изборот на судиите да се врши ова Собрание, да се врши финансирањето од буџетот на Републиката и други работи коишто се однесуваат на обезбедувањето на самостојното и независно судство.

Ако пратеникот бара, писмен одговор ќе доставиме на наредната седница.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Бидејќи СОК бара ретроактивна пресметка на сите придонеси од личниот доход, ако претпријатието во одреден број на месеци во годината исплатило загарантиран личен доход, моето прашање заради тоа е следното: дали член 18 од Законот за даноци на граѓаните „Службен весник на СРМ“ од 12.1987 година се однесува и за придонеси од личниот доход и дали тоа не е во спротивност со член 34 од Законот за работни односи „Службен весник на СРМ“ од 20.1990 година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали ќе одговорите сега или писмено ќе одговорите?
(писмено)

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Бидејќи нашата партија, ВМРО-ДПМНЕ, ќе постави прашање, ќе постави точка на дневен ред за компетенцијата на претседателот на Републиката во врска со Владата, тоа нема да го кажам сега. Поставувам неколку прашања од мое лично име од некои информации што ги имам добиено како пратеник.

Првото прашање што го поставувам е следново: бројот на функционерите и раководните работници на кои им завршил мандатот во ова Собрание, колку се нивните лични доходи и колку денеска користат. Према сознанието имаат стекнато доста висок личен доход и продолжуваат да го примаат од овој дом, а истото ќе важи со некоја одлука донесена за оние кои веќе треба да одат во пензија. Тоа е првото прашаше.

Второто прашање, јас лично барам од Собранието да ми се даде одговор, ако може сега, или по писмен пат, колку функционери на кои веќе им престанала после изборите функцијата во некои собранија или во градските собранија се доследни на функција во Републичкото собрание и во други установи. Сите промени кои се извршени, ми се чини, дека се незаконски, а со тоа и неодговараат на одлуките кои ги донеле само некои луѓе.

Третото прашање што го поставувам пред овој собир е према соопштението на Собранието, односно Извршниот совет на СРМ од 21 февруари, дека Извршниот совет на Републиката донел план за работа од 1991 година, а посебно план за работа за 1995 година. Ве молам, господа пратеници, дали тој Извршен совет е компетентен да носи план за развој на нашата Република до 1995 година кога се знае дека овој Извршен совет веќе делува како кризен Извршен совет, не по наша вина.

Ми се чини дека новата влада која ќе биде составена од овој парламент, ќе го има тоа право да донесе такви одлуки за иднината на Македонија. Тие проблеми се многу акутни, затоа што се донесени едноумно, без консултации со партиите кои присуствуваат во овој парламент. Ќе го молам Извршниот совет, бидејќи ги гледам сите господа тука, да ми одговорат на тие две прашања.

И уште едно прашање, тоа е малку пошироко напишано, го читав во Законот и актите донесени сега брзо со амандманите 45 и 46 и 69 на Уставот на СРМ се определува поинаков статус на општината и градската заедница. Односно, и покрај тоа со овие амандмани се утврдуваат изворни оригинерни надлежности на општината и градската заедница, одземањето на статусот на општествено-политичката заедница битно влијае на нивната положба, надлежностите и одговорностите, во смисла на обезвреднување на нивната улога и значење.

Ова, дотолку повеќе што не постои уставно разработен концепт на локална самоуправа, сфатена како право и оспособеност на локалната власт во рамките на Законот да регулира и раководи со одредени делови на јавните работи, врз основа на сопствената одговорност и во интерес на локалното население, а во смисла на европската повелба на локалната самоуправа.

Со оглед на положбата, надлежностите и одговорностите, односно улогата и значењето на општината и градската заедница, се оди со уште поголем чекор назад со одлуката на начинот на преземањето на работите од општинските органи на управата донесена од Републичкиот извршен совет.

Со ова опремата, инвентарот и другите работи, архивата и документацијата на општинските органи на управата и на градот Скопје, ги презема републичките органи на управата. Со оваа одлука пропратена со насоките и телекси за нејзино спроведување се навлегува дури и во оригинерните надлежности на општините и градската заедница утврдени со амандманот 45 и 69.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одите на прашањето ве молам;

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Сето тоа не наведува дека Извршниот совет на СРМ, избрал со донесувањето на оваа одлука, а за нејзината реализација преку насоките, телексите и друго ги пречекорил овластувањата, извршил упат во надлежностите на општината и градската заедница и создал конфузија во нивното функционирање. Имајќи го во предвид изнесеното, заради тоа предлагам Собранието да го задолжи Извршниот совет, во рок определен со Деловникот, да изготви информација која ќе обезбеди темелна расправа за споменатите прашања и проблеми, за уставноста и законитоста на одлуката и за евентуално нејзино поништување. Ми се чини дека не треба тоа многу да го читам, господата од Извршниот совет добро ги знаат овие амандмани и молам да ми се одговори тука или по писмен пат.

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

Во однос на бројот на функционерите на кои им престанала функцијата и кои го користат правото согласно Законот, за функционерите што ги именувало Собранието, а се работи само за тие лица што можат да го користат тоа право, надлежно е да се грижи и со податоци располага Комисијата за избор и именување на Собранието. Јас би ве молел ова прашање да биде упатено кон ова работно тело.

Во однос на тоа дали Извршниот совет, постапувајќи согласно член 16 од амандманот, презел одредени лица кои вршеле работи на државни функции во одредени општествено-политички организации и кои се тие лица и кој број, Извршниот совет ќе одговори писмено на наредната седница. Инаку, глобално, можам да речам, не се преземени други лица, освен одредени кадровски пополнувања, но за тоа, за делот на кадровската политика на Извршниот совет и на Амандманот 16, ќе одговориме во писмена форма.

Второ, Извршниот совет не донел план, Извршниот совет утврди предлог-план за работа, тргнувајќи од две причини: прво, мандатот на Извршниот совет продолжува евидентно без негова вина, обврзан е по Уставот како орган надлежен и одговорен за состојбите во Републиката, додека не се избере нова влада, да се спроведува Уставот на Македонија и сите други закони. Според Уставот и законите на Македонија, Извршниот совет има обврска во одредени рокови да го прилагоди правниот систем на најновите уставни промени, едно, второ, должен е да ја следи состојбата во Републиката и да предлага мерки и активности.

Извршниот совет се најде во еден расчекор со неговата уставна позиција и состојбите и животот во Републиката. Ние не можеме како ватрогасци да реагираме на одредени состојби во Републиката, затоа ако не се пристапи плански кон спроведувањето на овие активности и подготовки, можат да настанат крајно неповолни состојби во стопанството, во општествените дејности и во вкупниот економски и политички живот и да ја доведе во прашање безбедноста на Републиката.

Според тоа, Извршниот совет предложи план кој го достави до Собранието, Собранието да го утврди планот за работа, затоа евидентно и ова собрание мора да му ставиме до знаење кои се тие активности во определени рокови кои мора да бидат остварени во наредниот период. Колку што набрзина го прочитав и предлогот на заклучувањето по повод точката за состојбите во стопанството, евидентно го обврзуваат Извршниот совет на голем број мерки и активности.

Според тоа, не се работи за план на Извршниот совет, туку се работи за план кој смета дека Извршниот совет треба да бидат предмет на работа на Собранието, а се поврзани со подготовките и активностите на републичките органи на управата и на Извршниот совет. Планот ќе биде веројатно разгледан на работните тела и на една од наредните седници и во рамките на тоа што во ова собрание смета дека е приоритетно, Извршниот совет ќе постапи според заклучувањето на Собранието.

Второ, Извршниот совет не донел план за развој на Републиката, ниту може да го донесе планот за развојот на Републиката, туку го донесува ова Собрание, Извршниот совет ги врши подготовките за донесувањето на планот, кои претпоставуваат сериозна научна и стручна претходна претпоставка, а за планот во сите фази, тој се донесува во три фази, ќе одлучува на овој парламент.

Следно, во однос на пречекорувањата, односно вршењето на функциите на Извршниот совет. И овој пат ова прашање предизвика и човечко реагирање на членовите на Извршниот совет. Во Извршниот совет големиот број се професионалци, со свои работни функции, задачи и професии. Според програмата која требаше да се оствари во Собранието, евидентно ние требаше да бидеме на своите работни места, меѓутоа, вкупните околности на изборните резултати во Парламентот и состојбите го продолжија мандатот на членовите на Извршниот совет.

Според тоа, ние својата функција ја вршиме пред се, од уставната обврска што ја имаме, второ, од нашата патриотска обврска и трето, од нашата професионална обврска. Нашите надлежности можат во секое време да бидат преиспитани од овој парламент во поглед на тоа што предлагаме, како работиме и што извршуваме. Меѓутоа, постојано да се доведува во прашање мандатот на нашата легитимност, верувајте внесува тотална дезорганизација и дестимулација и кај органите на управата и кај членовите на Извршниот совет. Извршниот совет брои сега 17 членови. Зад него стои армија од управа од 1300 лица која ги подготвува сите стручни акти и закони.

Според тоа, се завршува во овој парламент. Овој парламент е тој што ќе ги донесе, прифати, измени, дополни или одбие предлозите на Извршниот совет. Јас би ве молел да се има респект кон членовите на Извршниот совет. Ако има забелешка на одреден поединец во неговото однесување, во неговото постапување, спротивно од политиката што ја утврдил овој парламент, спремни сме и како поединци; и како колегијален орган да ги сносиме консеквенциите.

И последното прашање во однос на пречекорувањето. Прашањето евидентно е поставено без да се има предвид Уставниот закон за спроведување на амандманите на СРМ. Во уставниот закон за спроведување на амандманот 69 утврдено е која е правната положба на досегашната положба, кој е правниот и уставниот сојуз на досегашните одлуки на актите на Собранието и кој е правниот статус и уставниот статус на органите на управата во општината. Бидејќи со амандманот општината се укинува како општествено-политички заедница, која беше заедница во која се оствaруваше и власт и самоуправување, бидејќи имаше и органи на власт и на самоуправување и станува локална самоуправна заедница, нужно беше во уставниот амандман, во уставниот закон да се утврдат преодни одредби за преминот од еден во друг режим. Причините се неколку.

Прво, со изборот на овој парламент целокупната законодавна функција и дејност и власт, преминува во вршењето на овој парламент. Нема друг субјект во Републиката кој врши функција на власта, освен она што овој парламент ќе му довери. Според тоа, општината има таксативно наброени функции кои ги врши, но не како орган на власта.

Второ, општината нема органи на државната управа. Македонската држава е интегрална држава и ја врши власта на целата територија на Македонија. Заради тоа, додека се промовира новиот модел на локалната заедница со амандманот е пропишано дека сите постојни органи, општински поранешни органи на управата продолжуваат да работат како републички органи на управата, ви цитирам член од Уставниот закон. Второ, сите прописи на општината се применуваат и понатаму како републички прописи. Според тоа, сосема логично е ако органите на управата продолжуваат да функционираат како републички органи, а општинските прописи да се применуваат како републички прописи, природно беше и нормално функциите да ги преземат надлежните републички органи.

Според тоа, не е извршен упат во општинскиот механизам, бидејќи таков повеќе не постои. Нема правна подлога за општината како општествено-политичка заедница која врши власт, а тоа кој функции ќе ги добие Комуната освен оние 7 што се на општ начин утврдени ќе се утврдат со законодавството на Македонија и со законот на локалната самоуправа кој се подготвува, изработени се три верзии, обавена е работна консултација на општините, сега во фаза е расправа со стручни лица експерти во оваа област и ние очекуваме дека за една недела ќе го упатиме на Собранието и ќе му предложиме во редовна постапка, тоа значи во сите три фази кој закон да биде претходно разгледан од Парламентот, евентуално вратен, доработен, ставен на јавна расправа и дури врз основа на тоа Парламентот да го изгради тој концепт. Изградбата на концептот на локалната самоуправа бара извесно време, бара голем број активности за преминот од 1 систем во друг систем.

И на крајот, би завршил, да ве потсетам, со уставните амандмани извршивме битна промена на карактерот на општествено-економското и политичкото уредување на Републиката, воведувајќи парламентарен систем и ве молам да се имаат предвид овие укажувања.

Инаку, за сè ова што зборував за општината да одговориме и писмено. Ако некој орган смета дека Извршниот совет ги пречекорил овластувањата или донел акт кој е спротивен на Уставот, може да се поведе постапка пред Уставниот суд или согласно Уставот, Собранието да отвори по тоа прашање процедура на измена, односно поништување на тој акт.

(Некој од пратениците бараше реплика)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема реплика, туку само тој само што поставил прашање може да каже дали бара или не бара реплика. Сега не отвораме расправа по тоа, прашањето има одговор, пратеникот што го постави прашањето нема реплика, туку друг, тоа не може, тоа не е расправа, кога ќе отвориме расправа тогаш.

**СЕФЕДИН ХАРУНИ (ПДП):**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Имам едно кусо прашање и еден кус предлог, а е во интерес на сите нас овде.

Наш интерес е да развиваме демократско општество, способно општество, кое ќе ги уредува внатрешните односи по мирен пат, развивајќи секаков вид толеранција - верска, национална, политичка, бидејќи живееме во овие балкански простори каде се испреплетени мултинационални интереси, а што е најважно, секо] сака да ја зачува својата самобитност, својата вера, својата нација, својата историја и традиција.

Тогаш се прашуваме во чиј интерес одат одредени ТВ емисии и написи во „Нова Македонија“ кои разгоруваат страсти и меѓунационална нетрпеливост. Убеден сум дека најмалку во интерес и одат на Македонија, како суверена и модерна заедница, затоа предлагам на една од наредните седници на Парламентот, да ја стави на дневен ред уредувачката политика, еднаш средствата за јавно информирање да се ослободат од било какво партиско влијание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали имате прашање до владата?

**СЕФЕДИН ХАРУНИ (ПДП):**

Во чиј интерес се одредени ТВ емисии и написи во „Нова Македонија“?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие нема што да поставувате прашање на Парламентот, по прашањата кои ќе бидат на дневен ред ќе си земете збор и ќе кажете или ќе предложите некое прашање да влезе како посебна точка. Прашањата се упатуваат на Извршниот совет и на некое тело овде, како на пример Комисијата за изборите и именувањата.

Но, во ред, овојпат нека биде така, (општо негодување во салата), немојте Ве молам, сега нека биде така, а другпат по повод дневниот ред можете да предложите.

Има многу пратенички прашања, па Ве молам да бидеме попрецизни во прашањата, така ќе ја олесниме работата на Собранието.

**СЛАВЕ НАУМОВСКИ (МДПС-СРСМ):**

Почитуван претседател, почитувани пратеници.

Сојузот на реформските сили, од пред петнаесетина дена, најави една иницијатива до Собранието, а по повод годишниот извештај на американскиот Стејт Департмент. По тој повод, барам да се договориме да најдеме една пригодна форма на обраќање во вид на посебна изјава, со која ќе се обрати македонскиот парламент до американскиот Стејт Департмент, заради тоа што по 50 години, за првпат се отвора прашањето со кое се признава постоењето на дел од македонскиот народ, односно во извештајот се покренува прашањето за дел од македонскиот народ како национално малцинство во Грција, исто така и на труското малцинство.

Прашањето ми е каква е состојбата со правата на исламизираните Македонци во границите на СР Србија, односно на територијата на северозападниот дел од Шар Планина.

Трето, би сакал Собранието на СРМ да ја поддржи иницијативата на движењето Мир во земјата - Мир во светот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, има само едно прашање, а другите се многу важни работи, но не се прашања.

Прашањето е упатено до Извршниот совет, а ќе одговори другарот Тито Беличанец.

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

Во поглед на иницијативата, како што рековте господин претседателе, Извршниот совет упати Информација и јас верувам дека на наредната седница ќе биде на дневен ред на Собранието, па по повод расправата на информацијата, Собранието нека се определи за заклучување, односно постапување.

Во поглед на грижата на СРМ за Македонците во Југославија, според сојузниот устав, граѓаните на СФРЈ ги уживаат истите права без разлика на која територијата живеат. Не се работи за положба на статус на малцинства или на друг меѓународно-правен статус: на делови од македонскиот народ или како поединци што живеат во другите републики. Друго е прашањето колку другите републики ги исполнуваат одредбите на сојузниот устав и ги остваруваат правата на образование и другите права на изразување на националниот идентитет.

СРМ во изминатиот период на неколку наврати го покренуваше прашањето во разговорите со српското раководство за не остварувањето на сите права на Македонците, кои како граѓани ги имаат во СР Србија, особено во поглед на образованието и други права во поглед на изразувањето на националниот идентитет.

Покренато е прашањето и за Македонците во Жупа и за другите Македонци во Шарпланинските села, но покренати се прашањата за преку 50 илјади Македонци кои живеат во Белград и околината и можноста за остварување на нивните права на образованието.

Во оваа смисла, Извршниот совет може и писмено да ја прикаже како одговор состојбата во поглед на остварувањето на правата на Македонците кои живеат и работат во другите делови на Југославија.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ (СКМ-ПДП):**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Во досегашното водење на аграрната политика, мислам дека сме сведоци на една депресија во однос на развојот на аграрот во Македонија, меѓутоа како да по инерција продолжуваат некои работи во еден неконтролиран и непландски увоз на земјоделски производи, сè уште мислам дека постојат моменти за кои со право можеме да кажеме дека постои едно недоразбирање во водење на една заштитена политика на земјоделците. Од тој аспект, се поставува едно прашање до кога Извршниот совет ќе продолжи со оваа политика, сакам тоа прашање да биде како одговор добро разработено во однос на водењето на оваа политика, затоа што сметам дека развојот на аграрот во натамошните услови на развој на Републиката претставуваат едно од егзистенцијални те прашања.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Пратеникот Андоновски бара да му се одговори писмено понатаму, а не сега.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ (ПДП):**

Имам конкретно прашање, со оглед на тоа дека Македонија претендира да биде демократска држава со повеќепартиски систем каде ќе бидат почитувани и гарантирани сите човекови права, вклучувајќи ги и политичките. Поставувам прашање зошто и ден денеска не се ослободени лицата кои беа лишени од слобода заради нивните поинакви политички убедувања. Вакви случаеви има доста и ако има потреба, јас конкретно ќе доставам аргументи.

На крајот, господинот Голубовски нека ми дозволи да му се обратам со неколку збора.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте сега, само поставете прашање. Не можете да се обраќате на пратеник.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ (ПДП):**

Веќе еднаш престанете со прашањата кои со ништо не придонесуваат на заедништвото и предизвикуваат меѓунационална нетрпеливост и антиалбанско расположение.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам почитувајте го претседателот, само тој дава збор. (општо негодување во салата)

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ (ПДП):**

Зошто и со какви цели ги прави овие политички паради.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, можете да се согласувате или несогласувате меѓу себе, а тоа ќе го искажете во расправата која би се водела и која се води по некоја точка од дневниот ред, инаку нема смисла по прашање кое го поставува еден, а да дојде друг и да зборува по тоа прашање. Нема расправа. Додека нема расправа не може тоа. Да ги почитувате компетенциите на претседателот на Собранието.

**МИХАЈЛО МАНЕВСКИ:**

Пратеникот Оломан Сулејмани постави прашање зошто и ден денеска не се ослободени лицата за нивното политичко убедување Јас сакам да ве информирам дека во СРМ нема осудени лица кои издржуваат казна за вербален деликт. Во СРМ важи кривичниот закон, а се применува и кривичниот закон на СФРЈ за кривичните дела кои се однесуваат против основите на системот и безбедноста на земјата. Дали некој мисли дека треба да бидат и по кој закон ослободени од издржувањето на казната осудените лица, а тоа се некаде околу 16 до 18 во казнено-поправниот дом „Идризово“ во СРМ и тоа најголем дел се лица кои се осудени од воениот суд лица по потекло од САП Косово. Тие се осудени не за вербален деликт, туку заради тоа што во касарната во Битола се обиделе да стават варикина во чајот и на тој начин да предизвикаат одредени штети. Не се работи за кривични дела за кои не се сторени насилија, ни едно општество, ниту сега, ниту во иднина, не ќе може, а да не се брани против насилните дела кои одат кон тоа да се руши системот на власта или да се вршат кривични дела со кои ќе се поткопува системот на самоуправувањето и власта. (аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали пратеникот што го постави прашањето е задоволен од одговорот или бара збор?

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ќе го повторам прашањето уште еднаш затоа што бев погрешно сфатен. Зошто и ден денеска не се ослободени лицата кои беа лишени од слобода заради нивните поинакви политички однесувања, а не реков за вербален деликт, туку за лица кои од едноумниот систем беа таму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи очигледно доаѓа до недоразбирање меѓу оној кој го поставува прашањето и оној кој одговара, нека се постави даде писмен одговор.

Дали може така?

**НЕИМ СЕЛМАНИ (ПДП):**

Имам неколку прашања.

Првото прашање е до Извршниот совет. Пред извесно време, Извршниот совет донесе заклучок со кој практично го сопре конституирањето на двете собранија во Гостивар и Тетово. Во точката 4 стои дека тоа ќе се конституира откако меѓупартиските договори ќе постигнат согласност заради согласување. И покрај тоа што ПДП направи 4 обиди за да се усогласат ставовите тие не одат, но и покрај тоа еве во печатот стои дека не сакат да учествуваат во собранието. На кој начин мисли Извршниот совет понатаму да ги конституира двете собранија, односно зборувам за Гостивар.

Второто прашање, би го запрашал другарот Голубовски, бидејќи рече од Гостивар имало пратеници...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не можете да прашате пратеник.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Го поставувам прашањето на Вас претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не можете на мене, туку на Извршниот совет.

Ве молам дајте да работиме по деловник, инаку не бива.

**НЕИМ СЕЛАМНИ:**

Другарот Голубовски меѓу другото рече дека имал пратеници во Гостивар кои потпаднале во судир со државата. Тогаш дали е можно да ги каже имињата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Првин не сте го слушнале господинот Голубовски тој рече до името на граѓаните од Гостивар, а не за пратениците од Гостивар.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Второто прашање е информацијата за повлекување на одредот на милицијата од Косово. Во принцип не се согласувам со донесувањето на ваквата одлука, оти за тоа требаше да расправа и овој парламент зошто се повлекува, кој ги однесе таму, колку чини тоа, кој ги плаќа тие милиционери и на 4 страница од Информацијата стои, а и во печатот прочитав дека Извршниот совет меѓу другите причини што ја повлекува милицијата од Косово, било дека е влошена состојбата во Македонија. Прашањето ми е во тоа каде мисли да ја однесе милицијата откако ќе биде вратена од Косово. Прашањето ми е во тоа  откако ќе ја повлече од Косово во кој дел од Македонија мисли да ја однесе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На поставеното прашање ќе одговори господинот Јован Трпеновски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во врска со поставеното прашање ќе одговори Јован Трпеновски.

**ЈОВАН ТРПЕНОВСКИ:**

Во врска со повлекувањето на Одредот од Косово е изготвена информација и доставена до Собранието. Мислам дека ќе се постапи така како што ќе одлучи овој Парламент и ќе се почитува процедурата во која што е донесена одлуката за испраќање на Одредот во Косово и онаа одлука која ќе не обврзе нас како Републички секретаријат да го повлечеме Одредот. Меѓутоа, станува збор каде би се употребил одредот.

Мислам дека навистина малку несериозна е оваа работа. Ќе биде употребена милицијата за исполнување на редовни задачи таму каде што ќе има потреба, а сигурно нема да биде стационирана во некој дел за којшто се смета дека безбедносната состојба е нарушена. Овој одред претставува збир од работници од милицијата коишто се ангажирани од различните градови од Македонија, толку колку што има потреба да бидат ангажирани во просек. Според тоа, нивното повлекување значи враќање во нивните базични единици и извршување на редовни задачи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали сте задоволен од одговорот?

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Како мисли да се конституираат собранијата таму?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, тој за тоа не одговара, за тоа ќе одговори господин Маневски. Чекајте да се договориме, има повеќе прашања.

**МИХАЈЛО МАНЕВСКИ:**

Да ве потсетам дека на минатата седница ова Собрание ја усвои Информацијата во врска со конституирањето на собранијата на општините и посебно состојбите во врска со конституирањето на собранијата во општините Гостивар, Тетово и во други места. Собранието ги усвои заклучоците и согласно усвоените заклучоци на Собранието, така и треба да се постапи, Извршниот совет не го стопирал конституирањето на Собранието на општините, на ниедно собрание, па според ни на Собранието на Гостивар и Тетово.

Мислам дека веќе кога станува збор околу тоа, согласно заклучоците што ги усвои ова Собрание треба да се најдат разбирања за состојбите коишто се настанати да се постапи така како што е наведено во точка 4 од тие заклучоци, заради обезбедување на унапредување, а не на заладување на меѓунационалните односи, заради обезбедување на конституирање на системот на локалната самоуправа во тие собранија да помогнат и партиите кои се повикани во меѓусебното договарање и консултирање околу тоа што е камен на спотнување, а тоа е најчесто кој ќе биде претседател на Собранието, кој ќе биде потпретседател или кој ќе биде секретар.

Мислам дека тие прашања се прашања кои треба да се надминат со една меѓусебна толеранција, со едно меѓусебно договарање, со разбирање кое што треба да ги обезбеди целите за кои што сите се залагаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали сте задоволни од одговорот?

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Не сум задоволен, заради тоа што во точката 4 на заклучокот стои: „се обврзуваат сите партии благовремено да контактираат со другите партии за да ги усогласуваат ставовите, а потоа да ги конституираат“. Со тоа потполно се сложувам и покрај тоа што инсистиравме почесто да контактираме со другите партии, тие избегаваат од таквите контакти, а и во штампата стои дека ние немаме да учествуваме во конституирањето на Собранието. Дали можеме со ова слободно да го оставиме, бидејќи и така на 27 е закажана седницата да го конституираме на седницата. Бидејќи тие воопшто не сакаат да контактираат, но така изјавиле во штампата како можеме тоа, па ве молам дајте ни предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, тие разговори меѓу партиите, господинот пратеник сигурно знае дека не се завршени, во тек се и колку што знам е постигнат начелен договор во рок од една недела да се завршат и овие задачи, а и господинот пратеник учествуваше во тие договори, нему тоа му е познато во врска со конституирањето на двете останати собранија.

Според тоа, тоа прашање ги певазидува надлежностите на Извршниот совет и произлегува тоа што одговор може да се даде само од партијата, а ако веќе тоа омане, се знае после ќе се постави на расправа и овде.

**ФАИК АБДИ:**

Почитувани дами и господо, јас имам три кратки и куси прашања до Извршниот совет, со мало образложение. Обично, на влегувањето и излегувањето од градовите, граѓаните градат диви градби или пак постојат стари супстандардни живеалишта.

Исто така, ги има и во поширокото градско подрачје, па и во центарот на градовите. Ова го има во Скопје во центарот, потоа во скопските населби, како што се Гази Баба, Маџир Маало, Топаана итн. Понатаму, во Средорек - Куманово, Баирот во Битола, Тригла во Прилеп.

Го молам Извршниот совет да подготви една информација за супстандардните живеалишта во СРМ и да предложи начин на решавање на живеењето на овој начин.

Второ,  го молам Извршниот совет да подготви информација во вид на прашање, односно во вид на одговор за супстандардните живеалишта во СРМ и начинот на нивното решавање.

Веќе одамна беснее економската криза во нашата Република која најповеќе ги погоди работниците со помали лични доходи, а уште повеќе невработените. Познато е и дека претпријатијата отпуштаат работници на принуден одмор наизменично 1 месец, 2, 3 со плаќање до 70% од месечниот чист личен доход.

Прашање е колку општините во СР Македонија и градот Скопје издвојуваат односно исплатуваат средства по основ на постојана социјална парична помош како еднократна парична помош и дали овој месечен износ е задоволителен за минимум за потребите за егзистенција.

Трето, одделни стопански субјекти остваруваат извоз на свои производи на конвертибилниот пазар, како и на источниот, се разбира, со конвертибилен начин на плаќање.

Прашање е дали има таков извоз, дали има такви производи што се извезуваат, односно извоз што се остварува со пониска продајна цена од цената на домашниот пазар, па други и испод цената на чинењето и кои се тие производи и фирми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали претставникот на Извршниот совет ќе одговори на ова прашање?

Претставниците од Извршниот совет ме информираа дека ќе дадат писмен одговор на ова прашање.

**ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ:**

Почитувани пратеници би имал еден предлог

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не предлог, ве молам дали имате прашање. Кога ќе расправаме за дневниот ред, тогаш ќе има предлози.

**ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ:**

Господине претседателе, господа пратеници, на четвртата седница од нашиот парламент имав неколку прашања поставени, меѓутоа, тие прашања изгледа се избегнуваат во однос на решавањето на проблемите коишто беа со нашите проблеми коишто се јавуваа измеѓу Кичево и Прилеп. Ние сега имаме добиено и писмо од прилепските деца, меѓутоа, ако би одело во решавањето на проблемите онака како што требаше да оди, во тој случај верувам дека овие прашања коишто ги имав поставено и коишто сега пак ќе ги поставам, инсистирам да ми се одговори на тие прашања како би знаела јавноста за тие прашања.

Првото прашање беше од каде и колку средства се обезбедени за застојот од 17 дена на термоелектраната.

Второ, од каде и колку средства се обезбедени за Јарослав Черни од Белград и во што ја подобри проблематиката околу решавањето на водата.

Трето, од каде и колку средства се потрошени и обезбедени за престојот на милицијата за чување на тој фамозен вентил.

Четврто, од каде и колку средства се потрошени за санација на куќата од командирот на милицијата.

Сега имам и едно друго прашање кое што не беше поставено на минатата седница,туку сега го поставувам.

Зошто е формирано јавно претпријатие за водоводот Студенчица и Злетовица кога се знае дека двата региона немаат ништо заедничко, бидејќи едниот е исклучиво за пиење вода, а другиот е за наводнување, а сè уште не е изграден, а се наоѓаат на два различита региона.

Ако веќе е формирано претпријатие, зошто не се земени предвид сите регионални водоводи од цела Македонија, како што е формирано јавното претпријатие од другите дејности, на пример Електростопанство, ПТТ сообраќај и други.

Исто така, кога веќе нема направено претходно општествено-економски елаборат за формирање на тоа претпријатие и колкава е оправданоста од истото. Ако веќе се формираше вакво претпријатие, зошто не е формирано со седиште во постојните јавни претпријатија, било да е тоа во Кичево, Македонски Брод, Крушево или Прилеп.

Второ прашање е кое претпријатие вршело и врши амортизација за досегашното користење на овој водовод и ако има такво претпријатие, колкави се средствата обезбедени од истото.

Трето прашање, зошто не се побрза со решавањето на хидробиолошкиот минимум за селото Горно и Долно Добреноец, кога се рече при затворањето на вентилот дека во рок од 10 дена ќе се реши проблемот и кога се знае веќе дека, а и е донесена времена одлука од страна на Собранието на Кичево, вентилот да биде затворен до 31 мај оваа година. После тој ден, одлуката не важи. Барам овие прашања да ми се одговорат писмено, како би го известил населението во Кичево.

Исто така, имам една информација, дадена од страна на населението во Добреноец, којашто информација барам да биде и множена и дадена на наредната седница на овој Парламент и одговорено на оние прашања кои што се поставени во таа информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Испратете ја до претседателот, таа ќе биде умножена, тоа не се бара од Парламентот, тоа е моја надлежност, затоа информациите оставете ги, а прашањата поставете ги.

Молам, само една напомена, ми даваат сигнал претставниците од Извршниот совет дека го прифаќаат предлогот писмено да одговорат. Инаку дел од прашањата за кои кажа пратеникот Вецко дека не добил одговор, беа не како пратенички прашања поставени, туку во расправата по дневниот ред што имаше како посебна точка.

**ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ:**

Точно е тоа во моето излагање, така беше, меѓутоа јас кажав и инсистирав да ми се одговори на тие прашања, а на тие прашања не се одговори.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, помеѓу оваа и претходната седница, јас како избран пратеник од изборната единица 46 во Куманово, во која единица има 39 изборни места, со вкупно 11.300 бирачи, во најголем дел од нив одржав состанок по моја иницијатива, но и по иницијативата на бирачите.

На овие состаноци беа актуализирани низа прашања сврзани за работата на Парламентот и прашања кои беа од интерес за таа средина и ме задолжија да поставам едно од низата на тие прашања. Во целина од работата на Парламентот се задоволни и му даваат целосна поддршка во понатамошното негово работење. Меѓу поставените прашања, му дадоа предност на следното: во текот на 1990 година, односно на 19 јануари 1990 година, е донесен од Сојузниот собор, Законот за задругите, а кој е поместен во „Службен лист“ број 3, од 19 јануари 1990 година.

Бирачите прашуваат, дали во собраниската процедура на СРМ ќе се донесе законот за задругите на македонско ниво и како ќе се регулира прашањето во врска со повратувањето на имоти и деловни згради на оние земјоделски задруги на кои во одредено време им бил одземен од разно-разни причини.

Инаку, за ова прашање морам да кажам дека постои голем интерес, не само во оваа изборна единица, туку на целата територија на општина Куманово, посебно во селските населени места.

Второто прашање е, дали од страна на Извршниот совет се подготвува социјална програма за заштита на социјално загрозеното население во 1991 година и кога се планира истата да биде поставена на дневен ред на овој парламент. Образложение за потребата од нејзиното донесување нека биде повик на Синдикатот на СРМ и Стопанската комора.

**ЈАНКО ОБОЧКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, јас се задржав само на вториот дел од прашањето, програмата за социјално-заштитни права е подготвена и во текот на неделата ќе биде на седница на Извршниот совет. Потоа ќе биде доставена до Собранието.

**БОГДАН ТОДОРОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, Законот за задругите трпи измени и тој е во собраниска процедура на Сојузното собрание. Донесениот закон кој беше минатата година не се покажа во праксата како флексибилен и спроводлив и од тие причини се извршија одредени промени и верувам на една од наредните седници преку собраниската процедура ќе ви биде доставен овде на вас за да се изјасните за тие измени и дополнувања.

Што се однесува до другиот дел на прашањето за земјиштето, третман има земјиште на враќање кое е стекнато со работа во задруга. Тоа значи, ако земјиштето на задругата е стекнато со работа на задругарите, тогаш тоа се враќа. Ако земјиштето е општествено, тоа земјиште не се враќа.

Друго е прашање за земјиште кое е одземено со аграрната реформа, земјиште кое е одземено со конфискација поради неизвршување на откуп, такви појави во Македонија немаме или се толку ретки, а со аграрната реформа има. Според тоа, подробно ќе бидете запознати кога ќе дојде тука законот за задругите, кој е пратен до Сојузното собрание, а тој треба да дојде тука за изјаснување и за давање мислење.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Овој одговор барам да го добиеме во писмена форма.

Јас немам прашање, но бидејќи се заморивме од овие делегатски прашања, па некако да им најдеме во некој друг контекст, дали на крајот да бидат или нешто друго да најдеме. Веќе се заморивме, 2 часа господине претседателе, па мораме веќе да бараме пауза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Многу е правилно ова размислување и со Деловникот треба да ги ограничиме бројот на прашањата кои може да ги постави секој пратеник.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Јас имам веќе десет прашања, а се заморивме. Предлагам да ја прекинеме седницата и да бараме пауза.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ (ВМРО-ДПМНЕ):**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа, сакам да поставам две прашања.

Првото прашање сакам да го поставам до министерот за внатрешни работи Јован Трпеновски, во врска со следното:

Во време на вториот изборен круг во Скопје и други места во Републикава, беа поплавени со летоци пишувани на бугарски јазик со кои што се дискредитираше ВМРО-ДПМНЕ и македонскиот народ. Во врска со ова, ВМРО-ДПМНЕ се обрати до министерот за внатрешни работи Јован Трпеновски, но до сега не сме информирани за резултатите на истрагата.

Поради ова барам министерот за внатрешни работи Јован Трпеновски да информира за тоа под чија иницијатива се подготвени тие летоци, кој го организирал сето тоа, каде се печатени летоците и кои се растурачите? Ова е многу важно изворно да се информира овој Парламент и македонската јавност, бидејќи кружат гласови дека во сета оваа нечесна игра се вклучени челници на одделни партии.

Второ прашање, сакам да упатам прашање до ИС, критика, а воедно да предложам и заклучок.

Неодамна, ИС именуваше повеќе раководни работници во РСВР, помошници и советници. Вакви именувања имало и во другите органи на управата, меѓу кои и директорот на Заводот за судски вештачења.

Предлагам, сите овие именувања да се сторнираат, бидејќи ИС не е легитимен и не може да врши именувања после 8 јануари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прашањето што е, дали именувал и дали е овластен тоа да го прави, дали е легитимен?

Одговор на ова пратеничко прашање ќе даде потпретседателот на ИС, Тито Беличанец.

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

ИС е легитимен толку колку што таа легитимност ја овозможува Уставот, законите што важат во СРМ.

ИС е составен од членови на ИС и раководители на органите на управата. Собранието на СРМ ги избира посебно членовите на ИС, а посебно се бира раководител на орган на управата. Таков беше уставниот статус.

Според тоа, ИС е одговорен и за давање насоки и координирањето на републичките органи на управата.

Републичките органи на управата се составени од 3 категории работници: првата категорија се работници, втората категорија се работници одговорни во рамките на органот и третата категорија се раководни работници што ги именува ИС.

Системот на државната управа, раководните работници подлежат на реизбор на 4 години. Според тоа, ИС во случајов што се однесува до РСВР, согласно законот, по истекот на мандатот од 4 години на раководители на органите на управата врши реизбор, односно ако не е задоволен од нивната работа, им престанува мандатот.

Ако би го толкувале вака законот, во тој случај ние би имале во републичките органи на управата лица на кои според уставот и законот им истекнал мандатот, а тие лица, да ве потсетам, согласно уставот и законот, донесуваат решенија во управна постапка или на друг начин одлучуваат за остварување на правата на граѓаните на Македонија. Според тоа, би биле нелегални во работењето.

ИС, повторувам, не утврдил и многу внимава да не именува нови лица, особено во органите на државната управа. Во сите овие наведени случаи, во прашање е одлучување заради истекување на мандатот и реизбор.

Новата Влада има право да ја преиспита целокупната кадровска политика, па согласно нејзината определба да изврши и кадровски измени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали пратеникот Змејковски е задоволен од овој дел на одговорот? (Задоволен е)

На вториот дел од прашањето, односно на второто поставено прашање, ќе одговори републичкиот секретар за внатрешни работи, Јован Трпеновски.

**ЈОВАН ТРПЕНОВСКИ:**

За време на  предизборните активности, се користеа доста, покрај останатите, пропагандни материјали.

Точно е дека ВМРО-ДПМНЕ прва пријави до РСВР дека се растурани летоци со македонско-бугарска содржина, со што се оди кон дискредитирање на оваа политичка партија и губење одредени позиции за време на изборите.

Точно е и тоа дека ВМРО-ДПМНЕ уште со незавршени избори поднесе барање до РСВР да ги информираме до каде е со истражувањето во врска со откривање на извршителот. РСВР ги информира. Според тоа, не станува збор за некое дејствие кое е точно со закон или друг пропис врзано за рок, туку станува збор за една организираност на РСВР со користење на утврдените, со закон, допуштени средства и методи за откривање на извршителот.

Во праксата на органите за внатрешни работи може некое дејствие или настан да не биде откриено.
Според тоа, јас молам овој Парламент да не нѐ задолжува со рокови, а ние, исто така, имаме интерес да го откриеме извршителот и да ја известиме македонската јавност. Тоа ќе го сториме тогаш кога ќе го утврдиме извршителот.

Си земам слобода да кажам неколку збора во врска со именување раководни функционери. Сето тоа што го кажа потпретседателот Беличанец, е така. Доколку не дојдеше до именување, тогаш ќе се поставеше прашањето за функционирање на РСВР, бидејќи станува збор за раководни лица на доста чувствителни места, раководители без чие назначување не ќе може да функционира. Покрај другото, да се грижи за безбедноста на оваа Република. Станува збор за потврдени стручњаци каде што секогаш оценката за нивната работа била позитивна, а, како што рече Беличанец, оценката за нивниот квалитет нека ја направи наредната влада.

Само да напомнам, именувањето беше на 13-ти овој месец, на 12-ти овој месец им истекнуваше мандатот од 4 години. Нема никаква повреда на законот, туку наредниот ден кога им истекна мандатот е извршено именувањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Хисни Шакири

**ХИСНИ ШАКИРИ (ПДП):**

Почитуван претседателе и потпретседатели, дами и господа пратеници,

Како пратеник на ПДП од Куманово, пред овој Парламент сакам да ги поставам следните пратенички прашања:

Прво, од 1981 година до денеска колку патни исправи се привремено одземени од страна на СВР-Куманово и по која основа, на кои граѓани од националната структура?

Второ, колку од истите се вратени, по пријателски и други врски, а колку сè уште се чуваат во фиоките и по која основа истите не се враќани на имателите на патните исправи?

Трето, колку од имателите на патни исправи се обжалени на решението на СВР-Куманово за одземените патни исправи и што е одговорено на истите?

Барам одговор за наредната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено ќе се одговори на наредната седница.

Има збор пратеникот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ (ПДП):**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници

Имам две кратки прашања:

Првото прашање се однесува за една структура наставници што завршиле Педагошка академија - група македонски-албански јазик. Таа група постоеше активно се до 1985 година. Меѓутоа, наставниците од оваа студиска група беа отстранети од наставниот процес, па затоа го поставувам ова прашање:

- зошто дипломите добиени на регуларен начин се обезвреднувани;

- врз основа на каква стручна експертиза е донесена одлука за отстранување на наставниците од оваа струка, односно кои институции учествувале во донесувањето на таква одлука;

- колку изнесува вкупниот број на таквите наставници во СР Македонија;

- какви мерки преземал ИС на СРМ за разрешување на овој проблем.

Второто прашање се однесува за областа на применетата наука.

Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет работи со застарени сеизмолошки инструменти, што се во примена уште од катастрофалниот земјотрес во Скопје. Изработен е проект со кој се предвидува комплетна замена на сегашните инструменти со нови, како и инсталирање на телеметриската мрежа на сеизмолошки станици во СРМ. Овој проект е прифатен од страна на ИС на СРМ и средства се одобрени. Меѓутоа, тие средства сè уште не се префрлени на сметката на Природно-математичкиот факултет.

Затоа, го поставувам прашањето кога ќе се префрлат одобрените средства од страна на ИС на СРМ на сметка на Природно- математичкиот факултет затоа што се блокирани сите активности во врска со овој проблем.

Одговорот барам да ми се достави по писмен пат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, ќе одговорите писмено на поставеното прашање. Има збор пратеникот Јовчевски.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Можеби навистина е претерано или не е претерано со пратенички прашања, но навистина имам една забелешка што еве веќе 20 дена не сме повикани досега да расправаме во овој Парламент, не се работи за прашања, туку воопшто, бидејќи се накалемуваат проблемите на ниво на Македонија.

Меѓутоа, моите 2-3 прашања се кратки, а се однесуваат на прашања што сум ги поставил во минатиот состав на Собранието.

Имено, пред повеќе од 1 година, во минатиот состав на Собранието, во СЗТ го поставив следното прашање: дали има сојузни и републички функционери пензионери, кои користат средства од Републичкиот буџет или пак користат средства за заштита на нивниот интегритет или превозни средства, потоа лична заштита, итн.

Добив одговор дека нема такви сојузни и републички функционери кои користат средства од Републичкиот буџет. Меѓутоа, читајќи го денешниот весник „Нова Македонија“ за највисоката пензија на ниво на Македонија, сретнав дека Сојузниот, односно Републичкиот извршен совет издвојува за одредени функционери пензионери 5-7 илјади динари за надокнада на личната пензија.

Немав причина да не му верувам на ИС што ми достави одговор на поставеното прашање. Меѓутоа, исто така, сега немам причина да не му верувам и на јавното гласило „Нова Македонија“.

Прашувам, која е вистината, во смисла на моето прашање?

Исто така, имав поставено прашање, односно како второ прашање, расправавме за правописот на ниво на Македонија, за пишување на фирмите и сите натписи на фирми, училишта, итн. Донесовме заклучок, од 31 март 1990 година, на ниво на Македонија да се отстранат сите неправилно испишани фирми и било кои натписи. Меѓутоа, до 31 март не се постигна ништо.

Потоа, ми се чини во мај, повторно го поставив прашањето дали е нешто преземено со правописот. Навистина, жалам и кога завршувавме со делегатските прашања во минатиот состав не ми беше даден одговорот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што е прашањето?

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Прашањето ми е - дали има нешто преземено ИС, бидејќи во минатиот состав донесовме закон за регулирање на правописот на сите фирми на ниво на Македонија. Не добив одговор. Тоа е едно.

Понатаму, да не зборувам за причините на граничниот премин во Србија, ми се чини имаме некоја информација.

Јас, исто така, имав поставено едно друго прашање, но не добив никаков одговор, ниту позитивен, ниту негативен. Прашањето се однесува на тоа дали ИС има сознанија за историската граѓа на Македонија што е префрлена и ако е префрлена во БиХ, дали е тоа точно и што се случува со нејзината судбина. Навистина, мене не ми беше одговорено на прашањето и затоа наново го поставувам прашањето и молам да се достави во писмена форма.

Само толку би имал за сега. А, да се надоврзам, читајќи во весниците, да не ја злоупотребам говорницата, но барам навистина македонскиот парламент да донесе нова одлука со која ќе се распушти обезбедувањето на пензионери и негативни функционери на минатото едноумие, продолжувањето да се чуваат од претставници на милицијата...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не е прашање. Кога ќе биде расправа по тоа прашање...

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Да, но господине претседателе, токму во врска со тоа беше и моето прашање. Ако ме следевте, јас уште минатата година го поставив и ми беше одговорено. Но, не добив позитивен одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претставникот на ИС, Обочки, ќе даде одговор сега, иако одговорот беше побаран писмено. ИС смета дека може сега да даде одговор.

**ЈАНКО ОБОЧКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Пратеникот Јовчевски во минатиот мандат доби писмен одговор на прашањето што го постави. Тогаш беше констатирано, на иста ваква седница, дека е задоволен со одговорот на поставеното прашање. Меѓутоа, добро.

Второ, овој нелегитимен ИС, сега повторно одговара на прашањето:

Прво, дека нема функционери од било кој ранг кои имаат посебни пензии.

Второ, дека има одредени научни, стручни и други работници, кои со посебна одлука на ИС, имаат, односно на Собранието, имаат додаток на пензија што изнесува између 500 и 700 стари милиони динари. Според тоа, тоа е согласно на законот и прописите. Доколку тоа се измени, ќе се измени и постапката околу утврдувањето на овој статус.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На наредното поставено прашање од пратеникот Јовчевски, ќе одговори Јован Трпеновски, републички секретар за внатрешни работи.

**ЈОВАН ТРПЕНОВСКИ:**

За обезбедување на личности и објекти, ИС има донесено одлука. Во претходната Одлука беа точно набележани личности, носители на функции, но со новите парламентарни избори, нормално, се измени Одлуката и сега се обезбедуваат исклучиво само носители само на највисоките државни функции. Според тоа, никогаш не се обезбедувале, како што се рече, пензионерите ниту објекти. Сега, со новата одлука, се обезбедуваат само објектите на државните органи, Собранието и ИС, секретаријатите. А, од носителите на највисоките функции, тоа се претседателот на Собранието, на Републиката, ИС и членот на Претседателството на СФРЈ од СРМ. Друго обезбедување РСВР не врши.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Јовчевски сака да постави дополнително прашање.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Очигледно се работи или за недоразбирање или за заокружување на одговорот.

Јас прашав која е вистината, дали навистина се одвојуваат средства од 5 до 7 илјади динари од сојузниот буџет, нормално бидејќи ИС ги финансира тие стручни соработници или било како. Мене ми беше кажано дека нема. Меѓутоа сега се дојде дека имало стручни соработници.

Исто така, ми беше дополнително прашање дали се користат и други средства. Тука мислам на личен шофер, кола. Не мора обезбедување. За обезбедувањето ми беше и минатата година кажано дека не постои такво лично обезбедување. Меѓутоа, дали се користат службени средства, личен шофер и кола?

Уште нешто да напоменам, сега кога треба да се даде одговор, овој ИС не е легитимен, а кога треба да се именуваат одреден советници во ИС, тогаш бил легитимен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали ќе одговорите на дополнителното прашање?

Има збор Јован Трпеновски.

**ЈОВАН ТРПЕНОВСКИ:**

Најверојатно станува збор за некое недоразбирање.

Ние обезбедуваме и даваме услуги според Одлуката. Никој кој не е во работен однос во Републичкиот секретаријат не користи возило, ними други материјални средства. Според тоа, постапуваме само по Одлуката донесена од ИС и онака како што е предвидено - надвор од Одлуката нема никакво обезбедување, никакво користење на возила, нити правење други материјални трошоци.

Можеби ќе погрешам ако речам, доста сум чувствителен на веќе поставеното прашање дали сум легитимен или не сум легитимен. Ако не сум легитимен, заедно со целиот ИС, само за мене, ве молам да ме разрешите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, во што е работата сега?!

Има збор Јанко Обочки.

**ЈАНКО ОБОЧКИ:**

Кога спомнав легитимен-нелегитимен, го поддржувам другарот Трпеновски, и ве молам, можеби е добро денеска добро да се договориме и разбереме овде. Ние, по сопствена волја не го продолжуваме сопствениот мандат, ниту имаме законско, ниту уставно право. Ако пратениците сметаат дека сме нелегитимни, покренете постапка и денеска од овој состав па натаму, да се разделиме.

Второ, многу јасно реков во одговорот на прашањето. Ние, во претходниот состав, доставивме писмено мислење во коешто кажавме, само да повторам, дека нема сојузни, републички функционери кои одат во пензија со посебни услови. Тие си одат со свои општи услови.

Второ, сите борци имаат свои посебни, односно дел на пензијата што ја остваруваат преку сојузниот буџет.

Трето, дел на дополнителни средства што се обезбедуваат од републичкиот буџет помеѓу 500-600 стари најстари милиони, тоа се за научни, културни и други работници кои оствариле своја пензиска основица после ослободувањето и натаму, а чии износи се многу ниски. Тие износи и при ревалоризацијата кога се правеше, нивните пензии едвај достигнувале за задоволување на социјалните барања. Во таа група се првите наставници, првите учители во Република Македонија, после ослободувањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Јовчевски, дали сте задоволен од одговорот?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му припаѓа правото да каже дали е задоволен со одговорот

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, ве молам, јас поставив такво прашање. Добивам одговор пак на основу што велам. Добро јас, колку што се сеќавам, можам и да читам во „Нова Македонија“ пишува сега да ми одговорите директно врз основа на која доверба Лазар Колишевски добива 5000-7000 динари за пензијата. Молам да ми одговори Извршниот совет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ако има друг одговор, Извршниот совет нека го даде, а ако нема, односно ако е истиот, да не губиме повеќе време.

Имате ли друг одговор? - Немате.

Како што гледате, тоа е одговорот на Извршниот совет. Што пишуваат весниците, таму треба да прашате.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господин претседателе, господа пратеници, јас ќе бидам краток, ја ценам вашата изморeност со тоа што претеравме со прашања, меѓутоа едно прашање држи што јас го пренесувам од Битола од едно село Биљани, коешто копот на РЕК и Централата Битола е заглавено од еколошките ископини таму. И до денеска јас знам дека стариот Извршен совет и другите го имаат поставено прашањето, меѓутоа до денеска не е решено. Средства на ниво на федерација и на ниво на рудникот Суводол се обезбедени, меѓутоа до денеска не се реализирани во однос на преселувањето на селото Биљани. Извршен е само еден дел на преселувањето на 17 куќи а останатите 27 се останати и кои понатаму се изложени на секојдневното загадување.

Таму останатите куќи што се 27, сите се напукнати и ако влезете во која и да е одаја заедно со пропратните други објекти, сите се готови за распаѓање, преку пукнатините се гледа низ ѕидовите. До денеска не се преземени никакви мерки. Мислам дека токму пожелно беше во овие моменти да се посети селото од една парламентарна делегација за да види дека и снегот, господа пратеници, е црн, а во летните месеци од јеловините се разнесуваат такви прашини од коишто се создава загадување. Загинати се подземните изворски и бунарски води. Има поместувања на земјишни пластови во близината на селото Суводол од 7 до 8 метра нагоре и надолу во нивната положба. Насипите се на 100 и 200 метра од јаловината и со овие поројни дождови што оваа година ги имаме, селото е веќе за распаѓање.

Прашањето е зошто досега не е ништо сторено за иселувањето на село Биљани, а само тоа е направено за 17 куќи, а беа обезбедени средства за целото село? Зашто неќна поминала некоја комисија, така ме информирааа бирачите, колку е тоа точно, дошла некој нивни објекти, од истата ситуација се распукнати и бараат да се преместат тоа се на Бетот и РЕК, а прашањето што го поставиле селаните, му велат вашите се распукани од земјотрес. За жал господа пратеници, си играме со тие луѓе таму додека зборуваме за овие „политичувања" и другите прашања ние ствараме таму проблеми, заради половината село и школото е иселено односно укинато и нема децата каде да одат. Прашањето е да се изврши што побрзо иселување и селаните бараат доколку тоа не се стори одма, да се формира една парламентарна група за да го посети селото Биљани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи прашањето е зошто досега не е преселено селото и каде се употребени средствата?

(Се обраќа спрема претставниците на Извршниот совет и вели - вие писмено ќе одговорите).

Има збор пратеникот Манчевски.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас сум Јован Манчевски од Виница. Задолжен сум да поставам едно прашање од членови на Народната партија од Виница, кои молат да го пренесам прашањето во нивниот концепт.

Југословенскиот конзул во Перт, Австралија, по повод 29 Ноември 1990 година ги поканил пријателите, а меѓу нив и грчкиот конзул, кој е познат негатор на македонското постоење, за кого Македонците се вештачка креација, а Македонската православна црква - комунистичка измама.

Дали југословенскиот конзул Драган Томашевиќ ги застапува подеднакво интересите на сите југословенски народи, зошто тој не се изјаснил никогаш по изјавите на грчкиот
конзул, кој е негов личен пријател, а за каков пријател станувам збор, пресудете сами.

Не знам дали непријателите на македонскиот народ можат да бидат пријатели на еден југословенски конзул. Тоа го прашуваат и членовите на Народната партија на Македонија во Виница, коишто ме задолжија да го поставам и да го пренесам ова прашање во Собранието на Македонија до Владата, до колку се точни сознанијата што се наведени напред, дали Извршниот совет ќе преземе нешто во врска со тоа за отповикување на консулот Драган Томашевиќ.

И второто прашање е во врска со фамозниот ориз којшто и во Виница добива карактер на политичко прашање, како не само во Виница, туку во Кочани и во Штип. Мислиме дека треба да се постави на дневен ред ова прашање, истото ги мисли и Кочани и тоа да се расправа на наредна седница на Собранието на СРМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одговорот ќе биде даден писмено

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници имам едно прашање до Уставниот суд на Македонија, коешто се состои во следното:

Во постапката на конституирањето на собранијата на општините, односно изборите кои беа спроведени, присутно беше дека беа направени повеќе отстапувања и повреда на законот, а на база на штоуследија повеќе поднесоци до Уставниот суд на Македонија.

Меѓутоа, по овие поднесоци сè уште нема резултати, затоа го поставувам прашањето во смисла на информирање на нас пратениците од каде што се поставени, со колку приговори или жалби се доставени до Уставниот суд на Македонија и каква е судбината на овие поднесоци

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, ова прашање да се упати до Уставниот суд на Македонија.

Има збор пратеникот Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Другар претседателе, другари пратеници, моето пратеничко прашање е во врска со известувањето од Републичкиот извршен совет за покренатото барање од Собранието на Општина Кавадарци за измена на Законот за вработување. Проблемот е многу јасен за оној што треба да го даде одговорот и не треба посебно да го образлагам.

Прашањето гласи:

„Дали Извршниот совет смета дека е правично за стечајните работници што не го здружиле во еднократен износ паричниот надомест, за разлика од многу поголемиот број стечајни работници коишто тоа го сториле, да им се овозможи и тие тоа да го сторат заради нивни рамноправен третман и решавање на нивното продуктивно вработување преку Републичката самоуправна интересна заедница за вработување. Што во тој правец ќе преземе Извршниот совет? Барам на прашањето да ми се одговори писмено на наредна седница.

**МИТКО АНАСТАСОВ:**

Нека ми извини господинот Трпеновски што се обраќам лично до него. Прашањето е:

- Дали е во состојба господин Трпеновски да ни даде еден список на сите политички затвореници од 1944 година до последната борба ми се чини за Македонија тоа беше „бомбашката група“. Зашто? Го барам тоа затоа што борбата што се води против нашата партија ВМРО, е психолошка. Лично јас, пред вас сум случаен, по божја волја. Да. И не сум почнал да манипулирам.

Ве молам, реков, ако може господин Трпеновски да ни издаде еден список, а веројатно има такви компјутери денес, колку луѓе лежеле по затворите за Македонија и колку други луѓе ги оставија коските по затворите. Мојата партија, а и вие сите, ќе се согласите, зашто ние сме сите Македонци, нека ми извинат и групата на ПДП и Албанците, ние сме сепак луѓе создадени од севишниот, на крајот на краиштата, да ја знаеме вистината за секого

И уште едно прашање, ни го потенцира господинот од ПДП, ве молам да не се смеете, постар сум. Извињавајте, затоа што мене ме боли. Едно време кога бевме МААК, тоа беше на еден состанок, последните месеци кога бев член на МААК, затоа што преминавме во ВМРО-ДПМНЕ, уште не беше создадена организацијата ВМРО, јас го употребив зборот „браќа и сестри“.

Сега се плашам да го употребам. Искрено ви велам, од срце. Другиот ден бев повикан, го молам господин Трпеновски да провери во пасошно одделение зошто бев другиот ден повикан и со пасошот и со личната карта. Ве прашувам, кога денеска сум слободен да го кажам тој збор, јас не смеев да го кажам тоа, пред да дојдам во Парламентот, сум го кажувал кај некои другари и пријатели, ве молам господин Трпеновски проверете и сакам усмено или писмено да ми одговорите на тоа прашање.

Дури некој од новинарите си зедоа за право да кажат дека почнаа да се викаат „браќа и сестри“. Се прашувам дали тие новинари се Македонци?! јас не напаѓам никого, не ја напаѓам никоја партија. Се прашувам сега самиот и доаѓам до одговорот, самиот ќе го дадам одговорот, дека тие не се Македонци.

(Смеење)

**ЈОВАН ТРПЕНОВСКИ:**

Малку невообичаено, али немам намера да се смеам на седница на Собрание, а жалам ако таков впечаток доби делегатот. Станува збор за доста сериозна проблематика, но јас морам да повторам да изводи од казнената евиденција се дава само на барање од овластени органи и овластена процедура.

Доколку станува збор за политички затвореници, мислам дека тоа е сосема подруго. Би требало да се направи една целокупна анализа, којашто бара време за да се набележи кој е интересот, кои проблеми треба да бидат, за кој временски период, за која категорија на кривични дела и понатаму дали ќе треба да одговориме, односно да дадеме одговори на правните последици, коишто настанале од таквата осуда.

Мислам дека и за ова ќе треба еден подолг временски период со увид во документацијата со којашто ние располагаме, а голем дел од документацијата е предадена во Историскиот архив на Македонија. Затоа нека ми биде дозволено да биде формулирано прашањето и доставено преку Службата на Собрание, а ние што можеме во најкраток рок и најсодржајно ќе одговориме на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За другото прашање?

**ЈОВАН ТРПЕНОВСКИ:**

Многу непријатно се чувствувам за секој пропуст на органите за внатрешни работи, јас се прозивам. Нормално, јас сум на чело на Секретаријатот за внатрешни работи. Али дозволите и тоа е служба која што работи, така како што и налагаат прописите. Јас не можам да одговорам кои биле причините зошто некој поединачно бил повикан да ја донесе пасошната исправа. Има процедура. Доколку му биде одземена патната исправа се издава решение, може да вложи жалба до Републичкиот секретаријат и да води управен спор до Врховниот суд на Македонија. Доколку пак не е дадено решение за одземање на патната исправа, има право да се обрати до Републичкиот секретаријат, а ние пак во една процедура да одлучиме. Јас би молел за поединечни случаи да не ми се обраќате мене, затоа што јас не ги знам сите состојби и за секоја ситница во Секретаријатот. Ако има пречекорувања, нормално ќе преземеме мерки.

**... КИЧЕВО:**

Нема потреба да се претставам, меѓутоа можам и морам да ви речам дека сум од Кичево. Знаеме дека проблемот Студенчица ни зададе толку проблеми и маки. Бидејќи бев лично на еден состанок во село Горни Добреноец и од селаните нè ангажираа нас да поставиме пратенички прашања. Едното прашање е - за време на престојувањето на припадниците на специјалната милиција во село Горно Добреноец - Кичево, еден милиционер е повреден од огнено оружје. Што знае господинот Трпеновски да ни одговори за овој случај? И ако е така, со име и презиме да се одговори.

Другото прашање се однесува до господинот Гоговски - што презеде Извршниот совет за штрајкувачите со глад во Кичево на 7.10.1990 година?

**ЈОВАН ТРПЕНОВСКИ:**

Точно е, денот кога единицата требаше да се повлече од село Добреноец при прибирањето на материјалните средства и оружјето во со една, не би рекол непромисленост, туку немарност, дојде до испукање на пиштолот на еден од милиционерите и го повреди неговиот најдобар другар. Итно е однесен во Војна болница, извршена е операција. Здрав е и ги обавува обврските. Во инкриминациите на Кривичниот закон, за ваков случај не е предвидена одговорност, бидејќи станува збор за небрежност којашто небрежност во рамките на Кривичниот закон не се казнува. Го испитавме случајот, донесовме сопствен заклучок и во рамките на Службата случајот го решивме

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали сте задоволни од одговорот?

**...КИЧЕВО:**

Задоволен сум, само кое е името.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, дали ќе одговори господин Гоговски?

**ГЛИГОРИЕ ГОГОВСКИ:**

На идната седница.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Прво прашање, дали генералот на ЈНА, Шпиро Миновиќ, на 12.2.1991 година, во Домот на ЈНА во Скопје, на средбата со резервните воени старешини од Скопје, рекол дека ВМРО-ДПМНЕ е фашистичка партија, а нејзините членови фашисти и дека е повторно воспоставена фашистичката оска Софија - Скопје - Загреб - Будимпешта – Берлин?

2. Зошто органите на СВР се оглушуваат на пријавите од страна на македонското население за нарушување на јавниот ред и мир, односно за секојдневното утринско и вечерно пеење на оџите во џамиите, кое обавезно оди на разгласна станица?

Ова прашање сум задолжен да го поставам од мојата општина од каде што доаѓам, општината Карпош. Како пример за таквата работа, би го спомнал Сарај и Бит-пазар.

3. Во „Нова Македонија" од 16.2.1991 година, во написот на господин Тричковски, на едно место им сугерира на надлежните органи да ги отворат досиејата за господин Драган Богдановски.

Ја прашувам владата, дали може група од членови на Парламентот и новинари, да ги добијат тие досиеја на увид, како и комплет документацијата и стенограмите од неговото судење, а сè со цел да се даде една квалификувана оценка за личноста на Драган Богдановски?

4. Зошто Македонците кои живеат во НР Албанија, чекаат три до шест месеци во Југословенската амбасада во Тирана, за да им биде издадена виза и дали е можно овој рок да се скрати?

5. Доколку на пратеничко прашање претставникот на Извршниот совет даде неточни податоци, односно лажен одговор, каква ќе биде неговата одговорност?

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

За прашањата што се од надлежност на органот за внатрешни работи, ќе одговори Трпеновски.

Инаку, јас да кажам дека Извршниот совет не ги следи активностите на политичките партии и јавните собири и не може да одговори на прашање што се изрекува и какви ставови се заземаат на овие собири. Тоа прашање треба да се упати до организаторот и да се побара од него стенографски белешки според деловникот и правилата на таа организација.

Второ, во поглед на последното прашање дали Извршниот совет може да влијае да се скрати постапката за издавање на визи, да кажам дека постои реципрочен систем на уредување на визно-пасошкиот режим со НР Албанија и секако дека наш интерес е максимално да го смалиме времето на издавање на визите.

По ова прашање ќе побараме дополнителни сознанија од надлежниот секретаријат за внатрешни работи кој ќе побара податоци од нашата амбасада и ќе информираме за бројот на барањата, времето на чекањето и за вкупниот визно-пасошки режим. Инаку, мислиме дека во последните неколку месеци битно е подобрен и ажуриран овој проблем.

Во поглед на тоа која е одговорноста на член на Извршен совет и на Извршниот совет како орган за давање на неточни податоци, се разбира дека постои таканаречена политичка одговорност и ќе се смета ако член на Извршниот совет или Извршниот совет прикрие податок или злонамерно го информирал Собранието, сносни одговорност.

**ЈОВАН ТРПЕНОВСКИ:**

За нарушувањето на јавниот ред и мир од страна на верските раководители - оџите, мислам дека би требало да се води расправа, а прво да се тргне од регулираноста со прописите за дејствувањето и работата на верските заедници. Тоа не е чисто прашање каде што би можеле ние како органи за внатрешни работи да интервенираме, туку станува збор за пречекорување на овластувањето при изведувањето на верските обреди.

Ако ова се третира како излегување надвор од рамките на законската регулатива, а и надвор од просторот каде што треба да се врши верскиот обред, тогаш ќе треба органите за внатрешни работи за интервенираат. Не станува збор за едно класично, како би рекол, нарушување на јавниот ред и мир. Мислам дека прашањето е доста деликатно и не се надлежни само органите за внатрешни работи.

Во врска со прашањата за Драган Богдановски, јас по третпат би рекол дека нема да излезам надвор од рамките на Законот. Кажав кој, како и во каква процедура може да бара од органите за внатрешни работи за осудуваност или неосудуваност на едно лице. Иако печатот доста пишувал, но сакам докрај да останам професионалец и нема да дадам податоци доколку не е побарано од надлежно лице и во одредена процедура.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Во врска со одговорот што го даде Беличанец, да кажам дека јас тој одговор го очекував од министерот за народна одбрана. Значи, не барав одговор од Беличанец.

За одговорот на Трпеновски, исто така не сум задоволен, од причина што мислам дека верските храмови независно дали се православни, католички или муслимански, своите обреди треба да си ги вршат во затворена просторија, да не иде тоа надвор, односно на разгласна станица.

Јас не го разбрав добро одговорот на другарот Трпеновски, во врска со оваа група што ја предложив да се формира од пратеници во Парламентот и новинари, јас тоа го мислев најдобронамерно, и ако ние не сме компетентни да побараме мислење, не знам кој е тој што има таква компетенција.

Не сум задоволен од одговорот и ќе гледам на секој начин да се потегне и да се формираа таа група, бидејќи се користат разни манипулации со цел да се дискредитира нашата партија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, за тоа може да се расправа кога ќе дојде на дневен или кога ќе се стави на дневниот ред на Парламентот. Сега беше поставено како прашање и Трпеновски одговори на прашањето.

**ПАУНОВ ТОДОСИЈА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас сакам да поставам три прашања.

Прво, во врска со сушата што во 1990 година го задеси земјоделското стопанство. Што станува со оваа суша, како и на кој начин да се обезбедат средства за пролетната сеидба. Мислам дека пролетната сеидба веќе е на прагот, а средства нема, поготово индивидуалните земјоделци немаат никакви можности да ја извршат оваа сеидба, а секако и работните организации немаат доволно средства. Затоа, предлагам и прашувам дали може да се обезбедат поволни кредити со ниски камати, за обезбедување на посевот за 1991 година.

Второ прашање е во врска со вработувањето.

Што се направи и кои се резултатите од републичкиот заем за вработување, 1985 - 1990 година, колку средства се собрани и што е направено со овие средства од заемот.

Третото прашање што сакам да го поставам е во врска со сушата и во врска со оризовото производство.

Во прашање е дали за 1991 година во Кочани ќе се сее ориз или нема, бидејќи граѓаните од Кочани веќе се толку осиромашени што немаат средства за живот.

Затоа, молам, на некој начин да им се помогне на граѓаните од Кочани засега да добијат средства за нормално живеење и во врска со тоа сега се поставува прашањето за наредните години, што станува со браната на Оризарска Река, тоа ми е третото прашање, дали ќе може оваа брана, како што е влезена веќе во проектите, да се изнајдат можности и средства да се изгради оваа брана за обезбедување на вода за пиење во прв ред, а исто така и за наводнување, што мислам дека ќе се обезбеди вода за наводнување за Кочанско Поле, Виничко, Штипско и Светиниколско Поле.

**БОГДАН ТОДОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани другарки и другари пратеници,

На поставеното прашање, што се однесува на последиците од сушата, Извршниот совет подготви детална информација и таа е испратена до ова Собрание. Најверојатно, таа ќе биде разгледувана во првата наредна седница. Таму предлагаме со мерките на економската политика да се преземат мерки за санирање на состојбите од последиците од сушата

Второ прашање, што се однесува за оризот и откупот на ориз, денес во Кочани е седница на групацијата за ориз од Стопанска комора и баш околу овие прашања треба да се договорат.

Ние знаеме, одговорот на делегатското прашање што беше поставено дека оризот не е на листата на заштитни цени за да може да интервенира Сојузната дирекција за стоковни резерви и да е на листата на заштитни цени, а односот е 1 кг. ориз за 2,6 кг. пченица. Ако заштитната цена на пченицата беше 1,93 динари, тогаш некаде околу 5 динари би дошла оризовата арпа во откуп на заштитни цени. Дали некој од производителите по таа цена би ја дал арпата. Затоа што се направија одредени стопански грешки во откупот на ориз, не се стартуваше по заштитна цена или барем за 10 до 20% повисока пазарна откупна цена, туку се стартуваше со 2 до 2,5 пати повисока од она што е заштитна цена на оризовата арпа. Што понатаму со оризопроизводителите во нашата Република?

Пазарната економија подразбира и преструктуирање на производството. Бидејќи нашата земја се отвори спрема странскиот пазар, а како Југославија ние со нашето производство задоволуваме некаде околу 50% од потребите без резерви, тоа значи и максимално производство во Македонија, па ќе се увезува ориз. Ние во нашите залагања одиме да се воведат прелемани на увозот на ориз надвор од контингентите што се пропишани и тие се покачија, така да вредноста на оризот и од увоз, иако се увезува некаде околу 8-10 динари најквалитетен ориз, со прелеманите се доведува на вредност од 15 динари на пазарот. Сметаме дека и нашите производители со оваа цена може да се вклопат и веќе во последните две недели со воведувањето на зголемувањето на прелеманите тргна откупот, не со таква динамика како што сакаме, но веќе почна и овој недостаток на девизни средства за плаќање спрема странство, почна да се откупува оризот.

Во преструктуирањето на производството во Кочани, секоја монокултура застапена на одредено подрачје носи голем ризик. Тоа е случајот и со Ресен, со јаболкото и со грозјето во Тиквешијата. Така да ќе мора понатаму да се оди на преструктуирање таму каде што производителите ќе имаат поголем економски интерес, а Кочани и Кочанско со таков систем на наводнување, со тој бонитет и квалитет на земја можат да остварат далеку поголем доход и од други култури, но со поголем вложен труд.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа,

Ќе поставам едно прашање што е упатено до секретарот на РСВР.

Јас го жалам секретарот што денес го намучивме, меѓутоа, на моето прашање не треба усмено и денес да даде одговор. Јас барам да ми се даде одговор по писмен пат на една од наредните седници.

Во регистарот на политичките партии и добротворните друштва во рамките на СФРЈ, е регистрирано и добротворното друштво „Мајка Тереза“. Она е легална. Според тоа, во некои градови во СРМ се основани такви одбори и постојат такви друштва.

Моето прашање е следно. Во Тетово, иако имаше формирано иницијативен одбор, до такво формирање на огранок не дојде. Добиено е решение од страна на секретарот на СВР Тетово – негативно, а Иницијативниот одбор на таквото решение се жалел до второстепениот орган, а тоа е во конкретниот случај РСВР. Меѓутоа, иако повеќе од два месеци е испратена жалба, одговор нема. Дали секретарот на РСВР може да ургира на барањето на граѓаните да се одговори.

Второ, дали во конкретниот случај, барам правно толкување, дали може една организација, односно друштво што е регистрирано во Сојузниот регистар, треба дополнително да се регистрира и во републиките и покраините.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, како што баравте одговор, ќе ви се даде по писмен пат

Дали некој друг од пратениците сака да постави пратеничко прашање?

(Нема) .

Пред да минеме на утврдување на дневниот ред, сакам да ве информирам дека до Собранието на СРМ се обратија група на пратеници, до претседателот на Собранието, од ВМРО-ДПМНЕ, со барање седницата што се предвидува да биде закажана за 25 февруари 1991 година, да се одложи и да биде закажана порано, за да може да се формираат работните тела на Собранието, а потоа да се закаже седница на Собранието на која ќе се расправа по законите и другите материјали, откако претходно ќе бидат разгледани во работните тела.

Во врска со тоа, сметам за потребно дека треба да изнесам некои од причините поради кои седницата е закажана за денес со предложениот дневен ред.

Веднаш по конституирањето на Собранието, отпочнаа активностите за образување на работните тела на Собранието. По извршените консултации со координаторите на пратеничките групи кои потрајаа, Комисијата за прашањата на изборите и именувањата на Собранието на СРМ изготви и на 11 февруари 1991 година достави до Собранието предлог на одлука за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на СРМ. Истиот ден предлогот на одлуката беше доставен до пратениците, согласно одредбите на Деловникот на Собранието на СРМ, според кои предлозите поднесени од Комисијата за прашања на изборите и именувањата им се ставаат на располагање на пратениците најдоцна 10 дена пред почетокот на седницата.

Во меѓувреме, во Собранието пристигнаа бројни акти и материјали, а имајќи ја предвид актуелноста и значењето на некои од нив чие разгледување и донесување не трпи одлагање, активноста на Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија, во врска со актуелната стопанска состојба во Републиката и закажаната седница на синдикатот за 21 февруари 1991 година, која требаше да ја сочекаме и од која се очекуваше мислење по ова прашање, како и од причина што беше најавено дека Извршниот совет на Собранието на СРМ, сојузните акти ќе ги разгледа и по нив ќе даде свои мислења, исто така на 21 февруари 1991 година, заедно со потпретседателите на Собранието, одлучивме седницата на Собранието да се закаже за денес.

Тоа е објаснување околу тоа што беше покренато.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на утврдување на дневниот ред.

Дозволете ми да изнесам една дополна на дневниот ред кој ви е доставен во пишан текст. Во договор со претседателот на Републиката; предлагам да утврдиме како прва точка на денешната седница да биде Информација на претседателот на Републиката за текот на разговорите на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија за политичката иднина на земјата.

Во таа Информација треба да учествуваме Собранието да биде запознато со сите суштински елементи во текот на разговорите и евентуално размислувањата и предлозите за понатаму што ги изнел претседателот.

Сите точки од дневниот ред би се поместиле во согласност со тоа и би добиле друга нумерација.

Според тоа, втора точка би била Состојби и проблеми во репродукцијата во Социјалистичка Република Македонија на почетокот од 1991 година, со Барањето од седницата на Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија, одржана на 21.12.1990 година во врска со актуелната стопанска ситуација во Републиката и макроекономската политика за 1991 година. Барањата усвоени на проширената седница на Претседателството на Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија, одржана на 21.1.1991 година, Предлог на мерки од Собранието на Стопанската комора на Македонија за состојбите во стопанството во Републиката и одразот на мерките на економската политика на почетокот на 1991 година.

3. Предлог за донесување закон за обезбедување средства за отстранување на последиците од земјотресот во општините Гевгелија и Валандово;

4. Предлог за донесување на закон за престанување на важноста на Законот за обезбедување средства за намирување на дел од обврските создадени со изградбата на проектот „ФЕНИ-Кавадарци“, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пописот на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во 1991 година, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, со Предлог на закон;

7. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Агенцијата за преструктуирање и развој;

8. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за образување на постојани работни тела на Собранието на СРМ;

9. Предлог на одлука за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на СРМ;

10. Нацрт на закон за издавање обврзници на Федерацијата за 1991 година (АС бр.1304);

11. Нацрт на закон за утврдување на вкупниот износ на средствата за финансирање на Програмата за модернизација на Сојузната управа за царини за периодот од 1991 до 1995 година (АС бр,1307);

12. Нацрт на закон за измени и дополненија на Законот за финансирање на Федерацијата (АС бр.1308).

Дали има некој предлог за измени и дополнување на дневниот ред?

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратеници,

Во последно време, во средствата за јавно информирање беа протурени разни дезинформации околу работата на собранието на Општина Дебар и тоа дека меѓунационалните односи во Општината се многу влошени и дека се бара да се воведе учење на албанскиот јазик кај македонското население во Дебарска Жупа.

Со цел да се расветли вистината, предлагам да се дополни дневниот ред со точка која би била следна по завршувањето на дневниот ред: формирање на парламентарна група која ќе ја расветли вистината, односно ги констатира состојбите. Парламентарната група да брои 5 члена

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да го слушниме мислењето на Извршниот совет.

Сакам да укажам дека за секој предлог изнесен по итна постапка на седницата да се додаде на дневниот ред, мислење треба да даде Извршниот совет

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

Извршниот совет подготви информација за меѓунационалните односи во одделни општини во Републикава и нивната импликација на безбедносната состојба во Републиката. Тој извештај е опсежен и ги содржи сите прашања кои беа покренувани во дневниот печат од голем број политички партии и беа присутни во македонската јавност. Извештајот е доставен денеска во Собранието и според договорот очекуваме да биде разгледан во четврток. Ако расправата покажа дека Информациите што ги изнесува Извршниот совет се недоволни, неточни или не ја одразуваат фактичката состојба, тогаш би можело и би требало деловнички да се пристапи кон формирање на делегатска група.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да се изјасните.

Господин Беличанец во име на Извршниот совет предлага за предлогот на г. Ајдерага да се расправа во рамките на Информацијата која веќе е доставена овде, а која ќе биде ставена на дневен ред во четврток.

Дали г. Ајдерага се согласува со предлогот?

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Со оглед на тоа и натаму да не се дезинформира јавноста, останувам на предлогот да се расправа денеска, бидејќи може да ни се случи седниците да продолжат и понатаму да не се одржуваат, и натаму да имаме дезинформации, кои тврдам са не се вистинити.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Укажувам на тоа дека денес расправата би била без материјал. Додека веќе материјал имаме доставен од Извршниот совет како надлежен орган. Јас мислам дека овој предлог, деловнички не држи, меѓутоа го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на г. Ајдерага, да крене рака.

За предлогот на г. Ајдерага гласаа 20 пратеници.

Кој е против, молам да крене рака.

Против предлогот гласаа 69 пратеници.

Кој се воздржува од гласање, молам?

(Има 12 воздржани гласови).

Според тоа, Предлогот да се расправа денес и денес да се формира пратеничка група, не се прифати, а е прифатен предлогот на Извршниот совет да се расправа во четврток врз основа на изготвениот материјал на Извршниот совет и тогаш ако дојде потреба и ако се укаже потреба може да се формира и пратеничка група.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас не би имал дополнување на дневниот ред, меѓутоа би инсистирал точките 8 и 9 да дојдат како 2 и 3 точка. Тоа е предлогот на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за образување на постојани работни тела на Собранието - Предлог на Одлука за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на СРМ. Ова повеќе од практични причини, бидејќи имаме од дневниот ред донесување на некои закони, одлуки, па доколку дојде, да речам, да закочиме во работата, може овие комисии во паузата да се свикаат и веднаш да отпочнат со работа

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор по предлогот на г. Станковски?

(Никој)

Го ставам на гласање Предлогот на г. Станковски за измена на редоследот на точките.

Кој е за, молам да крене рака.

За предлогот на Станковски гласаа 87 пратеници.

Дали има некој против?

(против гласаа 4 пратеници, 2 се воздржаа и има некои кои не гласаа)

Според тоа, усвоено е точките 8 и 9 да бидат точки 2 и 3.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Јас предлагам ова што го прифативте, точките 2 и 3 да бидат точки 3 и 4, затоа што за број 2 јас имам друг предлог, а тоа е да се отвори расправа за проверка на мандатите на пратениците на Македонскиот парламент.

Бидејќи беше очигледно дека од одговорот којшто произлезе и одговори орган којшто не беше повикан да одговори, јас прашањето го упатив зошто не е побарано при верификација мислење од надлежните органи, тоа не беше одговорено, па сметам дека нема потреба зошто да се прашува, туку да се постави на расправа, бидејќи ние како пратеници бевме доведени во заблуда да помислиме дека сè она што е процедурално е направено, а очигледно се наѕира дека партиски договор било да не се проверуваат мандатите, а бидејќи чудни договори се прават меѓу партиите и постои реална можност да се блокира скоро на секоја седница работата на Парламентот, па затоа сметам дека е многу умесно, а и од суштинско значење е да се расправи расправа и да се донесе заклучок со изјаснување да се задолжи она работно тело, ќе ми биде помогнато, бидејќи не знам како е тоа процедурално предвидено, сепак направи дополнителна проверка на мандатот на сите 120 пратеници.

Заради тоа што и угледот на Македонскиот парламент е доведен во прашање, бидејќи постои мислење кое треба да се потврди или да се демантира дека не седат само пратеници во Македонскиот парламент, што одговарале према денес санкционирани од политичка природа, туку за обичен криминал. Сметам дека таа работа треба да ја расчистиме и знаеме кој со кого овде седиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за едно појаснување, веројатно тоа треба да го даде известителот на нашата Мандатно-имунитетна комисија, меѓутоа станува збор за толкување на прописите и Мандатно-имунитетната комисија ја испитува само истражноста на постапката на изборот со кој е извршен и со кој е избран одредениот кандидат за пратеник. Не навлегува во никакви други истраги.

Изборната комисија кога утврдува дали се условите за кандидирање на некој кандидат исполнети, таа утврдува дали тоа лице има по закон или ги изгубило граѓанските права меѓу кои правото да биде биран и да избира. Според тоа, овој дел ние во Собранието не можеме да го правиме, туку тоа е претходна постапка која е направена. Инаку, не гледам како би постапиле. Затоа отварам претрес по предлогот на Голубовски.

Дали некој сака да земе збор?

(никој)

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Господине Голубовски сакате дадете некое објаснување?

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Лично, воопшто и не помислувам расправата да биде упатена за она што некој одговарал заради што времињата биле такви, а е длабоко во врска со македонските интереси.

Тоа е мојот одговор на делегатот на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа повеќе е од основано сомнение фактот дека во овој Парламент седат осведочени непријатели на македонскиот народ, луѓе кои биле и сѐ уште се основано сомневање дека се активни директно против територијалниот и националниот интегритет на Македонија.

И, нормално, третата категорија, сепак, не би сакал во Парламентот со обичен криминалец да седам затоа што е тоа прашање на достоинство на еден парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на господинот Голубовски, сакам само да потсетам како се доведува во прашаше имунитетот на секој пратеник. Во посебна постапка се бара тоа од Парламентот за поединечно дело, за поединечен случај и тогаш се упатува на Имунитетната комисија. Во овој момент морам да констатирам дека во нормална, исправна, легална постапка мандатите на сите пратеници на ова собрание се верифицирани.

Затоа го ставам на гласање предлогот на господин Голубовски оваа точка да се уврсти како втора точка од дневниот ред.

Кој е за, молам да крене рака.

(6 гласа за)

Кој е против?

(49 против).

Колку се воздржани?

(36 воздржани)

Констатирам дека предлогот на господинот Голубовски не доби потребно мнозинство.

Молам, кој бара збор?

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани дами и господа, почитувани пратеници, ние ја прифаќаме првата точка од дневниот ред, како и промените на втората и третата точка. Меѓутоа, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, не може да го прифати поголемиот број на точките понатаму. Имаме забелешки и на начинот на работата на ова собрание. Се прават набрзина две неформални групи низ кои поминуваат точките од денешниот дневен ред, наместо собраниските тела усогласени да поминат и на изборната комисија, да се изгласаат на собраниска седница и да почне стручното функционирање на Собранието.

Што се однесува до дневниот ред, за повеќето од овие точки, е потребно претходно расчистен, јасен став кон државното уредување на Југославија, од една страна, и темелна ревизија на ставови на Владата спрема проблемите од определени области, од друга страна. И, што е најважно, повеќето од овие точки не се од ургентна природа. После овој несфатливо долг интервал од последната седница до денеска, ние предлагаме точка на дневниот ред за доцнење во составувањето на владата на Република Македонија.

Нема никакво оправдување неизвршувањето на оваа приоритетна задача од страна на субјектите на кои со уставните амандмани тоа ни е ставено во надлежност, а тоа се претседателот на Републиката и ова Собрание.

Партијата што според изборните резултати и според меѓупартискиот договор требаше да понуди кандидат ВМРО-ДПМНЕ, тоа го направи во законскиот рок. Застој настана во фазата на предлагањето на мандатот од страна на претседателот на Републиката, со што се пробиени роковите и прекршени законските норми, па затоа ова собрание е должно да укаже на тоа Собранието да обезбеди регуларен пропишан текст на конституирањето на владата, бараме Собранието да утврди краен рок за предлагање на мандатор на Владата.

Натаму, имам уште еден предлог, којшто донекаде се совпаѓа со предлогот кој беше од колегата од реформските сили, бидејќи има и извесна модификација, ќе го изложам си едно кратко објаснување. Како дополнување на дневниот ред, предлагаме дополнување на дневниот ред покренување на иницијатива за донесување на резолуција за првпат на вака високо ниво во извештајот на американскиот Стејт Департмент. Се постави прашањето за кршењето на човечките права на Македонците во Грција.

Ова е без сомнение резултат и на некои напори коишто континуирано се прават од некои наши луѓе и здруженија, како на пример од друштвото „Достоинство“, коешто со писмо упатено до американскиот Стејт Департмент документирано укажа на кршењето на човечките права на американски граѓани од македонско потекло од страна на Република Грција.

Извештајот предизвика бран на силни протести во Грција и засилена дипломатска активност со САД, додека кај нас извештајот беше поддржан од Сојузот на реформските сили, некои секции на ВМРО-ДПМНЕ и Извршниот совет на Републиката, а немаше некои  поконкретни иницијативи, затоа да не заборавиме дека Америка во Букурешт 1913 и во Версај 1919 година беше многу поспроведлива, за разлика од европските држави и укажуваше на последиците од делењето на македонските територии.

Поздравувајќи го годишниот извештај на американскиот Стејт Департмент за 1990 година, во однос на практицирањето на човековите права во Грција, сметаме дека е потребно да кажеме дека ваквата поддршка на правата на македонскиот народ во Грција е дотолку подрагоцена, бидејќи доаѓа во мигови на координирано засилување на антимакедонската коалиција.

Показатели за тоа се непризнавањето на визно-пасошкиот режим, на целосен реципроцитет од страна на граничните органи на Република Србија, како и невидената брзина на поистоветување на гледиштата меѓу владите на Бугарија и Грција.

При оваа пригода, укажуваме и на тоа називот на народот на Македонија гласи македонски, а не славомакедонски. Сходно на ова, може да се говори само за македонски дијалект. За вакво искривено гледање, заслужна е секако грчката пропаганда, која го воведе над сè неразумливиот поим Славофони - Грци.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ му предлага на Собранието на Република Македонија да го поддржи извештајот на американскиот Стејт Департмент за правата на малцинствата во Македонија и да усвои резолуција во која ќе бидат разобличени сите методи и форми на грчката асимилација и денационализација на Македонците во Беломорска Македонија, со конкретен правно валиден материјал, а со содржината на резолуцијата да бидат запознати Американскиот конгрес, Европскиот парламент, Грчкиот парламент и Рускиот парламент.

**НАУМОВСКИ:**

Јас не мислам дека нешто ново ќе кажам, само да напоменам дека се согласувам со ова што го кажа колешката, ако биде на крајот од дневниот ред, во меѓувреме Извршниот совет да ни предложи една пригодна форма на обраќање како би се нарекла таа и што би содржала, за да можеме конкретно да се изјасниме, а во исто време би било задолжително, практично да се напомене дека се работи не само за македонскиот дел кој живее таму, туку и за турскиот дел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Станува збор за тоа дали овој Парламент, своите најважни произнесувања ќе ги чини врз основа на написите во весниците, како ги слушаме или во една поставка која доликува, која владата ја припремила и ќе оди тело тоа да се разгледа и тоа да се разгледа на Парламентот на првата наредна седница.

Затоа, го прашувам претставникот на Извршниот совет што е нивното мислење.

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

Извршниот совет подготви опсежна информација, во чиј прилог се и изводите на Извештајот на Стејт Департментот што се однесуваат за Македонците во Егејскиот дел на Македонија, за Македонците во Пиринскиот дел на Македонија и пошироко во Бугарија и за Македонците во Албанија и извештајот се однесува за остварување на малцинските права во Македонија и во Југославија.

Бидејќи извештајот на Извршниот совет е опсежен, ги содржи сите аспекти на прашањето, сметаме дека би било добро овој извештај да биде предмет на расправа на работните тела на Собранието, инаку иницијативата изнесена од реформските сили, еве денес од ВМРО, да се подготви соодветен акт на Собранието, дали тоа ќе биде заклучок, декларација или резолуција и на наредната седница Собранието заземе став, односно се изјасни за видот на актот.

Укажувам дека овој документ, покрај позитивните аспекти за Македонија содржи и одредени информации кои се невистинити, според наше гледање, не ја прикажуваат вистинската состојба во Републиката, а многу се шкрти, нецелосни, парцијални и во употребата на терминологијата несоодветни за положбата на Македонците во Пиринска Македонија и во Албанија.

Заради тоа, бидејќи прашањето е извонредно суптилно и ставот на нашиот парламент е од извонредно значење за меѓународниот статус на Македонија и ставот на Македонија кон овој документ, сепак да биде разгледан на првата наредна седница и, нормално, да му се даде приоритет, како прва точка од дневниот ред.

Јас ја молам делегатската група на ВМРО да го прифати ова наше образложение.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во контекстот на ова прашање, а тоа беше и став на секцијата на Управниот одбор на ВМРО-ДПМНЕ од Охрид, да се прошири соработката меѓу нашата македонска влада и турската влада, со оглед на тоа што и тие имаат идентични погледи и сфаќања кон ова прашање, бидејќи и тие пред меѓународната јавност тврдат дека постои турско и македонско национално малцинство во Бугарија и Грција, па во таа смисла јас би предложил на овој парламент да иницира на средба, дали тоа ќе биде меѓувладина или со размена на делегации, во оваа смисла заеднички да го решаваме прашањето, мислам дека на тој начин ќе добиеме повеќе во сила, имајќи го во предвид и фактот дека Турција членува во НАТО Пактот, има доста големо влијание, во таа смисла да се водат и разговори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е уште еден аргумент дека тоа треба целосно да се разгледа целосно врз основа на материјал кои тие аспекти ги зафаќа, кој договор да падне, кои активности да се преземат, итн.

Дали во врска со ова има уште некој да бара збор?

(Нема)

Тогаш, ако госпоѓа Димитрова останува на предлогот посебно резолуцијата да биде денес на дневен ред, тој предлог го ставам на гласање.

Значи, се прифаќа мислењето на Извршниот совет.

Другиот предлог за дневниот ред што го изнесе госпоѓа Димитрова, е посебна точка колку што јас сфатив за формирањето на Владата. Јас би предложил ако е можно поинаку да го формулираме.

Претседателот на Социјалистичка Република Македонија да го информира Собранието за текот на утврдување на мандатот.

Дали се согласувате така?

(Се согласуваме)

Да ја утврдиме оваа точка.

Кој е за оваа точка да биде утврдена во дневниот ред да крене рака.

Убедливо е мнозинството за оваа точка.

Дали некој има против?

(Нема)

Дали има воздржан?

(Нема)

Констатирам дека ќе му се обратиме на претседателот на Републиката во првата точка да информира и за текот на утврдување на мандатор.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

„Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, предмет на моето обраќање е покренување на иницијатива за донесување на Декларација за разоружување. Постоечките односи помеѓу републиките во Југославија укажуваат на нужноста на воспоставување на нов конфедерален договор, ако тоа е сѐ уште прифатливо од републиките, со тоа што секоја република ќе биде суверена и самостојна. Дезинтеграцијата на Југославија е во тек, но дали ќе се случи за сите прифатлив договор во кој ќе бидат сослушани сите страни и ќе бидат застапени интересите на сите републики или не, треба тоа да зависи од сите републики.

Дилемата федерација или конфедерација е лажна, наметната. Србија со практичните потези што ги прави има конфедерален статус, но се застапува за федерација затоа што во неа имаше и би имала повторно привилегиран статус. Словенија и Хрватска се изјаснија за конфедерален модел, а првата и за отцепување.

Македонија ако сака да ја задржи самостојноста, не може да ја прифати таканаречената асиметрична федерација или варијантата 4+2. Во ваквата ситуација има само една солуција за македонската држава, имено конфедерација.

Што значи, треба да се отпочне раздружување, со расчистување на сметките, стопанските и други обврски. Неопходно е донесување на резолуција за раздружување од страна на македонскиот парламент, како правна основа за раздружувањето.

Овој акт и неговото реализирање би овозможиле на Македонија рамноправно да разговара за можното здружување за нов конфедерален договор.

**ДОСТА ДИМОВСКА (ВМРО-ДПМНЕ):** (Продолжение)

Во таа смисла, во име на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ, покренувам иницијатива за донесување на Декларација за раздружување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Штотуку утврдивме како прва точка на дневниот ред - Информација за текот на разговорите во Претседателството на СФРЈ за политичката иднина на земјата. Се разбира, врз основа на таа информација, ќе поведеме расправа. Врз основа на сознанијата што ќе ни бидат изнесени, секој од нас ќе може да даде различни предлози и иницијативи за здружување и за раздружување и за секакви други решенија.

Оттаму, ја прашувам госпоѓа Димовска, дали инсистира како посебна точка тоа да биде? Добро, во ред, госпоѓа Димовска бара како посебна точка.

Тогаш, предлагам да се изјасниме по предлогот на Доста Димовска, но најпрвин Извршниот совет да даде мислење.

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

Процедурално кога се донесуваат документи кои завлегуваат во уставното уредување на Републиката, мора да се придржуваме кон Уставот на СРМ. По уставот е утврдено кои документи, по која постапка и на кој начин се предлагаат.

Не навлегувајќи во оправданоста или неоправданоста или поддршката, бидејќи тоа би бил посебен предмет на изјаснување на Извршниот совет, сметам дека за документ од ваков карактер, ако не е доставен во писмена форма и ако претходно по него не се изјаснила Уставната комисија, тогаш Извршниот совет не би можел да го стави на дневен ред, а ако се работи за иницијатива, ако таа иницијатива задира во уставниот поредок на Републиката и значи дополнување на уставниот поредок, предвидена е постапка колкав број пратеници можат да ја покренат иницијативата и во Уставот е предвидена постапка како се проследува таа иницијатива. Нашиот став е да се постапи по процедурата утврдена во Уставот на Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, и покрај овие објаснувања јас би го ставил предлогот на гласање на госпоѓа Димовска.

Молам, кој е за предлогот на госпоѓа Димовска да биде посебна точка Иницијатива за донесување на резолуција за раздружување?

За предлогот гласаа 54 пратеници.

Кој е против, молам да крене рака.

(49 против)

Дали има воздржани?

(Нема)

Констатирам дека од присутните 115 пратеници, гласаа 54 „за“, но го нема потребното мнозинство, 49 се „против“, а нема „воздржани“.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, по повод најавеното формирање друштво на српско-грчкото пријателство, според пишувањето на весникот „Нова Македонија“ од 22 февруари 1991 година, цитирам дел од овој текст и формално би биле потврдени како исклучителни живи врските на двата народи, како и изразениот интерес на Србите и Грците и нивниот заеднички географски простор подобро да се валоризира во рамките на Европа, Азија и Африка“, ова по мое мислење асоцира на ново прекројување на границите и предлагам Македонскиот парламент да изрази остар протест до Собранието на Република Србија за вака воспоставените пријателства.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам и за овој проблем да се дискутира во рамките на нашата дискусија за меѓународните односи на Македонија.

Дали се согласувате?

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ (ВМРО -ДПМНЕ):**

Ова прашање што сакам да се постави на дневен ред, фактички е донесување на една интерна одлука на парламентарците, надвор од другите дискусии. Како прв парламент, како прва солидарност што треба да ја докажеме, мислам дека треба да донесеме една одлука сите што се во овој Парламент да одвоиме по 500 динари за земјотресот во Гевгелија и по 500 динари за Пиринска Македонија. Предлагам, доколку се согласувате.

(Аплауз)

Исто така, бидејќи може би ќе немам прилика во некоја друга точка да кажам неколку збора за преговорите што се водеа на ниво на Југославија, ставот на Тупурковски и полемиката со Слободан Милошевиќ, навистина, за првпат, чувствувам дека се скрши сомунот, а фактички нешто се скрши во Југославија, конкретно во однос на Србија. Многу му благодарам.

(Аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам предлогот што го даде господин Котевски за парично издвојување и прилог за овие две намени, да го ставиме како посебна точка на крајот која ќе се однесува само на пратениците овде, тоа нека биде наша одлука да не одлучи друг наместо нас.

Дали се согласувате тоа да биде на крајот?

(Гласови на одобрување)

Дали има уште нешто во врска со дневниот ред?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ (ВМРО-ДПМНЕ):**

Прашањето ќе биде само по однос на давање согласност на одлуката за согласност на Статутот на Агенцијата за преструктуирање и развој.

Како е формирана оваа агенција, кој ја формирал, кога е формирана, во материјалите тоа год нема, меѓутоа имаме нешто друго. Членовите 2 и 3 во глава III стои: средствата за почеток на работата на Агенцијата се обезбедуваат од Буџетот на Македонија. Што уште да одвоиме од овој буџет, нека повели претставникот на Извршниот совет да каже како е формирана оваа агенција и која е нејзината цел?

Предлог ми е ова да отпадне од дневниот ред денеска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе го побараме мислењето од Извршниот совет во врска со оваа точка.

**МЕТОДИЈА НЕСТОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Формирањето на агенцијата е започнато наназад 6 месеци. Законот за нејзиното формирање е донесен во јули на Собранието минатата година и тогаш се обезбедени средства со посебна одлука на Собрание како основачки влог. Тие средства се пренесени на Републичкиот буџет за 1990 година, тие се обезбедени, така што не е нова обврска за тековниот буџет за 1991 година. Значи, не станува збор за создавање на нови материјални обврски, а корист од оваа агенција која ја чекаме сите во стопанството подолго време, треба да биде многукратна. Стопанствениците постојано прашуваат кога ќе почне нејзината работа. За среќа, веќе сме пред почетокот, разрешени се бројни прашања, материјални, просторни, кадровски, веќе сме на прагот да почне нејзиното функционирање, така што е крајно време нашиот Парламент да даде согласност на Статутот, што ќе значи формално отпочнување на нејзината работа. Ве молам, овде нема нејасни работи, Парламентот да ја прифати точката на дневен ред така како што е предложена, а во расправата ќе се постапи така како што вие ќе заклучите.

**АЦО СПИРОСКИ (ВМРО-ДПМНЕ):**

Ќе се надоврзам на колегата Стојановски дека по ова прашање не треба денеска да расправаме, од проста причина што е спротивно со Деловникот, материјал по оваа точка не добивме и спрема тоа, предлагам воопшто да не се разгледува оваа точка. Јас лично не сум добил материјал.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Материјалот ви е испратен во деловнички рок. Материјалот е добиен.

Ако нема друг за дискусија по ова прашање, тогаш предлогот на господин Стојановски го ставам на гласање.

Молам, кој е оваа точка да се симне од дневен ред, да крене рака.

(Гласаат 37 пратеници).

Молам, кој е точката да остане на дневен ред?

(62 пратеници гласаат за предлогот)

Молам, дали има воздржани?

(5 пратеници).

Според тоа, 62 пратеника гласаа точката да остане на дневен ред. Го имаме потребното мнозинство. Предлогот на господин Стојановски не е прифатен.

Дали уште некој друг бара збор, во врска со дневниот ред?

(Никој)

Констатирам дека дневниот ред е утврден со следниот текст:

1. Информација од претседателот на Републиката за текот на разговорите за политичката иднина на Југославија;

2. Предлог на одлука за изменување и дополнување на одлуката за образување на постојани работни тела на Собранието на СРМ;

3. Предлог на одлука за избор на претседатели и членови на Комисиите на Собранието на СРМ;

4. Состојби и проблеми во репродукцијата во Социјалистичка Република Македонија на почетокот од 1991 година, со:

- Барањето од седницата на Советот на Сојузот на Синдикатите на Македонија, одржана на 21.12.1990 година, во врска со актуелната стопанска ситуација во Републиката и макроекономската политика за 1991 година;

- Барањата усвоени на проширената седница на Претседателството на Советот на Сојузот на Синдикатите на Македонија, одржана на 21 јануари 1991 година;

- Предлог на мерки од Собранието на Стопанската комора на Македонија за состојбите на стопанството во Републиката и одразот на мерките на економската политика на почетокот на 1991 година;

5. Предлог за донесување на закон за обезбедување средства за отстранување на последиците од земјотресот во општините Гевгелија и Валандово;

6. Предлог за донесување на закон за престанување на важноста на Законот за обезбедување средства за намирување на дел од обврските создадени со изградбата на проектот „ФЕНИ“ - Кавадарци, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пописот на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во 1991 година, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи со Предлог на закон;

9. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Агенцијата за преструктуирање и развој;

10. Нацрт на закон за издавање обврзници на Федерацијата за 1991 година (АС бр.1304);

11. Нацрт на закон за утврдување на вкупниот износ на средствата за финансирање на Програмата за модернизација на Сојузната управа за царини за периодот од 1991 до 1995 година (АС бр.1307);

12. Нацрт на закон за измени и дополненија на Законот за финансирање на Федерацијата;

13. Утврдување на сумата на индивидуалниот придонес на секој пратеник за помош на настраданите во земјотресот во Гевгелија и Валандово и солидарна помош за Македонците во Пиринска Македонија.

Дали има забелешка околу дневниот ред?

(Нема)

Има предлог да дадеме пауза.

(Предлагам пауза од 30 минути)

Седницата прекина со работа во 13,50 часот

(по паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците да ги заземат местата.

Минуваме на дневниот ред.

Минуваме на точката 1 - Информација на претседателот на Републиката за текот на разговорите во Претседателството на СФРЈ за политичката иднина на земјава.

Го повикувам господинот претседател на Републиката да земе збор и да го информира Собранието за текот на разговорите во Претседателството на СФРЈ во врска со политичката иднина на земјата.

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сакам да Ве информирам за текот на разговорите и преговорите за иднината на постојната југословенска заедница и за ставовите кои ние во тие разговори ги изнесувавме, јас и членот на Претседателството на СФРЈ, Васил Тупурковски и за сè она што во врска со тие преговори сметам дека е важно да бидете запознати и што бара веројатно понатаму наши заеднички размислувања.

Прво, да спомнам дека основата на сите наши истапувања беа Декларацијата донесена од страна на ова Собрание и Платформата за разговорите околу иднината на Југославија. Ако го споредите тоа што јас ќе го изнесам како основни становишта кои таму ги изнесувавме со текстот на Декларацијата, сами ќе се уверите во тоа.

Исто така, сакам да кажам дека во меѓувреме имавме и билатерални разговори и средби со делегациите на Словенија, Босна и Херцеговина и Хрватска. За тие средби добивте писмени информации и што значи дека сте во можност сами да видите кои беа и какви беа нашите ставови и ставовите на другите републики и да изведете соодветни заклучоци. Разговорите сè уште не сме ги завршиле со Србија и со Црна Гора. Нашите заложби тргнуваа од нешто што сметаме дека е дефинитивно, непроменливо, точка од која тргнуваат сите наши други заложби за одбрана на интересите на македонскиот народ и македонската држава,а тоа е појдовната позиција суверена македонска држава. Во тој поглед нема никакво отстапување, било какви концесии на било кој концепт и било кои обиди таа позиција на Македонија да се промени или модифицира.

Второ, ако говориме за заедница на суверени држави, односно за иднината на сегашната заедница, тогаш ние ја замислуваме и како заедница на суверени држави. Ќе ви обрнам внимание на едно, односно една определба, која во врска со тоа постои во Платформата која ние послободно ја толкувавме, а таа гласи:

„Во договарањето на иднината за Југославија, претставниците на СРМ треба да поаѓаат од определба за суверена национална македонска држава, како и од неотуѓивото право на народот за самоопределување, вклучувајќи го правото на отцепување. Во утврдувањето на идното уредување на Југославија неопходно се тргнува од интересите на републиките како суверени држави и од нивниот интерес за заедничко живеење во рамките на Југославија. Оттука, СРМ инсистира на целосна рамноправност меѓу републиките и потоа се вели Македонија како суверена национална демократска држава се залага за идната југословенска државна заедница да се вршат определени економски и политички одбранбени меѓународни и други функции кои се од интерес за сите југословенски републики“.

Уште на едно место се говори за државна заедница. Бидејќи во текот на разговорите државната заедница од некои републики се толкуваше како држава со полн суверенитет, што претполага дека во тој случај републиките немаат свои изворен суверенитет, ние не го користевме терминот државна заедница, туку говоревме за заедница на суверени републики.

Сметаме дека тоа одговара на оние заложби кои беа дојдени до израз дека суверените на македонскиот народ, на македонската држава ни во каков вид на идно уредување не може да биде потпрашање. И ако е тоа, се разбира, толкување само на една страна во тие разговори, ние сакавме во тој поглед да отклониме било какво сомневање.

Трето, се залагавме за непроменливоста на границите, тргнувајќи од тоа дека границите меѓу републиките не се административни, како што е едната од тезите, туку државни и не можат да се менуваат ни на каков друг начин, а не особено со сила и притисоци, освен со договор меѓу соодветните републики.

Четврто, тргнувавме од суверенитетот на граѓанинот кој секој народ и секој граѓанин го остварува во својата Република, што е во спротивност со тезата дека суверенoста народот ја обавува на тој начин што ќе се изјасни преку референдум да живее во онаа република каде што е основниот негов национален корпус. Со изјаснувањето преку референдумот, на тој начин може да дојде и до менување на граници и воопшто на односите внатре во Југославија.

Притоа, сме застапувале становиште дека сме спремни да се договараме за заедница на суверени републики како држави во четири области, човечки права, економски односи и пазар, народна одбрана и надворешна политика.

Секоја по овие прашања да ги каже своите определби, сосема конкретно, без да се инсистира да се прифати однапред, од една страна промовираниот федеративен модел на сите оние што сакаат да останат во Федерацијата или моделот на асиметрична федерација, се изјаснивме и против тоа, според тоа да се пристапи кон разговор без никакви предуслови овие четири области да се набележат интересите на сите и да се види кои се интересите кои ги поврзуваат, бидејќи било каква идна заедница само врз таа основа може да постои, ако интересите се основата на таа заедница и потоа да се види каде се разликите, дали можат тие разлики да се премостуваат или пак не може да се најде заеднички јазик ни во тие основни четири суштествени области, при што, се разбира, настапува еден друг период на, така да кажам, како сега во последно време се нарекува, раздружување.

При што, разликите се гледаат во следното, од една страна се застапува становиште, тоа е становиштето на Србија и Црна Гора дека може да се разговара, ако се прифати Федерација како идна Југословенска држава или кои не сака да живее во федерација треба да поведе постапка за отцепување, при што треба да се донесе еден договор или еден нормативен акт за постапката како ќе се отцепи една или друга република.

Од друга страна, словенечката и хрватската теза, може да се разговара за сите овие области за заедничка соработка од позиција на суверени држави, но по периодот на раздружување. Најнапред треба да се раздружиме, па потоа евентуално можеме да пристапиме да разговараме за можни интереси за заедничко решавање на некои проблеми, на некои интереси, итн.

На Хрватска и Словенија им е блиска асиметричната заедница, што би значело дека некои би требало да биде во федерален статус, некои во конфедерален статус, а некои да биде во договорен однос. Тоа да зависи од тоа кој за што е спремен утре како посебен субјект да се определи за иднината.

Нашиот став во врска со ова беше дека треба паралелно да течат разговорите за евентуалното разоружување и разговорите за евентуална заедница на суверени држави со дефинирани прашања и интереси во овие четири области.

Оттаму, како што гледате по клучните прашања кои ја определуваат позицијата на Македонија, немаше како од некои изјави, кои можеа да се прочитаат заради субјективно вакво или онакво видување или пак од интерес да не приклучат на една или на друга страна дека нашите ставови биле неопределени, треба да се дефинирани и да се определиме дали сакаме да влеземе во првата комбинација на федеративна држава, двојна, тројна, четворна, колку ќе се изјаснат за таква федерација, или пак сакаме амблок да прифатиме сѐ ова што предлага другата страна со која во начелните прашања имаме доста блиски ставови, можеби и идентични, но и со реални прашања кои ќе се постават кога ќе почне да се разговара за реалните односи, овие четири групи на прашања за кои говорев и кои дури тогаш можат да ја дефинираат, докрај да ја обликуваат нашата конкретна позиција, нашата начелна позиција е сосема јасна.

Според тоа, нашиот став беше да не можат да се делат републиките на начин кои е за оваа или за онаа група, бидејќи зошто само да постојат две групи или две становишта, зошто не може да биде трето или четврто. А видно беше дека има разлики и меѓу словенечкиот и хрватскиот став по некои прашања. Српско-црногорскиот став беше сосема идентично прочитан од името на двајцата претставници, Момир Булатовиќ, но од името на двајцата претставници на Србија и на Црна Гора. Босна и Херцеговина имаше свое становиште, кое доста еволуираше и се menуваше и нашиот став беше ова што го изнесов и јас се спротивставив да се бара од нас да кажеме дали припаѓаме на овие или на другите.

Нашето становиште беше дека треба нашите предлози да ги третираат како наши, како став на Македонската република и од тие позиции учествуваме во сите тие разговори, преговори со овие становишта кои ги изнесов.

Тие што друго евентуално тврдат, сакаат однапред да не пребројат кон себеси и да се утопиме во една или друга група пред да во текот на тие разговори ги постојано проценуваме нашите интереси, нашите становишта дека градиме една концепција овде во овој парламент, и чекор по чекор да извојуваме она што сакаме да биде конечна цел на тие сите преговори да се заштити Македонската суверена држава, да се создадат услови за нејзина меѓународно правна афирмација и признавање, и, се разбира, со соодветни економски и други претпоставки да може да се развива.

Не смеевме да се изложиме на тоа да ги проценуваат нашите интереси други и да не приклучуваат на она или ова становиште, но самите ние, тие наши интереси, ги потценуваме. Македонската историја, во тој поглед, е многу богата . Со тешки последици, кога год сме биле во нечии раце, слепо сме следеле директиви и совети, а меѓу себе без основа сме биле на различни страни и влијанија од други, дури сме се конфронтирале, па и убивале и служеле на туѓи интереси.

Не случајно, сите наши чесни дејци што држеле до автономна Македонија и нејзините интереси по само својноста на нашиот народ и неговата слобода, лошо завршиле во историјата. Ние сега имаме историска ситуација , тоа го реков и во воведниот збор кога ми дадовте доверба и ме избравте за претседател на Републиката, да го довршиме делото на нашите претшественици, Македонија да биде суверена држава, да и меѓународните и европските и сите други услови да пружат шанса во ова сувремие да го оствариме тој македонски сон или цел и да го најдеме своето место онакво какво и одговара на интересите на Македонија во заедницата на суверените држави на Југославија, ако таа се формира на Балканот и во Европа.

Се работи за ставови и одлуки од врвни национални интереси. Ставовите треба да се одредат по пат на национален консензус. Повторно сакам да спомнам дека во воведниот збор кога ме избравте, изреков една мисла дека за три-четири или колку прашања, колку ќе ги одредиме, е потребен во овие пресвртни, тешки времиња, кога се води борба за опстанок и за дефинитивно оформување на нашата суверена држава да постигнеме национален консензус.

Што значи, преку дијалог, преку заедничко работење, преку размислување на разни страни, преку тоа што тие наши становишта ќе бидат проверени, документирани, со проверка на разни опасности, на разни опции, која што носи, така се формираа ставовите и кај другите, за да дојдат до она да ги проценат конечно своите сопствени интереси. Така документирани, сите да бидеме уверени во нивната исправност, да се заложиме, прво, да бидат прифатливи и да се заложиме за нивната реализација. Нашата поделба во таа смисла би можела да биде катастрофална.

**КИРО ГЛИГОРОВ: (Продолжение)**

При тоа, ние се залагавме во предониот период да се заштитат интересите на Македонија. Нашите побарувања, скоро сите се поголеми од нашите долгови. Нашето, до сега скрупулозно почитување, до скоро, на сите наши обврски, виза ви она што правеа сите други, освен можеби Босна и Херцеговина, секој на свој начин и секој придонесе кон влошување на економската ситуација во име на заштита на сопствените интереси, а особено беа  погодени оние што сметаа дека додека постои еден правен поредок, тој треба да се почитува.

Потоа, се залагавме, по мирен пат, без употреба на сила, за создавање на еден општ амбиент во којшто ќе може да се разговара мирно и конструктивно и за тоа што ќе биде евентуално заедничко, и ако се разидуваме, тоа да биде на еден европски, модерен, цивилизациски начин, а не по пат на притисоци, закани, евентуална употреба на сила, итн.

Моментот е премногу сериозен за да би овие прашања биле третирани и решавани со емоцијален набој, со пребрзани одлуки. Само патот на мирна и сталожена расправа, претрес на сите опасности и цврста преговарачка позиција врз објективно установено македонски интереси, која ќе се гради овде, во овој Парламент, на македонска почва, тоа, по мое мислење, треба да биде наша основна ориентација во натамошните преговори.

Ако констатираме огромна недоверба меѓу републиките, што честопати ги препречува патиштата на меѓусебно разбирање, па дури и најосновното комуницирање, ние не треба да паднеме во психоза на заемна недоверба, на обвинување, а сите знаеме и се надевам сме свесни за сите последици од таков раскол што може да настане кај нас.

Притоа, го имам предвид сето она што денеска беше спомнато во врска со прашањата што ги поставуваа пратениците, во врска со дневниот ред ,итн., дека се не на помол, туку се конституирани антимакедонски коалиции и од надвор и внатре, итн.

Оттаму предлагам да се пренесе расправата за овие прашања веднаш, во Уставната комисија, да се согледаат сите нови моменти што се појавија после Декларацијата и Платформата и да се формулираат, ако се констатира потреба, дополнителни ставови и да се информира Собранието за предлозите на Уставната комисија. Мислам дека е тоа пат на постепено градење на нашите ставови, проверка на тие ставови, да се земе предвид сето она што во меѓувреме станува во Југославија, да бидеме будни во смисла да следиме сѐ што се случува, позициите што се менуваат, да бидеме во тек со сето тоа. Уставната комисија би требала практично, по мое мислење, перманентно да биде во заседание додека не се разрешат сите овие прашања сврзани со иднината на постојната заедница и, се разбира, со позицијата на Македонија, така како е формулирана во Декларацијата.

Еве, со оваа куса информација сакав да ве запознам за состојбите и можеби само уште да додадам нешто што требаше напред да го кажам.

Веќе нас првото заседание на врвот ние се заложивме да не дојде до разговори кои, евентуално, после како преседан практикуваат понатаму, да може да се разговара во состав 3 републики, 2 републики, 4 републики, а сето тоа има вид како да се разговара во рамките на Претседателството на СФРЈ. Само сите републики заедно можат да разговараат за иднината на оваа заедница, односно секоја за себе да донесе одлука како ќе постапи со себеси и како ја согледува својата сопствена иднина.

И тоа, да додадам, на обидот да не приклучат кон тоа да сме кај едната или кај другата страна, ние децидно кажавме пред крајот на минатата седница, ние не сакаме да учествуваме во било каква двојна, тројна или четворна федерација. Не сме за асиметрично уредување на Југославија и бараме рамноправен дијалог на суверени држави кои ќе изградат таква заедница за која нивните заемни интереси дефинитивно ќе ја определат нејзината содржина.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам, по оваа информација на претседателот, да отвориме расправа и ги слушнеме мислењата на пратениците. Потоа, кога ќе ја завршиме таа расправа, претседателот да не информира за текот на утврдувањето на мандатор на новата влада. Да се развие расправата како би можеле да заклучуваме.

Минуваме на расправа по Информацијата.

Дали некој бара збор?

Има збор господин Владимир Голубовски

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ (ВМРО-ДПМНЕ):**

Почитуван претседателе, во лично име и во име на Партијата на која припаѓам, сакам да изразам целосна поддршка на излагањето на претседателот на Републиката, господин Киро Глигоров и сметам дека сето она што е разговарано е во рамките на Платформата и во контекст на Декларацијата во ништо не е излезено од тие рамки што заедно ги договоривме во македонскиот парламент.

Во оваа можност, покрај задоволството што сакам да го изразам од текот на разговорите, воедно сакам да опоменам овде, денеска, во македонскиот парламент, на опасната појава, односно тенденции да се прекрши тој договор, односно некои политички субјекти на своја рака да ги девалвираат таквите разговори и да создадат една недефинирана состојба, во којашто значително би се нарушила преговарачката функција на Македонија.

Затоа, однапред, како што впрочем и со своето гласање денеска на иницијативата за раздружување, како нешто инцидентно, настрано од рамките што ги договоривме, однапред ги осудувам како неконструктивни таквите иницијативи

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ (ПЦЕР):**

Следејќи сè што се случува денеска во Југославија, преку радиото и телевизијата, меѓурепубличките контакти, договарањата и, да бидам многу искрен, позицијата на нашата преговарачка група со другите републики, мислам дека имаме јака група, достојна да говори во името на овој Парламент, во името на Декларацијата што ја донесовме, во името на дека сè друго што ќе биде надвор, што го изнесе господинот претседател Киро Глигоров, ќе биде на штета на Македонија, на штета на граѓаните на Македонија, на штета на интегритетот.

Мислам дека ќе мора да се ангажираме да опстане Југославија, да опстане таква каква што ние ја посакуваме во нашата Декларација, каква што ја посакуваат и другите републики.

Меѓутоа, притоа водејќи сметка за суверенитетот на републиките, односно суверенитетот на СРМ. Заради тоа, сè друго што ќе биде искажано на оваа и на други средби околу некое си разграничување или да го употребам зборот развенчување од Југославија, мислам дека ќе биде само на штета на Македонија, на овој Парламент, на сите нас, на граѓаните што ни искажаа доверба и ни го покажаа патот да дојдеме до овој Парламент.

Треба и понатаму да дадеме поддршка на Групата, на чело со претседателот Киро Глигоров. Веројатно тука се и напорите на господинот Тупурковски и на претседателот на ова Собрание. Мора да веруваме дека ќе излеземе пред оваа луѓа, пред оваа Европа, чисти, исправни, онакви какви што, впрочем, нè сака и Европа, заеднички во Југославија, со расчистени сметки. Верувам дека тоа што го кажа господин Глигоров од аспект на должничко-доверителските односи, како во Македонија, така и во другите републики, дека нашата актива е поголема, нашите побарувања се поголеми од долгувањата итн., веројатно и на овие преговори ќе се постигне некоја согласност. А јас, знам дека веќе, информиран сум во мојата работна организација, дека веќе нешто почнало да оди. Веројатно ќе се подобри состојбата на нашето стопанство и во името на Партијата за целосна еманципација на Ромите од Македонија голема поддршка на претседателот Киро Глигоров и останатите во преговарачката група.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ (Независен кандидат):**

Поддржувајќи ги во целост констатациите на претседателот на Републиката, би сакал да покренам иницијатива, со оглед на тоа што донесувањето на Платформата до денеска има многу нови моменти и во однос на опкружувањето околу Југославија и во самата Југославија по однос на Македонија и статусот на Македонија во идната југословенска заедница, предлагам, врз основа на амандманот 75, точка 4, став 2, Собранието да побара од претседателот на Републиката да даде предлози по прашањето за ставовите на Југославија. Тие ставови да ги разгледаме и усвоиме на наредната седница.

Сега ги ислушавме неговите размислувања по повод разговорите што беа водени досега. Меѓутоа, бидејќи немавме текст во писмена форма по кој ќе може и да се изјасниме, со сите дополнителни моменти што се присутни во дневно-политичката практика на Југославија. Токму заради тоа, останувам при предлогот што го поднесов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ (МДПСМ):**

Нескриено е чувството кое, гледајќи ги информациите и соопштенијата, изјавите на челниците на републиките од овие самити што се одржуваат, дека ние, како Парламент и нашата преговарачка група, така да кажам, успешно ги изразува платформските цели и суверенитетот што овде го изгласавме на Македонија.

Во таа смисла, мислам дека треба да продолжат овие разговори. Меѓутоа, што поскоро би морал овој Парламент, низ Уставната комисија и низ другите форми, Владата, итн., да ги отвори прашањата врзани за овие 4 основи, така да кажам, на идното заедничко уредување на Југославија, во онаа мерка во колку ние би можеле уште повеќе да дадеме придонес како иницијатори на содржината на тие заеднички цели за живеење. Тоа е едната работа што мислам дека треба да се потенцира.

Второ, нешто што како чувство од впечатокот, од посетата на Хрватската делегација во Македонија го носам, а тоа е дека во понатамошните активности треба да водиме сметка и за нешто што значи суверенитет на информативниот простор на Македонија, бидејќи ако го градиме суверенитетот на државата на начин како почнавме да го градиме со повеќепартиските избори итн., ќе мораме да го заштитиме и овој другиот простор, што значи одредени поводи на посети итн., не би смееме да бидеме во функција на напаѓање на други држави, народи, итн., омаловажување на други народи во Југославија.

Ова точно го кажува, бидејќи во одредени истапувања на господинот Месиќи, имаше и такви, така да кажам, конотации, кои мислам дека треба на одреден начин да ги осудиме, бидејќи суверенитетот и низ тоа треба да го браниме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Љупчо Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ (СКМ-ПДП):**

Во контекстот на информирањето на претседателот на Републиката и посебно во неговото залагање дека во врска со прашањето на идното устројство на југословенската заедница, меѓу другото, беше истакнат и предлогот во врска со ова прашање е неопходно интензивно работење на Комисијата за уставни прашања, уште од утрешниот ден.

Во тие рамки, јас би сакал да потсетам дека уште на 11 јануари на ова Собрание, меѓу другите заклучоци, кога расправаше и по информирањето на претседателот на Претседателството на СРМ, донесе заклучок до ИС. Воедно, тоа не е прашање на кое треба денеска да се одговори. Но, добро е да се потсетиме и тој заклучок да добие една оперативна функција.

„Собранието на СРМ го задолжува ИС да изготви пресметки, односно анализи за можните опции во однос на идното уредување на Републиката, кои се позитивните, а кои негативните ефекти за прифаќањето или неприфаќањето на понудените опции. Само врз таа основа, ќе се овозможи на пратениците, со компарирање на понудените факти и податоци, мериторно да одлучуваат".

Јас сакав само да потсетам само на овој заклучок на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ (ВМРО-ДПМНЕ):**

Јас мислам дека овие преговори, барем досега што се водени, се добри, успешни. Меѓутоа, сметам дека на оваа Македонија не и е потребен само суверенитет формално, независна македонска држава и дека со оваа Декларација што ја донесовме, значи дека Македонија е потполно рамноправна држава во рамките на Југославија.

Во тој контекст, сакам да додадам, ако веќе преговараме во рамките на Југославија и преговараме рамноправно со овие Републики, тогаш ние ја заборавамe и другата страна во која не сме рамноправни во тој однос. Тоа значи дека од овие други три, поразвиени републики, сме фактички опљачкани. Ние сме украдени. Нашата економска сила е на последно ниво во Југославија. А, кога економската моќ на една држава е на најнизок степен, тоа подразбира дека нема и политичка слобода, а нема и правна суверена држава.

Тоа подразбира дека ние, во овој Парламент, аналогно и придружно со овие преговори што треба да ги вршат нашите луѓе на ниво на Југославија, треба во овој Парламент, треба под итно да се заложиме сите мерки што треба да ги преземеме на економски план треба да се иницираат тука и да се спроведуваат.

Во тој поглед, на пример, на платите на Република Македонија со другите републики. Зошто нашите стопански судови да бидат толку ажурни во наплатата, додека нивните судови за наплатите во однос на Македонија не се остваруваат или не се ажурираат.

Исто така, знаеме дека е ова доста чувствително прашање и еден комплекс и на други прашања, меѓутоа ние сепак треба во овие преговори да им укажеме на Републиките дека Македонија, не по своја вина, е во ваква економска ситуација, туку по вина на Републиките.

Затоа, тие лидери на дотичните републики треба да сфатат дека сите обврски што ги имаат спрема Македонија, треба да ги намират, за да може ние, во некаков однос, да се избалансираме, за да можеме рамноправно да преговараме. Инаку, ние сме ставени во позиција на послаби и понемоќни и во тоа нема што да бараме.

Затоа, велам, конкретно и во овој парламент, да настојуваме што побрзо да се формира оваа влада. Таа е потребна на Парламентот. Аналогно на тоа, да се донесуваат сите други законски прописи, да се носат и да парираме на овие развиени републики. Меѓутоа, строго водејќи сметка за чувствителноста на проблемот, затоа што ние сме затворено подрачје. Ние сме отворени само кон Србија, кон Југославија и голем дел од нашите производи ги пласираме на овие пазари.

Затоа, велам дека треба многу, многу да внимаваме.

Јас имав само толку.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Љубисав Иванов.

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:**

Поштовани претседателе, поштовани колеги, јас мислам денеска ние ќе расправаме за едно многу значајно и многу суптилно прашање, и пред време, затоа што во тек започнаа разговорите во Југославија, поправо тек започнаа говори со Претседателството на Југославија, после тие состаноци, изјава за печат и главно тие се најразлични. Практично, во Претседателството на Југославија не е започнато со преговори.

Ние, по сè изгледа, немаме трпение и по сè изгледа под одредени влијанија создаваме една атмосфера на свршен чин и атмосфера на напнатост, на ослабена наша позиција, итн. Ова не е само политичко прашање, ова е длабоко економско прашање. Овде не се случајни повеќе опции и повеќе подопции во игра. Тие захтеваат длабоки анализи, длабоки проучувања. На нас сега ни требаат тимови, уиграни тимови, коишто и сите тие позадини и сите тие невидливи позадини коишто се поставени како цели коишто треба да се постигнат, треба да ги откриеме.

Не е тешко, другари, ние да се раздружиме. Меѓутоа, со кого ќе се здружиме? Како ние понатаму ќе живееме? Каде ќе се наоѓа нашиот човек, еве почнаа да пристигнуваат телефакси, телекси, итн. Треба ли ние да се караме со Југославија? Треба ли да напаѓаме поедини народи? Еве еден ми мавнува со рака. Многу одговорна е оваа работа.

Мислам дека нашиот пристап да не се врзуваме за никого, да градиме своја сопствена позиција, е најисправен пристап. И ние, за прв пат, еве имаме прилика и нашите размислувања, не само во Југославија да се искажуваат преку средствата за информирање, туку тие да продрат и во светот и преку нашите настојувања да излеземе со свои посебни предлози кои нудат некоја логика и коишто се засновани на разум, на објективност, итн., полека тие ќе продираат не само кај разумниот свет во Југославија, туку тие сè повеќе ќе продираат и во светот.

И дајте, ако што ние постигнавме консензус по оние наши акти, да настапиме во тие преговори и понатаму, без некои претходни бучни најави, итн., да ги решаваме, да направиме форми и начини, овие прашања за коишто можеме да се договориме да ги решаваме во една мирна атмосфера, нормално овде, во Парламентот, како и на телата, али сѐ тоа да биде во интересот на нашиот народ, на македонскиот народ. Немојте ние да служиме како тројански коњ на поединци.

Тие времиња, добро рече и претседателот, мислам дека треба добро да ни биде поука што оставија длабоки траги во нашата историја, коишто многу години не ни овозможија да направиме своја сопствена држава. Денеска кога тие придобивки ги имаме, треба да бидеме паметни да ги сочуваме и да ги градиме на едни цврсти темели, со една паметна политика.

Ние денеска имаме еден добар преговарачки тим, паметни луѓе, ние ги избравме овде, им дадовме поддршка и треба да имаме добар бабонир и добро е што ние непрекинато сме информирани, не само преку ова собрание, туку и преку средствата за јавно информирање.

Меѓутоа, вклучувањето на македонскиот ум, пошироко, на нашиот интелектуален колективен ум, би било корисно, не само Уставната комисија, туку и пошироко, тоа може само да придонесе ние да изнајдеме најдобри решенија во правец на создавање на една стабилна македонска држава, економски силна да излезе од овие кризи, итн. Еве, јас, во таа насока, молам ние да изградиме еден заеднички консензус и заеднички настап.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Господине претседателе, господа пратеници, се јавувам само за една мала реплика кон господинот Љубосав Иванов, бидејќи се осврна, пристигнаа, навистина, две телеграми, односно една од ОТЕКС, но да напоменам, ако рековме раздружување, раздружувањето не значи и да излегуваме од Југославија, тоа е чекор со чисти сметки во Југославија и со една карта во рака која што ја имаат и другите републики.

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:**

За реплика. Ова не е моја област во која јас треба да бидам многу информиран и да ја познавам. Меѓутоа, колку што памет ме сече, настојувањето на Словенија и на Хрватска се или да се распадне Југославија, а тие да се одвојат од Југославија и да излезат од неа, или по пат на раздружувања, како што се вели, каде што би се другите народи, другите републики сложиле.

Првиот пат е тежок, макотрпен, бара и многу време и меѓународниот правен поредок сигурно дека не ги признава сѐ додека не го добие тоа правно својство. Вториот пат за нив е многу полесен и затоа сега избираат. Според тоа јасно е дека тоа е практично излегување.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас само сакав господинот Љубисав Иванов-Ѕинго да го прашам, не ми е јасно изгледа, не сум доволно паметен. Би сакал, ако може, пред сите нас, да каже кои се неговите ставови и неговите погледи за иднинава, за позицијата на Македонија во овие преговори? Дали во Социјалистичката партија прифаќаат во случај да се одвои Словенија и Хрватска, Македонија да биде во Федерација четворочлена од Црна Гора, Босна и Херцеговина и Србија. Јас не можев да сфатам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, нешто сфаќаме нешто не сфаќаме, ќе бидеме јасни во дебатата и во текот на расправата може да има уште прашања.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, јас сум задоволен од изнесените податоци на претседателот Глигоров за настапот на нашата делегација во разговорите на Претседателство на СФРЈ. Истовремено, јас го делам, исто така, мислењето дека нивниот настап беше во духот на она што го ние заклучивме како Собрание и во насоките кои што и беа презентирани.

При ова, мислам дека ние и понатаму треба да останеме на оваа опција и притоа да вложиме како Република максимални напори да останеме на линијата на конструктивен и кохегионен фактор во идното одлучување или идниот договор на сите народи на југословенските народи, а притоа, секако, водејќи сметка за основните интереси на Македонија, на македонскиот народ и на другите народности кои што живеат во Македонија.

Јас се залагам да се продолжи со разговорите во Претседателството на СФРЈ за побрзо окончување на кризата, од причина што сведоци сме дека стопанството и стопанските текови се целосно блокирани и дека нашето стопанство, поготово македонското стопанство, ги чувствува сите последици со едни многу поизразени елементи.

Во таа смисла, исто така, ги поддржуваме и насоките кои беа изложени овде за продолжување на расправите пред телата во Парламентот, почнувајќи од Уставната комисија во изанализирањето на сите можни решенија коишто треба да одат на линија на подобро и побрзо разрешување на сегашната криза. Верувам дека само на ваков начин ќе придонесеме за подоброто на Македонија и на македонскиот народ и народностите коишто живеат во Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас би земал учество во расправата.

Јас се придржувам на пратениците кои оценуваат дека господинот претседател Киро Глигоров и господинот Васил Тупурковски, во разговорите за политичката иднина на Југославија, во рамките на Претседателството на СФРЈ, се држат за платформата, поаѓаат од Декларацијата за сувереност, коишто се држат за ставовите што произлегуваат од Декларацијата за сувереност и од Платформата, и дека делотворно, и, би рекол, доста успешно, ги развиваат тие ставови.

Сеедно, ова прашање има судбинско значење за македонскиот народ, за македонската држава, оваа проблематика, и нормално е, треба да знаеме дека ние денеска кога ги гледаме информирањата од тие разговори, а исто така и денес кога оваа расправа се обавува овде, во нашето собрание, од разни аглови и делови на нашето општество во Македонија гледа на целата оваа проблематика и разни стравувања доминираат со психата, со расположението, со погледите на нашите луѓе.

Јас би ги зел само крајните погледи кои постојат кај нас. Не треба да бегаме од тоа. Еден дел луѓе размислуваат, па добро, зар ние сме така плашливи и зар толку не знаеме дека ете Југославија се распаѓа, па Словенија и Хрватска си го собраа својата грижа, они ете си донесоа документи за раздружување и за одвојување, зар не треба нив ние да ги следиме, зарем и денес пак ќе задоцниме и ќе бидеме доведени во ситуација да бидеме принудени да членуваме во некоја форма на некоја федерација асиметрична или не знам каква, во која ќе биде македонскиот народ изложен на асимилација.

А, исто така, и суверeноста на Републиката која ја имаме постепено ќе биде признавана и таа ќе исчезне. Друг дел луѓе велат, па добро ние нели брзаме многу. Како тоа донесуваме Декларација за суверенитет. Доста интензивно размислуваме и за тоа што прифаќаме, а што не прифаќаме во Југославија.

Дали сме ние таа сила што може на Југославија да ѝ кажува што е прифатливо за Македонија а што не е прифатливо. Зарем нашата слаба економија, нискиот стандард, големиот број невработени, како и големиот број на вработени коишто не можат да се искористат во работниот процес, зар тие, сите тие факти нас не нè чинат да бидеме малку помирни, поодмерени, повнимателни.

И има трети, можеби, најголем дел луѓе размислуваат зар оваа наша позиција не е премногу неутрална, недоискажана. Знаеме ли ние точно што бараме. Ние, ете велиме, не сме за конфедеративниот модел, не сме за федеративниот модел, априори ги одбиваме. Знаеме ли ние точно за што сме? Не сме ли ние мртво неутрални? Не сме ли ние неактивно пасивно неутрални и дали ние треба, фактички, да помируваме некои непомирливи гледишта кои се искажале веќе низ досегашните разговори или низ досегашните конфронтации коишто постојат во Југославија и коишто се обликувани и како различни правци на разврска на кризата.

Сето тоа го измачува нашиот народ, нашиот човек денеска. Имаме голема неизвесност за иднината на нашата Македонија, за нашиот народ и затоа ние треба на оваа наша дебата некои работи појасно да ги кажеме.

Инаку, морам да кажам дека во излагањата во средствата за јавно информирање, тие се доста јасно кажани од страна на претседателот на Републиката и господин Тупурковски честопати за тоа зборувал.

Меѓутоа, мислам дека треба овде да ги кажеме во нашата дебата, тука да процениме дали е тоа добро, колку е тоа добро, имаме ли ние алтернативи на тоа. Видете, ние не сме за тоа да не се прифати конфедеративниот модел и да не се прифати федеративниот модел, заради тоа што тие се вакви или такви модели. Или ние не сме денеска да донесуваме резолуција за раздружување, заради тоа што ние не сакаме чисти сметки.

Ние, фактички, сакаме во овој процес на разјаснување на позициите на секого во Југославија да преовладее демократскиот дух и ние да знаеме со кого имаме работа и кои се стојалиштата на секоја од страните кои сега се исконфронтирани, по основа и во врска со круцијалните, клучните прашања на таа идна заедница или раздвојување, т.е. на клучните прашања на секој народ.

Па затоа, ние сакаме да знаеме да кажеме, па затоа и ние сме не неутрални, туку ние сме исклучиво активни, премногу активни, затоа што после ќе кажам зошто го заклучувам тоа дека сме така. Ние сме во тој поглед, веројатно, засега единствената страна во Претседателството на СФРЈ која може да даде нешто за натамошно изјаснување на сите членки во расправата.

Ние, на пример, сакаме да ги знаеме темелно становиштата на сите оние кои се за раздружување, на оние кои се за конфедерација и на оние кои се за Федерација и за асиметрична федерација, и за било каква, какви се нивните становишта по човечките, темелните човечки права и условите на живот и слободи во таа идна заедница, а исто така и кај себе. Затоа што мислиме, ако живееме заедно, во иста, да кажеме, заедница, со било кого, треба да знаеме кои основни човечки права и кои демократски придобивки на современиот свет се другите спремни да ги прифатат и да ги гарантираат.

Ние сме сосема спремни по тоа прашање да дадеме видување. Дадовме едно начелно видување, а во излагањата на нашите претставници тоа е досега широко елаборирано.

Второ прашање е делумно расчистување на сметките, но и делумно како во современите услови на економски интеграции во светот и економски врски на база на пазарот, ја замислуваме таа заедница.

Што значи царинска унија, што значи и што зафаќа валутна унија, ќе имаме ли еден девизен курс или ќе немаме. Кои рефлекси на единствениот пазар и ќе го имаме ли тој единствен пазар, кои рефлексии и последици на единствениот пазар нè погодуваат нас и даваат еднострани предности на некои други и кои услови и институции со таквите единствени пазари во светот или заеднички пазари ги имаат, се прифаќаат овде кај нас како инструменти, исто така и како институти.

Тоа треба ние да го разјасниме пред да се изјасниме за било кој концепт. Ако тоа не го разјасниме, ние се втуркаме во туѓи јамки, во туѓи стапици.

Оттаму тие работи мораме докрај да ги добро знаеме. И треба да ги принудиме сите да се искажат по сите суштински прашања од таков карактер

**СТОЈАН АНДОВ (Продолжение):**

Трето, да се разјасниме во областа на одбраната, во овој процес на демократизација во општеството. На жалост, ние живееме на простори каде што навистина има заканувања со воени средства со ѕвецкање на оружје, со притисоци и така натаму.

Ние треба да знаеме од кого и дали треба да се браниме од некого во таа заедница или треба да се браниме само од некои трети страни што не се во таа заедница. Кои модели на одбрана во таков случај се и најефикасни, најсигурни и најевтини. Дали ние можеме да опстануваме како народ оптоварени со скапи армии и така натаму, а дали смееме степенот на нашата сигурност, нашиот опстанок овде да го ставаме на коцка и да зависиме само од наклоноста на некоја друга сила околу, дали таа ќе протолкува какви се замерки има на нашето живеење па да ни примени притисок ваков или таков.

Четврто, ние го кандидатираме како четврта област прашањето во меѓународните односи. Ние сме суверена република. Ние имаме интереси во меѓународните односи. Ние треба да процениме сами овде, но и да ги принудиме сите да проценат заедно што од меѓународните односи. Имаме корист да  биде заедничко и заеднички да се остварува, содржински сето тоа да го согледаме и да видиме што од тоа мораме ние сами да оствaруваме. За што сме ние способни да остваруваме, што ни е најевтино, што ни е на нас најпробивателно, каде најмногу можеме да ги застапиме и да ги оствариме сопствените интереси.

Според тоа, не е тоа неутрален приод. Не одбиваме ние да се приклониме кон едни, да се приклониме кон други, заради тоа што, фактички, едните или другите ќе не само изманипулираат. И тоа е точно. Но, ние сакаме да видиме точно кои се погледите по тие суштински прашања, по тие суштински односи на едните и на другите.

Дека е тоа во овој момент делотворно, тој приод и тој став, нека ме исправи господинот претседател и нека го објасни, инаку стои, на последната седница на Претседателството, заедно со претседателите на републиките и претседателите на претседателствата и со претседателите на Сојузниот извршен совет и на Сојузното собрание, покрај тоа што е постигнат начелен договор за оние минимални точки, согласност во обласа на економијата на еден одреден период, нели е единствено тоа договорено што е наш предлог да се отвори расправа и по овие прашања сите страни да си ги презентираат своите гледишта до петок.

Всушност, на последната седница на Претседателството, само еден наш предлог е успешно прифатен од сите. Ние треба да знаеме што е вредноста на таквиот став. Ние ни со една наша иницијатива или давање на знаење дека ние сме поделени овде, не смееме таквиот наш став да го девалвираме заради тоа што со тој наш став ние прво ја демонстрираме нашата решеност за модерно и демократско разрешување на кризата во Југославија и изградбата на нашата Република овде и второ, само поради тоа ние нешто значиме во Југославија ни по економска сили, ни по нешто друго, туку со нашите идеи со нашата современост, нашата определеност за напредни и цивилизациски решавања овде. Најмногу по тоа вредиме. Ние вредиме, значи, како иницијатива, вредиме како став, како насока на разрешување на сите овие прашања, а да ви кажам ние немаме воопшто штета ако ова прашање го водиме на овој начин.

Ако дојде ситуацијата таква да мора да одиме во раздружување и дури до отцепување, нека цел свет знае што сме застапувале, за што сме се бореле и оти само заради тоа што некој на друг начин работи и други идеи застапува, ние одиме, ако треба и во отцепување, и во раздружување и во сојузи, вакви или такви.

Во таква ситуација, ние сме и мирни пред сопствениот народ, а на нас ни е долгот спрема тој народ исполнет, ние се покажуваме небрежни спрема неговите темелни интереси и ние можеме секаде да речеме дека во условите објективно дадени такви какви што се докрај, ние сме ги извршиле нашите обврски.

Заради тоа, мислам дека едноставни иницијативи, кои можат да не покажат како поделени, како тоа да ни е внесуваме сомневање во нашиот основен приод и во нашите основни погледи на развојот и на Македонија и на Југославија и на балканскиот регион и во Европа, такви поделби се многу опасни за Македонија, за македонскиот народ, да не кажам, и пошироко.

Сакам да напоменам дека многу важно прашање овде покрена господинот Котевски. Ние не само што треба да ги расправиме, јас за тоа зборував дека го поставуваме како едно од централните прашања единствениот пазар што е царинска унија, итн., економските прашања понатаму како перспектива, но ние треба да видиме што се случи во Југославија, кој какви игри игра и какви предности стекна, а какви штети на другиот нанесе. Тоа треба да си го оствариме и ние во сите наши билатерални разговори што ги имаме со сите републики и инсистираме посебна точка во тие разговори да бидат разговорите меѓу владите, а претседателите на нашата Влада и на владата на секој од партнерите ги задолжуваме таму да ги изнесат сите наши погледи и они нивните погледи, меѓусебните побарувања, застојот во плаќањата, итн.

Еве, јас го молам и господинот Гоговски да каже каков е нашиот став и спрема разговорите што ги водеше господинот Марковиќ да се утврди како да се намалат или избегнат штетите што ни се нанесени, а исто така да каже и со кои барања и кои инсистирања сме оделе на разговор во другите републики, а нека каже и кои се резултатите од тоа и дали не треба од тоа и понатаму и во тој правец да инсистираме.

Сакав овие наши погледи и од овој агол да ги изложам овде и сакав да кажам дека е оправдано вознемиреноста на нашите граѓани, само сакам исто така и сите пратеници ги молам, и овластени луѓе со сопствениот придонес, овде да внесеме повеќе верба кај сите наши граѓани во овој парламент кој ја гради оваа политика и во раководството на оваа политика кое таа политика ја презентира.

**ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, драги гости,

Јас сум пратеник на СКМ-ПДП од Крива Паланка.

Не можам, а да не кажам нешто што од времето кога почнаа преговорите за новото конституирање на Југославија, а да не ја пренесам желбата на луѓето што ја одбраа, а тоа е изборната единица број 37, од каде преку 15 села се на граница со СР Србија. Сакам да кажам, просто не би рекол да ме чуди, но некако интересно е што во текот на сите наши досегашни расправи, ние скоро ништо добро не кажавме за оваа наша соседна Република Србија.

Не се повикувам на тоа што и како прокламира партијата на Вук Драшковиќ и на некои други екстремни партии, меѓутоа, сакам да ви кажам дека јас сум послевоено дете, дете кое потекнува од село, кое своето школување го има завршено во две републики, граѓанин на Македонија, прав Македонец, кој почитувајќи го југословенството имам брачна другарка која е Хрватица, меѓутоа, сакам да ви кажам дека ни малку, на нас, како Македонија, не ни приличи, која во составот на СФРЈ ги добивме сите национални права и која сега во овој историски миг како за Југославија, а највеќе за нас како Македонија и ние треба најмногу да внимаваме како и на кој начин ги градиме односите и се однесуваме спрема нашиот сосед, а тоа е СР Србија.

Морам да ви кажам дека во моментов кога одев на предизборните обиколки во селата, меѓу првите услови што ме условуваа во овие погранични места со Србија, беше какви се вашите односи со СР Србија. Односите на вашата партија. Јас во овој момент кажав дека нашите односи со СР Србија пред сѐ ќе зависат од тоа какви се нивните односи кон нас.

Ако тие го почитуваат нашиот национален и територијален интегритет, тогаш ние немаме никаква причина на Република со која сме и национално и верски поврзани да имаме поинакви односи.

Меѓутоа, сакам сега да нагласам, дали ние се оглушуваме од една вистина дека сите овие состојби кои и те како го засегаат стопанството во целата Македонија, а одговорен сум да кажам (негодување од дел на пратениците).

Другарите од ВМРО сигурно малку поинаку мислат, но дозволете ми да си го кажам моето мислење. Јас мислам дека ништо помалку не ми лежи Македонија и македонистот на мене отколку на вас.

Сакам да кажам дека сите овие таканаречени колапси во стопанството, а ова што претходниот дискутант го изнесе тука, да постојат реални согледувања дека СРМ во определениот момент не врши наплатување да се побарувањата на Македонија можеби далеку поголеми отколку што е всушност дефицитниот биланс и така натаму, се плашам тоа да не е резултат можеби на некој наш крив однос спрема ова спрема нашата Република.

Сакам пак да кажам, ако било кој ја знае структурата на Србија, тогаш прашајте ме, јас како лекар, ќе ви кажам што ми имаат изнесувано наши Македонци кои своевремено трпеле ќотек од српски џандари, и така натаму.

Меѓутоа, јас ќе ви кажам и тоа, кога ние сега ги спроведувавме изборите, меѓу другото, луѓето прашуваат, кажете дали е на ваша страна војската и милицијата. Нашиот селанец така размислува и кога ќе му објасниш ти како е, он знае за која партија да го даде својот глас (негодување).

Јас зборувам, не толку од лично име, колку од името на мојата изборна единица. Да не заборавame дека сега, ако се случи Македонија како самостојна држава, да не знам што ние во релативно краток период ќе доживееме не знам каков период. Јас имав прилики во текот на изборите на одредени места луѓето и те како најпогрдно се одразуваат за досегашниот наш систем.

Мене лично, јас кој сум сиромашно дете, слободно можам да кажам иако на некого можеби на ушите не му прија, да не бил тој систем кој бил, досега сигурно не би бил ни лекар, ни лекар специјалист, и така натаму, меѓутоа, сакам да кажам кога тоа го посочивме во таа месна заедница, во најпасивното село каде што и сега децата бегаат од џипот, од моторни возила, од сите можни деца кои завршиле осмолетка во 1973 година, само има 2-3 деца кои не завршиле средно училиште, а сите други завршиле факултет.

Јас ве прашувам зошто сега постои еден таков опортун однос кон минатото. Еве, ќе бидам слободен да кажам, нашиот новоизбран претседател е исто така од постарата генерација, кои на некој начин ги преживеал сите тие превирања, јас мислам, а и самите вие гледате, дека нашата партија, и воопшто целото општество, доживува еден препород, благодарејќи на светските збивања, меѓутоа, едно треба да сфатиме. Секоја националистичка партија, било тоа во Србија, било во Хрватска или било каде, па и кај нас, да знаете дека само може да не доведе во лошо.

На крајот, да кажам и тоа дека ние во Крива Паланка ги поддржуваме сите напори што нашите раководители ги даваат во текот на договарањето и едино имам една забелешка што потпретседателот на Републиката, Месиќ, како да на некој начин го искористи своето излагање во Македонија преку нас Македонците да даде една критика на СР Србија, што мислам дека не ѝ оди на СР Македонија.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Излагањето на претходниот дискутант секако заслужува извесно внимание, само јас во оваа прилика не мислам да се осврнувам на ниеден момент од тоа.

Мене повеќе ме испровоцира настапувањето на господинот претседател на Собранието и гледав во тоа доста места кои може да се поддржат, но извесни работи кои говорат дека ние како нација некако слабо гледаме. Имено, ако сум добро запознаен, при распадот на империите во Африка, тие нации кои секако се помлади од нашата, не се двоумеа многу дали ќе се раздружуваат или не, или дали ќе формираат самостојна држава.

Јасно ни е донекаде на сите дека и денес тие се во една енормна зависност од бившите метрополи. Јасно е исто така дека они имаат своја самостојна држава која самостојно настапува во меѓународната сцена, а во колкав обем ги штити интересите на тоа население, тоа е поинаква тема и тема само за нив, а јас сметам дека ќе биде за нашата држава само наша тема тука.

Инаку, не е ни случајно што ние водиме подолго време ваква расправа. Наместо за едно кристално изложување на гледиштата, односно на текот на преговорите со другите републики што господинот претседател Киро Глигоров го даде тука, ние да се изјасниме дали го прифаќаме тоа или не, па да можеме да продолжиме понатаму, ние почнавме со извесни нафрлања од партија до партија, односно каде има места да се нападнат партиските интереси.

Затоа, сакам малку да сум конструктивен и во смисла на излагањето на Андов, јас би го повикал господинот премиер да ни каже нешто пошироко за разговорите со Владата на Анте Марковиќ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Првпат реков дека ќе дадеме овластување од делегацијата која ќе не претставува, а сега имаме претседател на Република, кој по сила на Уставот, нè претставува. Предметот е да нè запознае со содржината на разговорите. Ние треба да ги примиме такви какви што се, а нашите оцени како ќе треба понатаму да настапува, ќе видиме на крај. Од која причина.

Во  сите преговори, па и во овие меѓурепублички односи постојат правила на скриена игра. Кога нашите претставници отидоа да разговараат. без она жалење на докторот од Крива Паланка да имаме склоност кон една или друга република, па да ги почиваме овие предности, нема да бидат наши преговарачи, туку нивни зависници.

Ќе заклучам со следното: Дали нашата делегација, односно нашиот претседател на Република и господин Тупурковски, кои беа заедно таму, немаше да ја доживеат судбината на претставникот од Црна Гора, кој се јави како мало браче на господин Милошевиќ и прочита некој став на Србија и Црна Гора.

Сакам да имаме чиста и јасна позиција на Македонија, интерес на македонскиот народ, кој ќе има и политички и економски дел. Во економскиот дел нека имаат улога економистите, а во политичкиот дел ќе имаме претседател, тој ќе биде оној кој ќе носи одговорност за таа работа.

Тоа ќе биде моето запазување.

Другиот дел, дали сме ние суверена држава или не, зависна или независна.  Декларацијата тоа го кажа. Меѓутоа, платформата, ако се сеќавате, Платформата за преговарање беше јасна, да се дадат можности, да се види што нуди другиот партнер. Ние од печатот слушнавме дека едната група, таканаречена два - северна, Словенија и Хрватска нудат отцепување, односно раздружување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Другата група нуди федерација. Останавме сега да пресудиме Македонија, Босна и Херцеговина. Ние не судиме на никој. Тие го кажаа само политичкиот дел, меѓутоа животниот дел кој нас не интересира а сме најзагрозени единствена република која не влезе во платниот промет не отиде да се користи со примарната индустрија ние треба да кажеме напред што сакаме.

Нека кажат тие, јас сметам дека во економскиот дел добро се постапува тогаш и дури тогаш да ги кажеме сите  наши нешта. Дека овие што се плашат од тоа дека некој ќе ни го затвори пазарот и не можеме да живееме. Кој го затвара пазарот се затвара и сам себе. Никој не може да живее сам. Интересите на Србија не се само интереси на Македонија, туку и за неа самата.

Според тоа, ако застапуваме и преговараме ќе бидеме единствени и ќе го застапуваме интересот на Македонија, а не интерес на потчинета улога.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господин претседателе, дами и господа, пратеници, мислам дека веќе се повторуваме, меѓутоа, имав кренато рака отворено и затоа излегов колку можам да придонесам во расправата по излагањето на господинот претседател Глигоров. Мислам дека на сите ни е јасно дека се работи за историски момент, дека се ова драматични денови во коишто имаме шанса да го довршиме делото на сите македонски дејци што го положија животот за ова парче слободна македонска земја, да успееме да го регулираме државно-правниот статус на Македонската држава во евентуалната нова југословенска заедница на рамноправни суверени републики. Притоа, на Македонецот, во текот на неговата цела историја, никогаш не му достасувала храброста.

Познато е колку храбри Македонци и прехрабри лежат под земјата и не оставија пород. На Македонецот во историјата му недостасувало ум и разум. Зошто Македонецот во текот на историјата пател од меѓусебна недоверба од делбите што не разбиваат со децении.

И денеска сосема е сигурно дека со создавањето на некаква антисрпско, антихрватско, антимакедонско, антиалбанско или било какво расположение, не градиме мостови за разоружување на општествено-политичката криза во која што живее и Републиката и југословенската заедница.

Ние сите мора да градиме мостови на доверба и на разбирање, па дури и целосно да се раздружиме, не може да се живее во средина во која што сме опколени, како што ви е на сите познато, да не ги повторувам или парафразирам зборовите на големиот македонски поет Коле Неделковски, изречени пред педесетина години, кога некој од соседите ги идентификуваше со тирани и ги моли да се запрат да не се слуша нивниот упакосен глас од „устите бедни“. Меѓутоа, дел од тој повик и денеска е актуелен, особено делот во којшто се зборува дека тие наши браќа „вијат за брата за да ги глодат сувите коски“.

Независно од тоа што не смееме да градиме никакви анти расположенија, историска одговорност е државно-правниот статус на оваа македонска, е да се уреди и да се обезбеди нејзината иднина. Према тоа, основно е какви се нашите преговарачки позиции во расчистувањето на општествено политичката криза во Југославија. Тие позиции ќе бидат појаки колку што ќе постои поголемо единство помеѓу сите нас кои ги градиме основите на база на коишто нашата преговарачка група учествува во тие разговори.

Во таа смисла, сакам да го истакнам своето задоволство за досегашниот настап на нашата делегација и во билатералните и во федералните разговори. Сметам дека во целост се придржуваат кон декларацијата и платформата и затоа посебно се јавив за збор да потенцирам следното: од моментот кога ние донесовме платформа за тие преговори, сведоци сме дека во Југославија се случија многу собитија коишто практички во целост ја изменија состојбата.

Затоа, сметам дека Платформата во голем дел е застарена. Таа Платформа мора да се обнови и, како што предложи господинот претседател, на наредната седница на Парламентот по работа на стручни тела, тоа значи во четврток мора да излеземе со една нова осовременета платформа којашто ќе ѝ послужи веќе на утрешниот ден во петокот да може да одговорат на сите нови предизвици што ќе се јават во преговорите.

Сметам дека по клучните прашања од национален интерес, мора на седницата во четврток да се постигне национален консензус, како би можела нашата преговарачка екипа да наиде на целосна поддршка од Парламентот кој моментално ја има целосната одговорност за тоа дали ќе ги погоди и заштити нашите национални интереси и дали ќе ѝ овозможи на нашата преговарачка екипа да има што поцврсти, што поегзистентни, конзистентни ставови, да може да настапи од свое име, заради тоа што во Југославија потполно е јасно дека се судрени голем број на сосема противставени интереси и Македонија треба да се спрема за сите опции.

Никој од нас нема против да ние живееме во една идна југословенска заедница на рамноправни републики. Меѓутоа, може да бидеме доведени во ситуација да мора да прифаќаме и некои други опции. Ако станува збор за најлошото по мене опција или варијанта на раздружување, затоа што сметам дека секое раздружување е лошо од било каков карактер. Друго, ако во раздружувањето сметаме дека треба да си воспоставиме чисти сметки, заради што без чисти сметки нема иднина на никаква заедница, па макар и на брачна, итн.

Друго е ако под раздружување подразбираме моментално неспремно излегување од југословенската заедница. Ако ништо друго, барем заради долговите што таа заедница ги има према Македонија. Да не повторувам тоа, веројатно по 4-та точка ќе дискутираме, ако се 3000 милијарди вкупните загуби во стопанството, а некој ни должи како федерација преку 4,2 милијарди, или ако не платил македонски добра преку 5 милијарди, не може да се оди на раздружување без да се разгледаат сите аспекти на тоа раздружување.

Зборот ми е во следното: Некој се подготвуваат за раздружување во Југославија, подготовките ги вршат скоро една година или повеќе. За сите можни опции, за сè она што нè чека, за сè она што ќе биде предизвик пред нашата преговарачка група за билатералните и мултилатералните преговори, нашата екипа мора да има јасна платформа поддржана со консензус од овој Парламент.

И таа платформа треба да се иновира и донесе во четврток, за да може веќе во петок да се настапи во името на овој Парламент без да се предизвика можноста да нè оговара целата јавност заради нови делби и неслоги внатре и да се предизвика можност на повраќањето на таа наша преговарачка група да ѝ се приговара, зошто вака или онака настапила во тие разговори, заради тоа што има многу нови моменти и после разговорот во Сараево, кои ќе дојдат на дневен ред во петокот.

**ГЛИГОРИЕ ГОГОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас би сакал да ве информирам во врска со разговорите коишто во ова меѓувреме меѓу последната седница на Собранието и денеска течеа во Сојузниот извршен совет, а кој главно се однесуваа на предложениот документ на сојузниот извршен совет за минимумот функции во Федерацијата во овој преоден период во преговарањето за идното уредување на Југославија.

Ние сме информирани со ставовите на Извршниот совет. Тие се во писмена форма доставени до претседателот на Собранието и до Вас почитувани пратеници.

Исто така, вие сте информирани и со ставовите на Извршниот совет, што ги зазеде по однос на ставовите и оценките на Сојузниот извршен совет за состојбата во земјата и во однос на документот, а кои беа на расправа на седница на координација во Сојузниот извршен совет на 6-ти, односно 12-ти оваа година.

Според тоа, јас ќе извлечам само неколку моменти што се карактеристични, кои се значајни и кои мислам и сум согласен со овој предлог кој  беше даден од претседателот на Републиката на сите нови моменти кои се создадени во ова договарање во овој изминат период треба да бидат вградени во платформата и верифицирани во Собранието на Социјалистичка Република Македонија како нова платформа за понатамошните преговори за идното уредување на Југославија.

Најпрво, во однос на обврските за кои се заложивме обврзно да бидат внесени во документот на сојузниот извршен совет за минимумот функции на федерацијата во овој преоден период.

Сакам да ве информирам дека ставовите на републиките се следните: Републиките Словенија и Хрватска во однос на обврските по однос на Буџетот, па и во однос на Фондот на федерацијата, едноставно како да ги избегнуваат и не сакаат тоа да се прифати и да се реализира. Ставовите на недоволно развиените ви се јасни, оти тие побаруваат. Тоа се исти со ставот на Социјалистичка Република Македонија.

Ставот на Република Србија се состои во следното: ако сите ги измрат обврските, тогаш и тие веднаш ќе ги измират обврските и према Буџетот и према Фондот, и јасно од Федерацијата да се намират обврските на оние републики кои побаруваат по основ на Буџетот и по основ на Фондот.

Према тоа, сакам да ве информирам дека по однос на обврските постои една голема резервираност ние сме во состојба да имаме побарувачко салдо од околу 4 милијарди динари. Тука се побарувањата во однос на Буџетот, побарувањата по основ на Фондот и побарувањата по основ на Ирак.

Овие побарувања како обврски, разговарајќи за 1989 и 1990 година се такви, какви ги спомнав, меѓутоа овие побарувања, посебно по основ на Фондот, каде е во прашање валоризација на аконтативните износи во 1990 година, каде е во прашање валоризација во целосната вредност на општествениот производ, овие износи се далеку поголеми и сакам да ве информирам дека побарувањата вкупно по основ на фондот и тековни побарувања кои произлегуваат согласно на предлогот на Законот за фондот за 1991 година, кои треба да важат, тие изнесуваат преку 5 милијарди динари. Само по основ на Фондот за Социјалистичка Република Македонија.

Според тоа, се работи за многу големи износи, што се многу значајни за движење, не само на репродукцијата, туку и за надградбата и за вкупниот живот во Републиката.

Преговорите во понатамошниот период во однос на овие значајни отворени прашања во делот на обврските, ќе престојат многу тешки разговори и сигурно дека тоа ќе се одолговлечува, а некој за тоа има интерес. Јас тоа го соопштив како наша оценка и минатиот пат пред вас, а тоа сакам да го повторам и денеска.

Второ што сакам во оваа прилика да спомнам, е следното: затоа што имаме точка на дневен ред „состојби во стопанството во почетокот на годината“ и сите овие прашања во материјалот, а и низ уводното излагање ќе бидат и пошироко елаборирани и не мислам да се задржувам, меѓутоа ќе извлечам еден друг момент којшто мислам дека е доста значаен за вашата информираност. Од тоа што беше и досега речено, јас сакам да се приклучам кон оние што соопштија дали директно или на индиректен начин нема цена за сувереноста на Македонија, повторувам, нема цена со која се плаќа сувереноста на Македонија.

(Аплауз)

Меѓутоа, исто така, при секоја наша одлука ние сме должни како Извршен совет да ве информираме, но исто така и вие сте должни да барате да сте информирани за состојбите во Републиката за да навистина свесно донесеме одлука. Па било каква одлука и во тој правец јас сакам да ве информирам, следејќи го сето ова како развој во Југославија, уште во текот на минатата година, ние во Извршниот совет утврдивме две анализи во работна верзија што ги подготви Републичкиот завод за општествено планирање. Тие се под државна тајна.

Јас мислам со овој дел можам да ве информирам, не навлегувајќи во податоците, но само да ви соопштам дека се изработени една анализа за каде ќе се најде македонското стопанство, општествените дејности при на пр. самостојна држава Македонија, втора анализа каде ќе се најде Македонија, македонското стопанство, општествените дејности, животот, животниот стандард во еден сојуз на држави во Југославија.

Тие два работни материјала се утврдени на седница на Извршниот совет, запознат е Извршниот совет, тие се доставени до претседателот на Републиката, до членот на Претседателството на СФРЈ, до претседателот на Собранието, еден примерок е кај мене и еден кај Стручната служба на Извршниот совет за да може да биде користена ресорните органи на Извршниот совет, за и понатамошна доработка.

Ако оцениме Собранието со овие материјали или за евентуалната нивна ажурираност во наредниот период пратениците во Собранието ќе бидат на соодветен начин информирани.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Дами и господа, за информација на овој парламент и на македонската јавност, пред малку, повеќе очигледно не бевме сфатени, пратеничката група од ВМРО-ДПМНЕ ја донесе иницијативата за раздружување. Можеби тој збор не е соодветен на нашиот македонски, затоа ќе речам чисти сметки.

Слушајќи го излагањето на господин Ханџиски, исто и ние тврдиме, и јас од свое лично име, дека треба да се најде консензус за вакви битни прашања што се за македонската држава, за македонскиот народ. Затоа, уште еднаш кажувам дека раздружувањето не значи моментално одделување од Југославија. Тоа значи чисти сметки. Да видиме каде сме ние во Југославија и како можеме понатаму.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Дами и господо, би почнал со една констатација, која можеби ако не е толку трагична, би била смешна. Пратеникот од СКМ ПДП ме натера да кажам една своја мисла која долго време ја валам во мојата глава, а тоа е дека, ако не дај боже, сега армијата наша југословенска ни излезе на улици по Македонија, по Скопје, барем половината од македонското население, велам не граѓаните на Македонија, затоа што во Македонија живеат и Албанци и Турци, туку македонското население, исклучиво македонското население би излегло и најверојатно со цвеќе во рацете би ја пречекало таа армија на улиците на Македонија.

Тоа сигурно е една констатација која сите нас овде како пратеници, како политички партии, како луѓе на партиите треба да се замислиме до каде дојде свеста на македонскиот човек да размислува за демократијата.

Сега, да го отворам прашањето за кое зборувавме, за идните преговори на македонската држава во Југославија. Пред да кажам било што, би сакал да се задржам на еден момент, а тоа е моментот на излегување од овие рамки, во кои сме до сега.

Денеска, единствено преговарачки позиции на Македонија беа насочени строго во Југославија. Се има едно чувство на рововска битка само внатре во Југославија. Очигледно дека другите држави во Југославија, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, нè учат на нешто друго, а тоа е дека мораме да излеземе од тие внатре рововски борби во Југославија и преговорите во македонската држава да ги насочиме малку пошироко, најпрво на Балканот, Албанија, Грција, Бугарија, Турција, а потоа и Европа.

За жал, ние само можеме да констатираме дека словенечката држава најнормално политички комуницира и со Италија и со Австрија и со Унгарија, а исто и хрватската држава, а ние само овде, преку наши соопштенија, дневни, преку средствата за јавно информирање констатираме Бугаринот отишол во Атина, а Гркот во Албанија, а овој во Турција, овој во Унгарија. Ние само седиме во една статична позиција и ги гледаме работите како се случуваат околу нас.

Значи, сметам дека што поитно треба да ги задолжиме највисоките раководни лица на оваа македонска држава, а со тоа се подразбира и јас тука, во најбрзо време да ја искористат можноста да создадат можност македонската држава да оствари најпрвин некакви контакти со своите балкански соседи.

За жал, ние, пак ќе речам, само напаѓаме, само критикуваме, само велиме овој таков договор направил, оној таков договор направил, а ние само молчиме и седиме. Ние мораме да се обидеме да ги дознаеме позициите, пред сè на Албанија, Грција и на Бугарија за Македонија.

И што е тоа што можеме да го измениме во тие позиции. Затоа велам, преговорите во Југославија нека продолжат, меѓутоа, паралелно со тие преговори мораме да имаме и пошироки преговори. Значи пак ќе речам, пред сѐ, балкански, а потоа и малку пошироко, европски. Се разбира, со оние земји кои се отворени кон Македонија, а сметам дека има премногу земји во Македонија кои се отворени кон Македонија. Тоа е првиот проблем.

Вториот проблем, кој сигурно досега се наметнуваше овде во македонскиот парламент и во македонската држава, е тоа што изгласавме некаква Декларација за суверена држава. Меѓутоа, сега се поставува прашање дали тоа изгласување на таа Декларација како суверена македонска држава, е само формален акт, дали е само тоа еден формален чин, дали е само тој лист што го усвоивме овде.

Јас, за жал, не гледам никаква промена од денот на изгласувањето на тој акт за суверена македонска држава па досега. Добрите познавачи на политиката и на правото, велат со овој акт ние во прв момент треба да суспендираме барем 40 сојузни закони кои важат овде во Македонија. Ние мораме да се однесуваме најсериозно за она што сме гласале тука пред неколку месеци, а да не зборуваме дека таа Декларација за суверена македонска држава, веќе во средствата за јавно информирање, на некој начин, како да се заборави, како ништо да не било, едноставно го занемаруваме како акт.

Трет момент за кој се зборува, тоа е преговарачката позиција на Македонија. Едно е сигурно дека нашите преговарачи во досегашните преговори на најуспешен начин го претставуваат она што Македонија го има договорено за суверена македонска држава, што го има во платформата за договорите во Југославија.

Меѓутоа, наполно се согласувам со господинот Ханџиски кога рече дека настаните во Југославија како се менуваат брзо и таа декларација, односно таа платформа веќе се чувствува застарена.

Од друга страна, не можам, а да не упатам остра критика на сите нас, бидејќи сигурно не може да биде помалку или повеќе одговорен што дозволивме овие 3-4 недели да ја оставиме Македонија без никакво заседавање на овој македонски парламент. Еднаш ни се натрупија обични материјали, а втора работа е самите настани во Југославија.

Ние во тие три недели имавме неколку значајни преговори. Имаше преговори со Словенечката делегација, имаше преговори со Хрватската делегација, имаше еден состанок во Белград на ниво на републики, имаше друг состанок во Сараево.

Се случија два многу значајни настани во Југославија. Словенија веќе донесува во словенечкиот парламент за раздружување од Југославија. Хрватска тоа исто го прави. И молкот, немањето на парламентарна расправа за тие два акта, мислам дека е голем срам и големо укажување на несериозност кон настаните во Југославија и во Македонија.

Повторно ќе се вратам на оваа политичка платформа и на овие ставови кои ги бранеевме досега. Нема сомневање дека се тоа чисти ставови. Меѓутоа, кога ќе се погледне во суштината кои се тие ставови, ќе се види дека се тоа четири става.

Првиот став дека се залагаме за рамноправен договор меѓу сите републики за новото уредување во Југославија.

Вториот акт дека Македонија се залага и го брани ставот суверенитетот на да биде на републиките, а не на народите, како што бараат некои.

Третиот акт е сигурно не менување на границите во Југославија, дека овие граници што сега се во Југославија се исцрпуваат нашите ставови, а за жал времето покажува дека од една ограничена платформа ние веќе мораме да надминеме со нешто ново, со некои новини. Да одиме понатаму, да видиме што сакаме понатаму, што не сакаме, односно за што станува збор.

Една многу реална ситуација. Србија вели оној кој не е за Федеративна Југославија, нека се раздружи. Во истиот момент имаме декларација за раздружување од страна на Словенија. Се поставува прашањето што сега со Македонија. Ситуацијата е многу реална и многу сурова. Од една страна, повторно ќе повторам, цврстиот став на Србија кој не е за Федерација нека си оди, а од друга страна Словенија си оди. И ние каде остануваме? Сите се залагавме дека не сме за симетрична федерација. Меѓутоа, кога треба да дојдеме нешто конкретно да направиме, очигледно одеднаш настанува штама. Како да ја немаме таа храброст, да се соочиме со таа реалност.

Можеби за несериозноста на сето тоа зборува што ние на дневен ред на овој македонски парламент, воопшто немаме ставено точка да се расправа токму за тој миг -што после актите на раздружување на Словенија и Хрватска? Каде остануваме ние?

Јас мислам дека тоа се многу битни прашања во денешната консталација на односите во Југославија. И јас не би се согласил со онаа забелешка која прееска беше речено дека преговорите за Југославија сега почнуваат. Јас би рекол дека преговорите за Југославија веќе завршуваат. Јас ќе речам, многу пати сум рекол, 15 мај е многу карактеристична симболика. Тогаш се менува Јовиќ, доаѓа Месиќ на неговото место.

Дајте да се подготвиме што подобро и што поцврсто за тој момент, бидејќи разврските како што изгледаат во Југославија, ќе се одвиваат и побрзо отколку што сакаме ние овде внатре во Македонија, или ако ги гледаме сите тие желби, пак ќе повторам, бидејќи многупати се повторувале, Југославија ни дава тоа, тоа сме го добиле, она сме го добиле, иако јас во принцип не се согласувам со ставот дека сме го добиле, дека ни го дал некој, туку дека сме го добиле со борба и со труд, меѓутоа реалноста е друга.

Имаме еден акт на раздружување од една југословенска држава. Една потполно нова ситуација во Југославија. Ние сакале или не да го оддолжуваме тој период на распаѓањето на Југославија, јас лично сум убеден дека во овој миг и брзото темпо на Југославија, не и одговара никако на Македонија. Меѓутоа тоа е фактичката состојба. Словенците и Хрватите, за жал нас не нè чекаат. И ние мораме по тие конкретни примања и конкретно да се определиме. Очигледно дека време е за размислување, за дебатирање на некои пошироки дискусии немаме во овој миг.

Значи, пак ќе се вратам, оваа платформа, според мене, е претесна. Ние мораме да направиме една нова платформа, која сигурно ќе поаѓа на позициите на старата платформа и кога ќе поаѓа на позициите на суверена македонска држава, меѓутоа кога ќе биде збогатена со многу нови елементи во кои ќе има многу поконкретни ставови од она што го сакаме во идната Југославија.

Пак ќе кажам, за жал, не можеме да го констатираме она што се случува денеска во Словенија, во Хрватска и во Србија. Таму и оние партии коишто се на власт и оние коишто се партии во позиција, по оние главни прашања за судбината на својата држава, имаат многу конкретни ставови. Вие денеска, во Словенија, во Хрватска, во Србија, не можете да најдете партија која не ја сака државноста на тие републики во сета смисла на тој збор.

За жал, ние во Македонија, помеѓу партиските договори и преговори, во меѓупартиските програмски цели, сè уште не сме дојдени до една позиција во која сите партии во Македонија ќе застапуваат и став за судбината на Македонија, за судбината на Југославија. Токму затоа, можеби, се сите овие кочења и сите тие договарања и зборувања.

Меѓутоа, без да пренагласувам дали конфедерација или федерација ќе биде за да не се сфати дека се определувам за некои програмски цели, меѓутоа во новата платформа што ние ќе ја изградиме како македонска држава, мора да има пред сè една основна работа, ако велиме дека сакаме своја сопствена македонска позиција. И да кажеме дека во овој миг е тоа најдобро.

Меѓутоа, таа сопствена македонска позиција, мораме да ја именуваме. Мораме на таа позиција да ѝ дадеме некакво име. Дали таа ќе се вика федерација, дали ќе се вика конфедерација, дали ќе се вика суверена држава, што ако остане само суверена држава, ќе асоцира најмногу на потполна македонска држава, дали сојуз на суверени држави, ние мораме на таа форма, на таа нова платформа, да ѝ најдеме некое име, без да робуваме на некакви досегашни имиња, како што Србија го даде моделот за модерна федерација, а Словенија и Хрватска го даде моделот за конфедеративна Југославија. Сега гледаме се преименува тоа на некој начин во сојуз на суверени држави во Југославија, меѓутоа содржината на сето тоа останува исто.

Значи таа конкретност на нашиот модел, мора, пред сè да биде изразена со името на таа платформа што ќе ја дадеме, а потоа со содржината, а за да ја одредиме таа содржина, се поставуваат две прашања.

Ние во оваа Југославија, во овој момент имаме два модела со потполно јасна содржина. Тоа е моделот на модерна Федерација, што го понуди Србија и моделот на конфедеративна Југославија, односно сојуз на суверени држави, кој го понуди Словенија и Хрватска.

Колку да бидиме самостојни, колку да поаѓаме од интересите на македонскиот народ, ние мораме да сфатиме дека меѓу тие два модела, мораме да бидеме некаде. Или ќе бидеме поблиску до едниот или ќе бидеме поблиску до другиот. Тоа не значи дека ќе се приклонуваме кон едниот или кон другиот, меѓутоа, тоа е реалноста. Ако успееме во овој миг да измислиме нешто сосема четврто, што јас лично не верувам, тогаш да го направиме и тоа.

Значи, првиот миг тоа ќе биде името на она што го нудиме. Не можеме да пливаме во водите на апстракцијата на апстракциите, туку поконкретни работи, затоа што цела Југославија го бара.

Втората работа ќе биде содржинскиот дел на она што го нудиме, а содржинскиот дел, потполно се согласувам, да се разговара по оние 3, 4 работи за кои досега зборувавме.

Меѓутоа, за тоа треба да се направи некоја група, можеби да биде составена од членовите коишто се овде во партиите, може да биде составена од Владата, од поединци ако сакате, можеме и тоа да го дадеме во обврска на некој премиерот, претседателот на државата, претседателот на Собранието. Можеме и тоа да го направиме. И потоа за тој конкретен предлог да дискутираме. Да дискутираме, тоа ни се допаѓа, тоа не ни се допаѓа, и на крајот да го направиме тој документ, тој акт кој ќе биде нашата позиција.

Јас, пак ќеречам, денеска во оваа позиција имаме три, четири можеби и пет става кои ни се конкретни, кои ни се јасни. Меѓутоа, тие ни се ставови што не сакаме, а сега треба да преминеме во една нова фаза и да кажеме што сакаме.

(Аплауз)

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, сакам да се произнесам со свое мислење по повод информацијата на претседателот, господин Глигоров, по повод разговорите за политичката иднина на земјата.

Имено, што е важно да кажеме во овој момент. Што треба да прифатиме од таа информација што ја чувме овде, а што не. Дали нашите заложби треба да бидат само некаква државна заедница, за заедница на суверени југословенски републики или пак да се живее во сојуз на држави, а тоа значи целосно определување за осамостојување.

Мислам дека ситуацијата бара сосема цврсти ставови. Или самостојност на републиките, како што бараат Словенија и Хрватска, или за цврста федерација, односно некаква модерна федерација, каква што ја застапуваат Србија и Црна Гора.

**ДРАГИ АРСОВ: (Продолжение)**

Дали во тој случај, ако немаме определен став, ако Македонија не го гради тој став, нема да се најде во една неопределена позиција. Дали Македонија во тој случај ќе се најде во ситуација со некои половични решенија. Зошто така мислам? Затоа што Македонија е сѐ уште цврсто неизјаснета, ниту пак прифаќа целосна самостојност на републиките, ниту пак се изјаснува за тоа и се оградува од таа модерна федерација, туку за некаква заедница на суверени југословенски држави. Дали за таквата заедница може да се разговара, како што се најавува чекор по чекор или да се смета на некакво остварување на нејзината содржина.

Мислам дека нашите ставови треба да бидат јасни, затоа што Југославија пред нашите очи престанува да биде тоа што е, што била досега, таа едноставно се раздружува, се распаѓа. Дали во овој момент е реално да зборуваме дека меѓу народно правните позиции на Македонија се загрозени, како што овде во дискусијата се истакнуваше.

Мислам дека таквите оценки се неприфатливи. Напротив, треба да кажеме дека тие меѓународно правни позиции не се загрозувачки за Македонија, не само заради заземање на цврсти позиции на Македонија во преговорите, туку и заради обезбедување на сигурност на Македонија во меѓународните односи и придобивањето на нашите странски партнери, а исто така и за поголема афирмација на Македонија во јавното мислење.

Ова го велам дека таквите позиции, пред сѐ, се остварливи, се стварни, затоа кога зборуваме за политичката иднина на Југославија треба даречеме дека за Македонија е дојден вистинскиот момент таа да крене по својот сопствен пат, слободно, самостојно, без да страхува од некакви внатрешни и надворешни фактори.

Сметам дека за Македонија е неопходно да прифати позиција за раздружување на Југославија. Врз основа на таквата потреба, и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ја покрена иницијативата да се донесе Резолуција за прифаќање на постапката за раздружување на Југославија, за раздружување на повеќе суверени самостојни држави. За таква определба што ја направи Словенија, а пред извесно време и Република Хрватска.

Со таквото залагање, односно со залагањето за нови држави што ќе настанат со раздружувањето, на Македонија ќе ѝ се овозможи македонска сувереност во целосна смисла на зборот, на целокупниот македонски простор, во рамките на постојните граници. Се залагам за такво раздружување, кое ќе се изведе постепено, демократски и во интерес на сите договорени страни со расчистување на сите меѓусебни сметки и биланси.

Време е Македонија, еднаш, јасно и гласно, да каже дека е готова да склучи сојуз на суверени држави и дека Македонија е согласна да се утврдат минимумот на сојузните функции во преодниот период, додека се постигне договор за раздружување, односно дообликување на новиот сојуз на суверени републики.

Значи, време е Македонија да донесе одлука, односно резолуција за раздружување на Југославија, како основа за конечниот договор за уредување на меѓусебните односи на СРМ со другите републики и држави.

Значи, не би требало да има дилеми, потребни се конкретни чекори со кои ќе се здобиеме со цврста позиција во преговорите за политичката иднина на земјата, а тоа е сојуз на суверени држави, односно прифаќање на позицијата за раздружување што треба да се направи со посебната Резолуција, за која, како што реков, се залага и пратеничката група на ВМРО.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Бидејќи при изработката на Платформата, Комисијата не учествуваше во полн состав, па би сакал да ги потсетам учесниците на истата Комисија да работат во полн состав, за да не дојде до едно разединуваше меѓу Декларацијата и Платформата. Платформата говори за една Македонија, а Декларацијата за сосема нешто друго. Во овој момент, Декларацијата е дадена во вистинскиот момент, додека Платформата значи нешто што го кажа Љубисав Иванов од Крива Паланка.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Секако дека треба токму еден документ каков што е Декларацијата, а ако се согледува несовршеноста на таа Декларација, уште повеќе во прилог на она што претпладне го дискутирав што треба да значи.

Сакам да се осврнам на дискусијата пред сѐ, од ВМРО-ДПМНЕ. Нормално ќе го застапувам својот личен став на ВМРО-Демократска партија. Лично, како партија, сме за сојуз на суверени држави, меѓутоа патот по кој треба да се дојде, прифатлив ми е оној што го покажа преговарањето, претседателот на Републиката, кој и денеска го повтори, дека треба сите одеднаш да разговараат и секоја сама за себе. Тука е суштинското прашање.

Не може, иако сме за истата работа, да се согласиме некој друг да разговара, во крајна мера, за Македонија, заради тоа што сами ќе се ставиме пред свршен чин и затоа што ќе си го скратиме оној маневарски простор - оној минимум кој вели минимум, затоа што и минимум маневарскиот простор произлегува од објективната позиција на Македонија и политички економски тој го има во Југославија.

Ова мора да реагирам заради тоа што изгледа тоа што се укажува деновиве на историската лекција, како да не ни влегува во свеста, како да сакаме повторно да бидеме изиграни само во едно подруго време и во едно време кога веќе дефинитивно ќе нема шанса за Македонија, ако повторно згрешиме.

Инаку, мене ни близу до умот не ми оди таа логика да отвораме разговор околу нашата одлука за идното уредување на Југославија со земјите кои не нè признаваат, а на кои повторно се инсистира, со Бугарија, Грција и Албанија. Јас не знам заради што се охрабрени парламентарците од ВМРО-ДПМНЕ, не ми се познати докрај работите, можеби се охрабрени во контактите со ПДП-НДП, но би требало да елаборираат, за да можеме и ние да видиме за што се работи, а во однос на Бугарија и Грција не гледам ништо близу до умна логика, нешто што може да помогне за ситуацијата, освен да отвори едно историско прашање кое стално се отвора, а за тоа дека Македонија е географски поим, а можеби една суверена македонска држава може како некое решение на Балканот да послужи за некој сегашен дневно политички мир да послужи, но до тука, а кој е носител на државната сувереност, кој ќе живее во таа држава повторно до денеска не се кажа ниту збор.

Она што од ВМРО-ДПМНЕ од друг дискутант се кажа дека тој не гледа дека треба да се страхува внатре или надвор во оваа ситуација во Македонија. Јас би рекол дека има причина да страхуваме и заради внатрешни фактори и заради надворешни и, ако не друго, заради сложената ситуација.

Уште еднаш ќе го кажам она што и на почетокот го кажав, дека дури тврдат дека Платформата е добра, се работи за добри рамки, воопшто не гледам потреба да се менува нешто, туку треба да се остане доследен на таа стратегија и тактика во разговорот да дојдеме во ситуација да ги видиме интересите сите меѓусебно, а конечната одлука откако ќе завршат сите разговори со сите поединечно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пред да му дадам збор на господинот Георгиевски за реплика, сакам само да напоменам. Некои спорови веројатно непотребно се водат, сакам да ви кажам, и ви реков во утврдувањето на дневниот ред, дека идната седница во четврток ќе гледаме еден поширок материјал. Во договор со нас е направен во ИС тоа е фактички комплексот на меѓународните односи на нашата Република каде сакаме точно да ги согледаме и процениме сите можности како да ја ориентираме нашата надворешно-политичка акција.

Според тоа, тој материјал е порачан пред 20-тина дена, навреме е подготвен и се надевам дека тие го гледаа веќе и дадоа соопштение. Не се доцни и треба да се знае дека е така таа работа и дека се мислело на тоа. Така што, ова не е прв пат спомнато, сите можности и со соседите и со секого, оти ќе имаме, како ги проценуваме ќе имаме расправа овде, само ве молам ни една од републиките во Југославија немала јавна расправа потполно отворена преку целиот свет, која ѝ е стратегијата за нејзините меѓународни односи. Ние така не можеме да го направиме и не би требало да се бара. Ќе видиме кој е режимот на материјалот, како ќе ја водиме расправата.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

За жал, не можеме да ги бираме нашите соседи, а нашите соседи се Србија, Албанија, Грција и Бугарија. Ние сме во средината. Имаме само две решенија пред нас како македонска држава и како Македонци. Или ќе разговараме со нив или ќе седиме внатре и ќе ја користиме „Нова Македонија“, Телевизијата и ќе коментираме, ах, ах, овој од Софија отишол во Атина, утре тој од Атина отишол во Тирана, оној од Белград отишол во Атина и ние овде ќе си седиме, ќе гледаме и ќе коментираме и ќе се пазиме некој да не ни замери дека сме отишле со нашите соседи да разговараме.

Јас пак би се соочил овде и би посочил пример на таа класична 45-годишна индоктринација која доаѓаше само од една Република во оваа Југословенска заедница. Македонија мора да разговара само со една република, а тоа е само со Република Србија. Какви реакции предизвикаа контактите меѓу Македонија и Хрватска. Значи, не станува збор за изолација на Македонија во балкански рамки, во рамки со своите соседи, туку станува збор за изолација на Македонија внатре во Југославија.

Ако се потсетите, пред еден месец што се случуваше за време на една посета меѓу Македонија и Хрватска, сами ќе бидеме сведоци за тоа. Значи, сѐ се прави само Македонија да остане што позатворена, што поизолирана. Јас со таквите дискутанти можам да дискутирам колку сакате, меѓутоа моите ставови се тие, ние мораме како Македонци да почнеме да гледаме свои пријатели и во Хрватите и во Словенците и во Албанците и во Грците и во Бугарите. Само тука е македонската шанса.

(Аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претседателот на Републиката бараше збор.

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Ми се чини дека се нужни уште некои разјаснувања за да се разбереме и да видиме дали навистина биеме во правата мета, во правата цел.

По мое мислење, темелите на оваа македонска држава се уредени со Декларацијата или Манифестот на АСНОМ и Декларацијата што е донесена од овој Парламент, а само да ве потсетам за да видиме дека судните чекори се направени. Со оваа Декларација се изразува сувереноста на СРМ согласно уставните определби за независност, територијалниот интегритет на македонската држава, како и правото на македонскиот народ на самоопределување, вклучувајќи го правото и на отцепување. Значи, сѐ се претпоставува пак кон самостојна македонска држава.

Потоа, првата конкретизација, политичкиот, стопанскиот и правниот систем на СРМ се темелат на уставот на СРМ и републичките закони, а во согласност и со определбите изразени во оваа Декларација. Потоа многу значајни, Уставот на СФРЈ, сојузните закони и другите сојузни прописи и општи акти, ќе се применуваат на територијата на СРМ доколку не се во спротивност со Уставот на СРМ, републичките закони и одлуките на Собранието, со кои се остварува сувереноста на СРМ.

Последното, СРМ како суверена држава, самостојно одлучува за идните односи со државите на другите народи во Југославија во согласност со своите интереси по мирен и демократски пат.

Да не одам понатаму, што сакам да кажам? Тоа е темелниот акт и тука е сѐ она што е битно практично решено. Тоа што сега се укажува на еден конкретен потег на две републики за раздружување, тоа е само еден меѓупотег. Не се работи ни за какви нови солуции и решенија. Тие, истото што го имаат запишано, како и ние, се обидуваат сега да започнат еден процес, ние ќе добиеме, ако веќе не сме добиле, барање од Словенија и Хрватска да се согласиме да се раздружат, што значи раздружувањето не значи ништо друго, освен согласно раздружување.

Инаку, проблемот на суверенитетот е отворен докрај. Не случајно, тој став од порано повикување само на право на самоопределување до отцепување се замени со зборот раздружување, бидејќи се покажа по сите проучувања на меѓународно правните норми, меѓународниот поредок, оти во Европа, по Хелсиншката конференција, по Париската повелба, отцепување тешко да може да помине.

Раздружувањето е логична последица од тоа, што значи раздружување со согласност на сите. Однапред знаат и Хрватска и Словенија дека нема да добијат согласност за раздружување. Тоа е јасно. Можеме ние да се согласиме, не знам како ќе постапи Босна и Херцеговина, овие две нема да се согласат и тогаш ќе се дојде пак до оној процес на отцепување.

Во врска со тоа, сакам да кажам дали требаше, покрај ова што го донесовме, овој темелен акт, да одиме по истиот пат по кој тргнаа Словенија и Хрватска. Еве зошто.

Прво, Словенија излезе со асиметрична федерација. Бараше само за Словенија посебен статус, а другите нека си живеат како си сакаат, нека останат во истата состојба. Потоа преминаа на конфедерација, направија еден заеднички договор за конфедерација со Хрватска, за конфедеративен модел со многу битни варијанти, од кои може да се добие и ваков и онаков модел, во рамките на еден општ конфедеративен модел, но со многу значајни разлики ако прифати оваа или онаа варијанта.

**КИРО ГЛИГОРОВ: (продолжение)**

Сега и тој модел се смета дека може поинаку да биде, не се откажуваат од него, но се употребува термин Сојуз на суверени држави. Значи ли тоа дека ние треба по секоја ваква постапка на било кого, од друга страна, можеби еволуција ќе дојде некаква од страна на Србија или Црна Гора, дали ние така ќе го правиме, или ако сме го донеле овој темелен акт, ќе одиме кон тоа да видиме кој е крајниот интерес на македонскиот народ, а не како да кажам оние кои само следат, кој, што и каков чекор презема и одиме по нив. Кога тие ќе констатираат дека не може тој пат, па тргнат по друг пат, видиш како се паметни, ајде да тргнеме ние по овој пат. А што ако утре пак го променат становиштето. Дали е тоа позиција на Македонија.

Ние имаме цврста темелна позиција за македонската држава. Сега треба да установиме и затоа беше предлогот кој го образложуваше Андов, јас нема да го повторувам, но тој е предлог на нашата делегација, кој беше одбиен на првиот состанок и од едните и од другите. На вториот состанок до пред крај беше одбиен, за да на крај констатираат дека тоа е единствениот разумен предлог, само треба брзо, уште во вторник, да се соберат стручњаците, експертите и по тие четири домени основни да се забележи кој што мисли дека треба да биде нешто што може да биде заеднички интерес.

Тоа е почетокот на правиот разговор, кој ќе не доведе дотаму да можеме да кажеме Македонија е за ова. Ова се нашите интереси, ова бараме кога е збор, за економски систем и пазарно стопанисување, ако другите се согласуваат ова бараме за човечки права, ова се нашите становишта во врска со одбраната, овие се нашите становишта во врска надворешната политика и тогаш македонската позиција ќе биде сосема јасна.

Но, не само нашата позиција, ќе биде сосема јасна и позицијата на Словенија, за која ние не знаеме фактички освен овие декларации кои се нејзините крајни цели. Јас тоа одговорно го велам. Како што имав прилика да чујам на нашите разговори во Словенија на двете делегации, првата реченица на Кучан почна - Југославија е уште нашата прва опција, за да после една недела или десет дена, биде друг став.

Со Хрватската делегација овде разговаравме, а да не се спомна воопшто разоружувањето. Ние не можеме другари и господа и дами, не можеме по тој начин да одиме по стапките и размислувањата и интересите на било која република во Југославија. А треба да соработуваме со сите републики.

Ние се залагавме да се воведе тој принцип, да не смеат овие разговори и таа соработка да биде ограничена само на оваа или на онаа република или на само две или три републики, или само на оние републики кои ќе го прифатат нашиот концепт, а со другите не сакаме да соработуваме. А ние ќе мораме, бидејќи сме на овие простори да соработуваме и со сите соседи и со сите сегашни републики во Југославија и да бараме каде што имаме интерес некакви заеднички акции, итн. Притоа, се од гледна точка на наша проценка, овде за интересите на македонскиот народ и на македонската држава.

Така, нас нè тераа да потпишеме декларација на трите држави дека се определуваме за конфедеративен модел. Ние рековме ние ќе го изразиме нашиот став; ќе кажеме кои се нашите интереси, сами, зошто да правиме пактови да се приклучуваме на оваа или онаа страна. Тие истите, после потпишаа, само неколку дена подоцна, документ за сојуз на суверени држави. Значи, оној конфедеративен модел сепак во топ контекст не го откажуваат, но веќе има една друга конотација.

Според тоа, не треба да се спориме за работи, кои, по мое мислење, од наша гледна точка, од гледна точка на интересите на Македонија, не се спорни, заради тоа што ја имаме оваа декларација која докрај тие работи ги разјаснува.

Дали сега ќе се постигне консензус за разоружување, во што јас не верувам, или тогаш ние ќе дојдеме пред онаа основна дилема што е запишана во првиот член, ако видиме дека не можеме да најдеме заеднички интереси, ќе бараме врз принципот на самоопределување да се формира самостојна македонска држава. Тоа се оние работи кои ќе станат докрај чисти и јасни кога ќе се откријат на крајот на краиштата сите замисли, сите конкретни гледања, сите интереси, и паралелно со тоа, се разбира, и постапно, и ние ќе ги дефинираме сите тие наши интереси.

Тоа е што сакав да кажам во врска со тоа и да не мислиме дека ние задоцнуваме, од една страна, а од друга страна пак, всушност, се залагаме само да одиме по стапките на другите. За да не би задоцниле и за да не би нешто случајно пропуштиле.

Јас морам да ви кажам дека ова што пишува овде, оваа декларација дојде пред она што Хрватска го донесе. Хрватска немаше вака докрај чисти и дефинирани ставови.

Зошто е важно да се расчистат овие четири области, затоа што за овие одлуки мора да се располага и со сето познавање на она што не чека во корпусот на човечките права, кои се интересите на другите во сферата на стопанството, на материјалните интереси на ова општество. Точна е онаа напомена дека суверeноста секогаш е политичка и економска. Ако не расне економската моќ на македонскиот народ и секоја друга негова моќ и културната сила на тој народ, итн., нашата сувереност ќе биде на хартија.

Според тоа, многу е покомплексно тоа прашање за сувереност. Точно е тоа дека ние не сме приготвени во онаа смисла на зборот како што го говореа оние другари дека ние уште немаме до крај проведено се она што е потребно да видиме во различна ситуација како ќе изгледа Македонија.

Еве денес чувме, а пред некој ден тоа и го добив како прва информација од Извршниот совет на Македонија, при што тие варијанти се разгледуваат, луѓето нешто работеле, дај да видиме што е тоа. Да ги имаме податоците пред нас, да не одлучуваме за термини, за наслови за кои не знаеме што содржат, бидејќи се менуваат секој месец. Различно се подразбира под едно, друго, трето и четврто.

Потоа, за чистите сметки, на првата седница се заложивме за тоа од сиот досегашен заеднички живот во Југославија да се дојде до чисти сметки. Тоа не само ние, го бараат и Словенија и Хрватска, не беше против ни Србија. Тоа е заклучок на самитот.

Сојузниот извршен совет доби задача, доби рок кога треба да ги направи тие југословенски сметки во кои ќе се видиме каде сме, што е наше и што сме должни, што е заеднички имот, како тој ќе се распредели, колку тоа го оптоварува ова или она стопанство, овој или оној граѓанин, итн. Сите тие податоци ќе ги имаме, таа подлога за разговори апсолутно е нужна и тоа е во тек исто така. Ако сега ние бараме одовде чисти сметки, чукаме на отворена врата. Тоа е веќе во тек и со тоа ќе се располага.

Преговори со другите републики, па ние и почнавме со оние републики со кои најмалку се разговарало досега. И не само еднаш, ќе ги продолжиме. Секоја фаза од тие преговори бара не само колективно седење на маса и договарање, туку и билатерални контакти каде што ќе почне да се разговара за индивидуалните интереси и можните врски со сите тие субјекти кои учествуваат во тоа преговарање.

Мораме со сета комплексност да ѝ пријдеме на таа материја и да не ја упростуваме. Истото тоа важи и за разговорите со соседите надвор од Југославија. Господинот Георгиевски и јас, имавме еден многу плоден разговор во тој смисол, уште првпат кога седнавме, така да кажам, заедно, дека нашите односи со соседите, со балканските земји, со европските земји, со нужна посета во Америка и објаснување на нашите ставови со дијаспората, известување за сите овие ставови на сите оние Македонци кои имаат исто толку право да знаат што се мисли во Македонија и каде таа оди.

Но, ние сме уште во оваа фаза на организирање што Извршниот совет требаше да ја даде таа платформа да разговараме за тие работи, а во тек се инаку нашите контакти со Германија, германскиот амбасадор беше овде и му беше презентирана целата оваа позиција а тоа нема да остане без одек. Оваа недела треба да дојде овде амбасадорот на САД, Цимерман, по негова желба, ние сакавме да го викаме, тој се јави, итн.

Сите тие работи мора паралелно да се водат и да се имаат предвид и така да се гради постепено една држава, а не евентуално со било каква импровизација, нестрпливост, итн. Иако секој притисок во таа смисла е, по мое мислење, позитивно. Добро е што луѓето бараат што побрзо тие работи да се расправаат но не како нешто што е сосема заборавено, што е надвор од нашите согледувања, итн.

Сè заедно, не чека голема работа и јас се враќам на една, и со тоа ќе завршам, на една мисла која ја изнесе еден од дискутантите денес. Пред нас е огромен труд и ако не успееме околу Владата, околу Парламентот и во самиот Парламент да го ангажираме колективниот ум на македонскиот народ, ние нема да најдеме прави одговори за сите овие прашања.

Никогаш не бил исправен македонскиот народ пред таква задача, паралелно да гради држава, да ја гради на нови уставни односи, да се создава нови односи со народите со кои живеел скоро педесет години. Дека треба да воспоставува нови односи со соседите, да треба да ја афирмира својата европска опција, на која сите укажуваме, итн. и притоа да разрешува едно тешко наследство, кое, верувајте, како и секоја таква работа кога треба едно општество, една економија која работела и живеела четириесет и кусур години заедно, тоа нема да биде не само лесен, но нема да биде ни краткорочна задача.

Тоа има да се влече и тука има да имаме толку многу работа, каде треба да се ангажираат експерти од тоа како ќе ја оствариме на практика нашата сувереност да добие меѓународно правно признание, значи субјективитет, тоа нема да биде воопшто лесна работа, туку ќе треба сѐ што знае во таа област да се ангажира, а што е некаде на Универзитетот, во Академијата, било каде или надвор од нашите сонародници кои треба во тој правец да ни помогне. Да ги согледаме економските последици од сето тоа. Да видиме што ќе сториме со ова наше стопанство, со оваа општествена сопственост. Ние не сме сѐ уште дошле ни близу тие проблеми. А тие ќе бидат оние проблеми на кои многу има, не само да се ангажираме, но и да нѐ боли глава и да бараме разно-разни патишта кои нема да бидат праволиниски, кои не се решаваат со Декларација и со еден став, туку со една макотрпна работа, за која ќе ни треба тој колективен ум.

Уште еднаш заради тоа, апелирам на сите вас да кон ова прашаше, верувајќи длабоко во себеси, бидејќи овој Парламент без ниеден глас против, со акламација изгласа декларацијата дека сите, на сите нас ни е на срце суверена македонска држава. Ама да се создаде суверена Македонска држава и да се одбрани и да се направи да биде економски напредна, е тоа е задача која бара и време, бара она што говорев, сиот напор на македонскиот народ и сиот наш колективен ум.

**ЕШТРЕВ АЛИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани гости, дами и господа, другарки и другари, најпрво го изразувам моето лично задоволство што нашиот почитуван претседател на Републиката ни ја олесни понатамошната дискусија со своето повторно јавување и исцрпните најопходни и многу корисни објаснувања што ни ги понуди.

Затоа, и мене ми преостанува, по сѐ изгледа само малку да дефинирам тука. Затоа, јас лично, сум му благодарен.

Мислам дека методот што го гради Македонската делегација во преговорите за иднината на Југославија е најопстојниот. Тој метод има знаци, доволни знаци и предзнаци да се прочитаат, да се сфати и да се даде проценка. Лично сум за политика чекор по чекор.

Во некои размислувања на пратениците, добивам впечаток дека многу се истрчуваме и во пазувите не преземаат чувствата, а можностите, логиката и разумот ги оставаме настрана. Сакаме наеднаш во оваа Македонија дете од 3 или 5 години да скокне висина од 2 метра. Тоа не може, ниту некаде тоа можело.

Политичката позиција на Македонската делегација ценам дека е солидна. Тоа благодарејќи ѝ конкретно на личноста која ја избравме. Од друга страна, економската позиција таа ни е најкревка, најосетлива. Во тој поглед дури би ги молел другарите или господата пратеници од сферата на економијата да дадат конкретен придонес. Мислам дека по сѐ, не сакајќи во овие наши размислувања денес околу конкретната тема, го запоставивме еден многу важен фактор, политички, а тоа е надворешниот фактор. Малку кога тоа го начнавме и го спомнавме во друг контекст Балканот, Европа скоро ништо и светот исто така.

Ниту Македонија, ниту Југославија е неосетлива кон движењата и оценките на светот, а посебно најновите движења, нарочно во Европа. Таа наша желба која ја сонуваме еден ден рамноправно богати, културни, не се разликуваме од тој поим Европа.

Понатаму, тврдам, не намерно, сосема ненамерно, во политички контекст на сето тоа што не занесува во размислувањата, го запоставуваме и еден внатрешен фактор. Кога велам ненамерно, во нашите размислувања манипулираме само со терминот македонски народ, македонска нација, македонска држава. Ред е да се спомнат и граѓаните немакедонци.

Сосема на крај, мислам дека нашата делегација, ваква каква што е, и во сегашен миг на оваа Југославија може да ѝ нуди модел на современа, демократска Југославија или на современо демократско општество на рамноправни републики и граѓани на цела Југославија.

**СТОЈАН АНДОВ**

За збор се јави господин Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувано претседателство и пратеници,

Пред второто јавување на претседателот на Републиката, сакав да кажам нешто повеќе по ова прашање меѓутоа, после второ негово искажување нема простор за толку широки елаборации. Но, бидејќи се работи за вакво прашање, јас малку таксативно би изнел неколку ставови во врска со ова прашање. Иако еве денеска расправаме до 17 часот, а уште не сме стигнале до дневниот ред, цел ден, ако така работиме, до суверена македонска држава, тешко да дојдеме.

По парламентот разговараме пред македонската јавност. Седницата се пренесува. Пред југословенската јавност ќе биде, исто така, седницава пренесена.

Очигледно е дека имаме различни становишта. Ако конечно се апстрахира аплаузот што го доби претседателот на Републиката после додатните објаснувања, но мислам дисонанциите се евидентни, ако не за тоа што конечно сакаме да направиме, туку за начинот да го направиме тоа што го имаме на ум во овие моменти на Југославија, на Македонија, на ова опкружување околу нас.

Дисонантните ставови и тонови на оваа седница се евидентни. Јас сакам да се запрашаме сите овде, дали имаме пример на друга републикa во Југославија во која парламентите не одлучувале за вакви прашања и не одлучуваат, речиси едногласно, со целосна поддршка и вонпарламентарните субјекти, и уште пошироко, на граѓаните на тие републики.

Од спротивново што нам ни се случува, не по прв пат, јас се чувствувам мошне непријатно. Затоа што ова се прашања по кои, без сомнение, Македонија, граѓаните на Македонија мора да покажат највисок степен на согласност, највисок степен на консензуалност и начин на прифаќање. Сето друго е храна за сите оние „орли“ коишто одамна демнат над суверенитетот на македонската држава. Ние, не треба да им дотураме, ако тие сами гледаат да зграпчат од тоа.

Еднаш расправавме без претходна стручна подготовка за вакво прашање. Констатиравме дека тоа не оди туку така. Почнавме и расправавме сосема слободно и видовме дека тоа не оди така. Рековме да се расправа на Уставната комисија, стручни тела, ќе подготват платформа, материјал, ќе се доставaт, некој ќе ги образложи, ќе го брани и Парламентот ќе размислува целосно и врз понуденото и врз она што не е понудено.

Денешнава расправа мислам дека не може да се одвива на тој начин. Ние, имаме Платформа, имаме Декларација за суверeноста на македонската држава. Претседателот на Републиката го изложи текот на разговорите. Тоа беше нужно. Од излагањето видовме дека ставовите се успешно презентирани, бранети, дека се изнесувани без трошка инфериорност, дури и со креативна надоградба, во духот на она што ние го сакаме во врска со политичката иднина на Југославија и политичката иднина на Македонија. И, од тоа, треба да бидеме сосема задоволни, затоа што е очигледно дека Македонија е субјект, политички во Југославија и тоа нагласен политички субјект. Можеби е нескромно, но повеќе од некогаш.

Сега се констатира дека има нови моменти и дека тоа бара доработка на Платформата. Некој дури понуди, па кажа дека тоа бара нова платформа, со што јас лично не се согласувам.

Претседателот побара за новите моменти да расправа Уставната комисија, да оцени дали нашата Платформа е застарена или не, дали може да остане иста, да се дополни со нови моменти и слично на тоа. Веднаш да кажам дека јас сум за овој пристап, имајќи го во вид карактерот на прашањето и искуството од бесплодните расправи на минатите седници во врска со ова прашање и од огромната штета ако со такви дисонантни тонови се расправа за едно вакво суптилно витално историско прашање за македонската држава.

Потоа, врз основа на ставовите на Уставната комисија во која учествуваат со претставник сите партии, научни работници, затоа ја дополнувавме Комисијата, стручни работници, а можат да учествуваат и највисоките раководители на Републиката. На тој начин оваа страотно штетна дисонантност што ја покажуваме пред поширокага јавност ќе биде елиминирана и ќе дојдеме на Парламентот со многу, многу прочистени ставови и потоа со задоволство акламација, аплаузи, ќе прифаќаме вакви судбински прашања за нашата држава.

Не го делам мислењето дека немаме доволно јасна платформа, особено од моментот на усвојувањето на Декларацијата за сувереноста на македонската држава. Зошто не го делам тоа мислење? Затоа што Платформата и Декларацијата ги одредија многу, многу прецизно ставовите на Македонија за политичката иднина на Југославија и за сопствената политичка иднина, односно за политичката иднина на Македонија.

Најсублимирано кажано, што вели Декларацијата, како и Платформата? Дека сме за суверена македонска држава. За суверена македонска држава. Самата таа одредница јасно кажува дали може да биде федеративна држава југословенска или не може да биде југословенска држава, бидејќи суверенитетот го остава во надлежност на републиките, односно на народот на Републиката. Тоа е толку чист и јасен став, и теоретски и емпириски, што не може да биде почист. И, не може никој околу тоа да вели дека Македонија нема, дека има не знам некакви измеѓу ставови и слично на тоа. Но, тоа треба да се прочита само правилно како што е запишано и да се протолкува така како што единствено може да се протолкува.

Второ, јасно велиме, не сме за редуцирана федерација. Чист,совршено јасен став. Знаеме што значи тој став, кога велиме дека не сме за редуцирана, а тој став е бранет од почетокот до крајот и ќе биде бранет во понатамошниот тек на разговорите и преговорите за политичката иднина на Југославија.

Не сме за асиметрична Федерација и тоа јасно кажува што значи.

Но, сме, а тоа го рековме и со Декларацијата, тоа го рековме и во Платформата, сме првенствено за заедница на југословенските држави. Тоа го рековме. Ова значи исто толку многу и овој став, исто така, треба да се респектира, ако не се има нешто друго во вид некои сосема спротивни ставови од овој, исто така, многу важен став.

Ние не сме против ниту еден сосед и тоа сме го кажале во Платформата. Но, се поставува прашањето ако не најдеме јазик со словенските народи кои се блиски, поблиски по менталитетот, по историско наследство, по култура и слично на тоа, која е гаранцијата дека полесно ќе дојдеме до некоја заедничка заедница со други несловенски народи, со помалку судири внатре, национални и слично на тоа? Тоа е исто така големо прашаше и мислам дека одговор не треба премногу да се бара кога се работи за вакво прашање.

Но, изгледа дека станува актуелно прашањето дали сме за било каква заедница со југословенските држави, заедница на суверени рамноправни држави, било каква, ако е можна таква каква што сакаме, можеби поединечно секој од нас или сме за напуштање на таа опција, а ние ја запишавме, па треба директно со прекршување преку колено да бараме формирање некоја заедница со Грција, Бугарија, Турција или не знам која друга држава. Тоа е исто важно.

Ако сме за ова што го запишавме во Декларацијата и во Политичката платформа, ние сме должни да ги исцрпиме сите можности во преговорите за оваа опција. Мојата Партија и јас сме за оваа опција. Ако тоа не успее, тогаш втората опција е сигурно самостојна Македонија. Тогаш е таа втора опција, самостојна Македонија, па дури потоа трета. За трета може да се размислува ако не може така или е покорисно да биде нешто трето, поинакво, во врска со тоа.

Но, мислам дека не постапуваме мудро. Ние според народната, прво сакаме да кажеме „оп“, а потоа „скок“, наместо обратното. Според таа мудрост, нам ни треба прво да скокнеме па потоа да кажеме „оп“. А, што значи тоа, во последниот дел од излагањето претседателот на Републиката говореше. Треба да се подготвиме за исклучително сложените прашања што ја карактеризираат една комплетно суверена држава, во која се потребни и политички и материјални претпоставки. А, тоа не можеме да го правиме низ широки дискусии, туку со конституирање на цврсти, способни органи кои што ќе почнат едно по едно тие прашања да ги разрешуваат. Секоја опција има своја цена. Тоа мора да го знаеме и да почнеме едно по едно тие прашања да ги совладуваме.

Ете тоа сакав, иако можеби беше непотребно после второто искажување на претседателот на Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор, господин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ (ПДП):**

Даме и господа, почитувани пратеници,

Од тоа што кажаа многу пратеници, а и господинот претседател и тоа што веќе сме информирани од средствата за јавно информирање, понекогаш самиот заклучувам дека е добро да бидеш во златна средина. Но односот 2:2:2 е привремен. Македонија мора да се одлучи за златна средина во балкански и европски рамки како самостојна држава, затоа што тоа е неминовно.

Во нашите разговори за нова Југославија треба да го имаме на ум и општествено-политичкото уредување на одредени републики. Значи, во прашање се идеолошки разлики, а не само името на републиките односно на народите.

Треба да се прашаме кои се критериумите за интегрирање во Европа. Дали смееме да се приклониме кон тие републики кои се игнорирани од Европа? За нивните тврдоглави хегемонистички ставови кон другите народи. Дали смееме да се приклонуваме кон тие лидери на републики кои упорно и без икаков срам ги газат човечките, националните права на другите.

Токму поради таквите погрешни приклонувања имаме крајно наше лошо искуство. Затоа што од време на време игравме на погрешна карта. Поради тоа, со сета наша политичка креативност треба да се ангажираме за опции што гарантираат посреќна иднина.

Кога расправаме за суптилни прашања, како што е самобитноста и сувереноста на Македонија, јас мислам дека нема место, барем во нас, за страв и сила, туку треба да надвладува разумот. Сигурен сум, и тоа цврсто убеден, дека Европа ќе ни загарантира спокој и од тие што сакаат да ни нанесат зло.

Па, затоа, молам, некои пратеници, затоа што тргнувам од самиот себеси, кога би настапил на говорница, се плашам некому со мојот настап да не му нанесам зло. А, никогаш не се плашам од тие што сакаат да ми нанесат зло.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ (ПДП):**

Дами и господа, немав намера да се вклучам во расправата, но една опција на господин Гошев ме наведе и јас да го дадам мојот придонес во расправата.

Ако го разбрав добро, а мислам дека добро го разбрав, една од неговите опции е самостојна Македонија, што лично е прифатлива и за мене, а една друга негова опција беше да се залагаме за било каква заедница на југословенските народи, за било каква заедница, отколку за една друга, да речеме поцврста заедница на други, несловенски народи. Тој го наведе примерот, да речеме со Турција, итн.

Јас мислам дека во овој мир за Македонија е најглавно да се бори, да се залагаме за една заедница во која ќе се остваруваа заеднички рамноправните интереси на сите идни југословенски држави, ако за тоа се залагаме. А, не и понатаму, ако прифатиме да живееме во било каква заедница на југословенски народи, што по мене значи дека и понатаму ќе ја прифатиме улогата Македонија да биде политички инструмент во некои туѓи раце, како што беше и досега.

Ако секој ден се залагаме за некаква европска интеграција, ако се колнеме во Европа без граници, оваа опција не би била прифатлива, бидејќи како што знаеме и многу поразвиени земји од нас, Франција сериозно размислувала за некој сојуз со Германија, иако со векови знаеме дека Франција и Германија биле во најостри борби. Дури размислувале и за заеднички вооружени сили, во изминатата година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гошев има реплика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Гошев за реплика

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Добро, малку сум лошо интерпретиран, воопшто не ми беше мислата во таа смисла, било каква, затоа што со платформата и со елементите што ги кажав во таа платформа, коишто ги вградивме заедно ги застапувам, нема простор за да се извлекува заклучок дека сум за било каква Југославија, туку тоа „било каква", иако е непрецизен терминот што го употребив, се согласувам, може на некого да му даде основа и така да коментира. Јас го кажав во смисла на степенот на лабавоста на таа заедница, поцврста конфедерација до минимум заеднички елементи што придонесуваат да се остваруваат интересите на секоја од државите. Во таа смисла, тој термин го употребив, а не во некоја друга точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ**:

Дами и господа, јас ќе бидам краток, најпрвин благодарам на изнесените гледишта на секого посебно на последните дискутанти од СКМ-ПДП и ПДП и би се навратил на моето прво излагање на оваа говорница, кога кажав дека имаме ние точка на дневниот ред конкретна и мислам дека треба да продолжиме да речеме што ќе биде со Извештајот на господин претседател на Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова се однесува на повеќе дискутанти.

Има збор госпоѓа Димитрова.

**РАТКА ДИМИТРОВА**

Со оглед на тоа што мина многу време, јас ќе бидам сосема кратка. Ме поттикна еден од овие дискусии да се јавам.

За мене, како пратеник, оваа информација, оваа расправа, како вонредно конструктивна, жива и богата, кога многу на нас како пратеници ни го дообјасни ни ги кристализира и збогати нашите разбирања, а со тоа сигурно и на оној дел на нашиот народ којшто сега ја следи оваа седница. Не се сложувам со тоа да се зборува овде за дисонанции и разидувања. На тој начин тие се создаваат. Напротив, совпаѓање до точка, може да биде и мртво совпаѓање. А, пак, инсинуациите за здружување со несловенски народи, просто ги сметам за некоректни и наметнати, не знам од кои причини. Верувам во оние личности коишто имаат визија во одлука, а такви се без сомнение нашите македонски лидери. А, нијансите во гледањата на работите се само наша среќа. Колку што јас можев да разберам, заклучокот на господин Гошев за потребата од нова платформа беше идентична со тука изнесените ставови од многу дискутанти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Халили повторно, само, ве молам, во што е прашањето? Ако може да се концентрираме сѐ да кажеме едно јавување.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Не сум за тоа да се здружуваме по национална основа и по некоја припадност на некоја фамилија на народи, туку ако би дошло до тоа, тоа да биде од аспект на економските, социјалните и културните интереси и за треба да бидат задоволени на Македонија за во иднина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пред да му дадам збор на господин Тито Петковски, сакам да напоменам дека ние сега зборуваме за политичката иднина на Југославија и улогата на Македонија во нејзиното разрешување. Сѐ што се однесува за надвор, тоа ќе го расправаме на наредната седница. Тоа треба да го имаме во вид.

Има збор господин Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас би сакал накусо за две прашања да се произнесам.

Првото е околу работата на нашето Собрание. Не можам да останам рамнодушен после онаа оценка, односно оценките што ги изнесе господинот Георгиевски околу несериозноста на овој Парламент и околу несериозноста на Македонија, затоа што 20 дена не заседавал македонскиот парламент и оценките околу тоа како треба како Собрание веднаш да реагираме на сѐ она што се случува во Словенија и Хрватска.

Јас овие оценки ги прочитав како потпретседател на Собранието, како еден од одговорните, заедно со претседателот, во врска со закажувањето на седниците на Собранието и односите во Собранието, текот, работата на Собранието, итн.

Според тоа, мислам дека сега имаме сосема нова политичка ситуација, која ќе треба и така да се применува. ВМРО-ДПМНЕ преку јавноста го информира и Собранието и претседателот за ова што го изнесе, што господинот Георгиевски го изнесе овдека, а не ги користеше парламентарните инструменти што ги има на располагање, која има најмногу пратеници во парламентот.

Според тоа, начинот на работата на овој парламент е работа на пратеничките групи кои имаат свои координатори, па скоро овдека се договоривме секоја политичка партија има и свој потпретседател околу организацијата на работата на Собранието, да се користат тие парламентарни инструменти, што не значи дека сум против вонпарламентарно влијание во работата на Собранието.

Меѓутоа, ВМРО е партија која има свои пратеници во парламентот и не е партија која што нема пратеници, па да ги користи повеќе вонпартиските инструменти отколку парламентарните. И околу работата и дневниот ред, закажувањето и деловнички има право да закаже веднаш пратеничка група, седница на Собранието, да предложи дневен ред и така натаму. Тоа е веќе познато.

Мислам оценката дека не реагиравме на некои декларации, односно резолуции на Словенија и на Хрватска, како Собрание македонско, не би сакал воопшто да додадам ништо повеќе од она што претседателот Глигоров го истакна овдека во образложението.

Според тоа, ние ќе ги добиеме тие документи од Словенија и од Хрватска и како Собрание по нив ќе се произнесеме, а дали секогаш ќе бидеме предизвикани за нешто друго, тоа е прашање за кое ние како пратеници сме најодговорни.

И, второ, околу минимизирањето на резултатите што ги постигна нашата преговарачка група во Белград, односно билатералните разговори со другите делегации на другите републики, околу само освен симплифицирањето на четири прашања и ништо повеќе, тоа не е малку, ако се има предвид дека токму во дел информативни средства од странство, ставот на нашата преговарачка група се цени како исклучително најконструктивен и позитивен и единствено е тој разумен став кон кој што води мирно решавање за што ние се договоривме за југословенската криза овдека со актот за декларацијата и со Платформата за разговорите во Југославија.

Според тоа, и таа Платформа кога ја донесовме овде како Собрание рековме дека тој не е статички документ, туку ќе зависи од како ќе се развиваат текот на преговорите и ова Собрание непосредно ќе влијае на ставовите што нашите претставници ќе ги застапуваат во билатералните разговори и во Претседателството на СФРЈ.

Според тоа, доаѓаме до сознанија дека се тие надминати, имаме веднаш еден предлог, уставната комисија утре да заседава, а Собранието во четврток ќе заседава, претседателот и членот на Претседателството во СФРЈ од СРМ ќе ги пренесат тие ставови на ова Собрание. Ништо помалку и ништо повеќе не сме можеле во оваа ситуација да направиме.

Овде беше речено зошто македонската јавност е разбранувана од посетата на Делегацијата ВМРО-ДПМНЕ во Загреб и разговорите со ХДЗ. Јас ќе кажам мое мислење.

Македонската јавност е разбранувана од две причини во основа. Првото што, барем како што беше интонирано соопштението во средствата за јавно информирање, дека таму се понуди и парламентарна и меѓупартиска соработка, такво овластување пратениците од овде немаа во разговорите со ХДЗ. Имаа таму за своја партиска, али никако за парламентарна соработка.

И второ, јас мислам господинот Георгиевски ѝ должи на македонската јавност и на ова Собрание за содржината на разговорите што се водени со ХДЗ. Заправо, заради димензиите што се нуди и парламентарна соработка. Ако може и претседателот на Републиката писмено да го известува парламентот за содржината на разговорите на нашата делегација со другите републики, мислам дека може и господинот Георгиевски да го информира македонскиот парламент и македонската јавност за содржината на разговорите.

И трето, сосема накратко, околу точката на дневен ред, мислам ако денес или на следната седница во вакви услови усвоиме декларација или резолуција за раздружување, ние автоматски се сврстуваме во опцијата на две републики. Отпаѓа нашиот став, принципиелен конструктивен став  што го имаме околу надминувањето на државната југословенска криза.

Според тоа, веднаш се сврстуваме во ставот на републиките Словенија и Хрватска коишто сме таа со едностран чин, на свршен чин таквичките да ги елиминираат разговорите. Тоа е исто така штетно, не само корисно за нас, како Македонија ставот за некоја федерација, односно демократска федерација, како ја викаат тие, Македонија да влезе во една таква опција.

Според тоа, мислам дека останувањето на теренот на ова што беше предложено со корекцијата на платформата ќе значи легитимен став на овој парламент на нашите преговарачи во контактите со нашите претставници во другите републики и Претседателството на СФРЈ.

Искрено признавам дека зборот раздружување не ми е воопшто јасен што значи. А, зборот отцепување да им е совршено јасно што значи. Раздружување, ништо друго не го сфаќам освен отцепување без последици од меѓународно правен карактер и економските и така натаму.

Според тоа, треба на наредната седница, ако тоа прашање го отвараме, да дефинираме што подразбираме под раздружување, ќе повторам како пратеник на ова Собрание, апсолутно, стојам зад она што го кажавме во Декларацијата за суверeноста на македонската држава и во платформата за преговорите за односите на Југославија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Љупчо Георгиевски.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Сега имаме една практика сè повеќе присутна кај нас. Се потсеќам на моментите од почетокот кога постојано во„Нова Македонија“ секој ден не прозиваше дали сте контактирале со Ванчо Михајлов, дали сте разговарале со некои од Софија, дали сте бугарска подружница овде во Македонија секој ден да демантираме не сме тоа, не сме тоа, не сме тоа и денеска пак да го речам тоа не сме.

Сега пак е една практика. Една средба се оствари меѓу Хрватска и Македонија, односно две делегации на две партии, ќе потсетам, тогаш сè уште бев само лидер на партијата ВМРО, значи не бев потпретседател на претседателот на Републиката на Македонија.

И сега, еве гледаме, веќе можеби еден месец, еден и пол месец помина од таа средба, на пример, некои средства, како што е „Пулс", има дежурна рубрика од половина страна, прашања за господинот Георгиевски, дали што сте разговарале.

Второто прашање е дали кога сте излегле на вратата, сте се судриле на вратата со господин Халили, а тој влегувал кај Туѓман, јас не знам, би сакал тоа и Халили тоа да го демантира, дали си седнал со Гоцев, и тоа ќе ви кажам Гоцев, одговара на рубриката во „Пулс" дека нигде не сум се сретнал, ниту сум го видел тој Димитар Гоцев, само на фотографија, изјавувам со потполна одговорност и пак денеска повторното прашаше што сте разговарале со Туѓман. Јас сметам дека господинот Туѓман на прес-конференцијата после разговорите со македонската делегација, пред неколку дена овде во Македонија, рече, на истото тоа прашање, рече исто што разговаравме со вашата делегација. Сега, ако треба да го прераскажам, ако треба да биде појасно што разговаравме, но овде, меѓутоа, можете да ги земете стенограмите што се во бирото, така да можете да ги прочитате кои ставови ги застапувавме.

Првата работа е тоа прозивање. Јас пак ќе речам, бев тогаш само претседател на партија. Во Македонија има повеќе партии. Има 10-15 партии. Во меѓувреме социјалистичките партии само на Македонија, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора направија некаков сојуз, се договарале, преговарале, тоа е директно удар и во Македонија, директно формирање на Нова Југославија, меѓу Србија, Босна и Херцеговина и Македонија.

На тоа никој не реагираше во Македонија, а тоа беше еден сојуз званичен, тоа значи сè е во ред тука. Сојузот на комунистите разговараат, преговараат, се потпишуваат некакви декларации, некои соопштенија, никој тоа не го соопштува, никој не реагира за тоа. Сега одеднаш една партиска меѓупосета, после месец и пол, претставува главна тема на разговор и на интересирање во Македонија.

Јас можам само да кажам, со најголема одговорност - не сме разговарале за никакво вооружување во Македонија, не сме разговарале за никакви калашникови што треба да дојдат во Македонија, не сме купувале никакви сандуци со муниција што треба да дојдат во Македонија, а разговаравме само за политички теми, како ХДЗ ја гледа состојбата во Југославија и разрешувањето на состојбата во Југославија, како ние го гледаме во ВМРО тоа разрешување. Пак ќе речам, тогаш бев само претседател на ВМРО.

Ставовите се многу јасни и нема што да повторувам, тие ставови може да ги прочитате. Ставовите на ХДЗ се конфедерација, Сојуз на суверени држави, ставовите на ВМРО се уште појасни, конфедерацијата, Сојуз на суверени држави.

И ХДЗ и ВМРО, разврската на југословенската криза, ја гледаат во ново устројство на Југославија, а тоа е конфедеративен статус, сојуз на суверени држави или како што сакаме да го наречеме, меѓутоа, има една содржина, која содржина сигурно не може да се прескокне.

Значи, тоа се мотивите и тоа се работите за кои се разговараше. Ништо поново на Македонија не се разговараше, ништо со некои тајни фактори не се правени, едноставно се изнесени политичките позиции на едната и на другата партија, Тоа е сè.

За што станува збор?

Станува збор за средба на парламентарните групи на ВМРО и на ХДЗ. А таа средба, еве како што сум информиран од нашата група, сега има уште една иницијатива и јас верувам дека во најскоро време парламентарна група на ВМРО ќе се сретне со парламентарна група на ХДЗ. Јас не знам, ако е тоа спротивно на некој закон овде, да не им дозволиме на таа парламентарна група на ВМРО да отиде да се сретне со парламентарната група на ХДЗ или ако дојдат тие тука, да им ја забраниме посетата.

Дали ќе има потреба пак да ми го поставите утре или задутре тоа прашање, ако има потреба јас пак ќе одговорам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Киро Поповски

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Не за тоа што не се јасни нашите ставови, информацијата не дека не е јасна, меѓутоа, практиката очигледно нападот е најдобра одбрана.

Прво, не би сакал пратениците нешто да не бидат дезинформирани. Прво, ние на ниво на Југославија ние формиравме сојуз на социјалистичките партии, а во тој сојуз влегоа социјалистичките партии на Црна Гора и на Босна и Херцеговина.

При ваквата наша определба, поаѓавме од основната наша политичка програмска определба, затоа што ние јасно во нашата, не сега со оваа декларација, туку во нашата изборна програма и во нашата политичка програма, јасно се определивме за суверена и демократска Македонија.

Исто така, јасно се определивме дека Југославија е наша прва и основна опција, сè додека не биде загрозена и во прашање нашата определба за суверена и демократска Македонија. Според тоа, компарации на тој план,, мислам дека не се во ред. Само толку.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да приврншуваме.

Дали може да приврршиме.

(гласови на одобрување)

Има збор господин Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Дами и господа, јас сум уморен како вас, но господинот Тито Петковски малку нѐ замисли вака, кога помислив дека еве лично како Македонец, а не како пратеник на ВМРО-ДПМНЕ, туку како Македонец, си реков – еве Македонциве, сите вон парламентов, на некој начин почнаа да изнаоѓаат приближни ставови. Но, како што во јаболкото доаѓа црв, така и дискусијата на господинот Петковски, како некој црв, така ми се причини, ме натера на размислување за тоа дали ние Македонците некогаш, без оглед на партиската припадност, ќе најдеме заеднички јазик.

**СТОЈКОВ СТОИЛЕ (продолжение):**

Што се однесува до тоа дека има инструменти Парламентот, да ве потсетам дека на 19 февруари 1991 година, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ достави барање, каде што се вели дека парламентот треба да заседава пред 25 февруари 1991 година, што значи дека и тие инструменти ги користевме, но за жал не помогнаа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам околу тоа да нема спор. Пратеничката група ова прво го даде во печатот, а потоа даде и листа на пратеници кои тоа го покренуваат. Веројатно и приговорот на господин Петковски беше на тоа. Ние истовремено читавме во печатот и ја добивме листата од пратеничката група на ВМРО. Инаку, објаснивме зошто не беше рационално тоа.

Точно е тоа што го кажа Петковски дека координаторот не се јави кај претседателот на Собранието да иницира разговори, да покрене некоја таква иницијатива, ниту пак потпретседателот на ВМРО, кој е овде и учествува во договорите за седницата. Тој не покрена такво прашање, ниту навести такво расположение.

Оттаму, ние тоа писмо го сфативме како една потреба за јавно експонирање за активност, а помалку како една реална потреба за работа на Парламентот.

Предлагам да заклучиме по точката што е овде на расправа.

Дали се согласувате со овој предлог, да заклучиме?

(Се согласуваат)

Предлагам да го прифатиме предлогот на претседателот на Републиката, утре во 8,00 часот, Комисијата за уставни прашања да одржи работен состанок, кој би траел околу 1 час, каде ќе ги договори задачите и ќе ја организира работата за да се проучат сите овие околности кои дојдоа сега како резултат на разговорите за политичката иднина на Југославија во рамките на Претседателството и низ билатералните контакти. Да се соберат сите документи кои ни се на располагање, а сме ги добиле последниот пат во Сараево и да се подготви еден материјал со кои ќе видиме дали тоа ќе биде една обновена платформа, или пак нова платформа, или проширена платформа, за тоа ќе се договори Комисијата и ќе одиме на седница на Собранието за четврток.

Јас предлагам седницата што треба да се одржи во петок, да се помести нанапред еден ден во четврток за да му помогнеме на претседателот и на членот на Претседателството на СРМ во Претседателството на СФРЈ, бидејќи тие во петок одат на седница на Претседателството на СФРЈ, а нашата расправа овде да ја извршиме во четврток. Еве тоа е измена во нашиот ред на работите.

Предлагам, се разбира, информацијата на претседателот да ја усвоиме.

Го ставам на гласање предлог на заклучоците.

Кој е за, молам да крене рака?

(пратениците креваат рака)

Има ли некој против?

(нема)

Има ли воздржани?

(нема)

Констатирам дека заклучокот е усвоен едногласно. Заклучокот со кој се усвојува Информацијата што овде ја изнесе претседателот на Републиката и се задолжува Уставната комисија утре да почне со работа со коа ќе помогне за продолжување на активностите во овој правец.

**СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас стрпливо чекав еве седум-осум седници и Ве молам да ми простите што ќе ве задржам уште една минута.

Во врска со претходната точка што е на расправа, не сакав да учествувам во расправата за суштинските определби што беа тука, мислев дека сепак во текот на дискусијата ќе се најде место на тој проблем да се обрне внимание. Мислам дека овојпат тоа не треба да остане по страна, а да не се реагира на тој настан. Тоа е следното.

По прашањето на стенографските белешки што излегоа од претходната седница на Претседателството на СФРЈ и односот на претседавачот на таа седница кон нашата делегација, поготово односот на претседателот на Претседателството на СР Србија, господин Милошевиќ и односот на ТВ Нови Сад во вечерниот ТВ дневник кои беше заеднички на целата југословенска мрежа. Мислам дека во тој дел, овој Парламент и начинот на кој тие реагираа и се однесуваа на таа седница, овој Парламент мора да остане со одредено реагирање во однос на нивниот однос спрема нашата делегација.

Тоа е суштинско прашање во однос на нашата делегација затоа што не се работи само за самостојни личности, туку се работи за личности кои ја претставуваат СРМ и ако останеме без такво реагирање, нема да го исполниме нашиот долг и сами на некој начин ќе го прекутиме и тој дел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали се согласувате дека еднодушната поддршка на нашиот претседател и на делегацијата , фактички значи реагирање спрема секого кој се на друг начин и неприкладно однесува.

(се согласуваме)

(аплауз)

(предлагам пауза од 15 минути)

Да продолжиме со работата.

Во рамките на оваа точка треба да се сослуша и информацијата за текот на работното утврдување на мандаторот на новата влада.

Го молам претседателот на Републиката да земе збор.

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани потпретседатели почитувани пратеници,

Со оглед и на времето и на Вашиот и мој замор, ќе се обидам да бидам краток во излагањето и ќе кажам нешто што е најнеопходно. Прашањето е осетливо, можете да се уверите и од соопштението на ВМРО-ДПМНЕ, со што сè се поврзува неостварената наша заедничка задача и желба да дојдеме до Влада која ќе одговори на овие тешки задачи пред кои сите се наоѓаме , а кои посебно ја чекаат владата.

Без оглед што од дневникот на Македонската ТВ вчера вечер го слушнав соопштението во скратена верзија, потоа бев информиран за тие ставови од весникот „Нова Македонија“ и ако е редот на мене да ми се соопштеше тој став, да можам јас да кажам што мислам по таа работа на самите предлагачи. Но, јас не сакам, со оглед на моментот и интересот на сите нас, никого да навредам, а пак како по првата точка или првата половина од првата точка, на крајот ќе се обратам кон вас, ќе апелирам да излеземе од оваа состојба.

Мораме да се научиме да ги совладуваме овие недоразбирања и осетливости и да реагираме како реални и одговорни луѓе на практичен начин, со цел, пред сè , Македонија да се стабилизира, да добие редовни органи, вистинска влада и да се соочиме со тешките проблеми, кои се наоѓаат пред вас. Тогаш кога ќе дојде тој момент, ќе видиме што можеме, какви сме и дали ќе одговориме на задачите кои се пред нас. Но, сè ова што реков, не значи дека нема да бидам јасен. Еве накратко да констатирам.

Прво, познати се резултатите на повеќепартиските слободни избори. Според нив, ниедна партија не може сама да презема одговорност за формирање на врвните органи на Републиката.

Тоа е нашата реалност и јас пред извесно време реков можеби тоа не е лошо, можеби е подобро од оние состојби во некои други републики каде што дојде до еден вид на ново едноумие, во нова доминација на само една партија, итн. Тоа чувство и тоа присуство на луѓе кои поинаку мислат, кои имаат подруга програма, кои со друг темперамент и со некои нови методи се залагаат за она што мислат дека е добро за оваа Републиката, во крајна линија не е лошо и тоа ќе нè научи и како Парламентот да функционира, како да се развива натаму, па во текот на работата ќе дојдеме и до едно друго поимање на политичката култура, сите ќе научиме од тоа, а пред сè ќе научиме да се слушаме. Мислам дека еден час од таа права политичка расправа имавме денес во првата половина по првата точка.

Мислам дека со право госпоѓата Димитрова рече дека тие таканаречени разногласија помогнаа тоа созвучие да се види дека можеме да дојдеме преку дијалог до единствени ставови и мораме да дојдеме до такви ставови.

Поради таквата состојба, беше нужно склучувањето на меѓупартиска спогодба за спорazумна распределба на врвните должности: претседател на Парламентот, претседател на Републиката, потпретседател на Републиката, претседателот на Владата, но исто така и за сите други должности во самото Собрание, потпретседатели, претседатели на комисии, собраниската делегација во Собранието, Соборот на републиките и покраините во Собранието на СФРЈ, итн.

Значи, побавно, но тоа тече по еден пат кој овозможува да се заврши тоа континуирање и сега сме пред завршниот чин заради најголемата одговорност да дојдеме до формирање на влада.

Второ, под тој договор, претседател на владата предлага ВМРО-ДПМНЕ. Уживајќи го тој договор, во целост побарав предлог од овластена партија, согласно Уставот на СРМ, да би започнал консултации со останатите партии, за да се сам, по сопствена совест уверам за кандидатот кој треба да го предложам и резултатите на тие консултации беа следните. Заправо, пред тоа, сум должен да кажам дека добив предлог за еден кандидат, д-р Александар Лепавцев.

Кога го добив тој предлог, како единствен кандидат ги замолив претставниците на ВМРО-ДПМНЕ да ми дадат избор да можам да проценам од повеќе личности која повеќе би одговарала за сегашната положба на Македонија. Тие тоа го направија. Јас потоа разговарав со сите. Со господинот Лепавцев на двапати. Да кажам дека сите тие луѓе имаат свои вредности.

Тоа што јас се одлучив после консултации со партиите да кажам дека би добро било да ми се понуди уште еден или двајца кандидати, да се одлучам, во никоја смисла не значи дека тие луѓе не ги ценам. Напротив, во нив гледам луѓе кои би можеле да бидат добри министри во таа влада, но критериумот кога се однесува до мене за претседателот на владата, со оглед на целата положба во која се наоѓаме и кои проблеми се пред нас, што треба сѐ да се решава, мислев дека може да се најде некој уште подобар.

Консултацијата со партиите покажа, независно од тоа мое мислење дека партиите за тие кандидати сметаат дека не одговараат или би можело да се најдат подобри, а единствено Партијата за демократски просперитет
Ми соопшти дека они ќе го прифатат оној кандидат што јас ќе го соопштам. Не се впуштаат во процена на кандидат.

Еве тоа беше состојба во која јас се најдов, сам неуверен во тоа со вакво мислење на партиите, при што морам да кажам дека се работи за коалициона влада. Тоа мораме да го имаме предвид. Ако е коалициона влада, тогаш ниедна партија не може да претендира да добие претседател кој ќе ја спроведува само нејзината програма. Инаку, не би била коалициона влада.

Ќе мора да се најде една програма на која ќе може сите да се соберат и при правиот избор на претседателот да му се даде на тој претседател на Владата и максимално квалитетни министри, со негово учество во тоа и пак по истиот пат кој јас го применив да му се дадат по двајца или тројца кандидати за секое место, тој да си одбере. Да ја зголемиме со тоа одговорноста и моја и на партијата што предлага и на мандаторот и на министрите кои ќе се прифатат при сите тие услови и на партиите кои ги предлагаат.

Сметам дека во ова време, со овие проблеми, да не ги повторувам сите што во овој долг ден денес ги наведувавме, таа влада мора да има широка поткрепа, со максимално можно мнозинство во овој Парламент. Заради тоа, оваа моја определба не значеше било какво негирање на изборот, на правото на изборот од страна на ВМРО-ДПМНЕ, ниту со желба, таму се употребува тежок збор, не на моја адреса, но можеби посредно, на измами, непочитување на партиски договори, итн. Нема од тоа апсолутно ништо.

Најодговорно ви тврдам дека зад овој мој став не стои никаква партија, ниту јас со тоа би се согласил, ниту било која партија можеше на мене да влијае во смисла на тоа, овој има да го избереш.

Ги собрав сите на иста маса, секој да каже, сите ги сослушав и потоа предложив, заради тоа што главниот товар ќе биде на плеќите на таа влада, да седнеме и да побараме едно можно решение, кое ќе биде уште подобро. Но, никако да не биде решение кое нема да биде прифатливо за ВМРО, бидејќи тоа е негово право според тој договор, а штом е коалициона влада, штом таков состав на Парламентот, мора тоа право да се почитува во таа распределба.

Сега, да кажам нешто за мојата уставна положба и како јас ја сфаќам. Најотворено ви кажувам дека јас не би можел да бидам претседател на оваа Република, ако уставната положба на претседателот се сфаќа на начин дека по определен договор, определена партија има да предложи човек, а јас тоа писмо да го предложам на претседателот на Парламентот и тој да ви го соопшти како кандидат кој јас сум го предложил.

Уставната положба, местото на претседателот, кога се работи за тоа, не случајно во Уставот е дадена, односно запишано е кој определува мандатор и тоа не само во нашиот Устав, туку и во многу други устави. Може да предложат 20 пратеници дури и претседател на Република, потпретседател на Република и не знам која било друга функција, но претседател на Владата, не случајно тоа е клучната и извршна функција од која зависи животот.

Не случајно се пишува и во уставите и во законите дека владата е одговорна за состојбите во земјата. Јас тоа така го сфаќам, така му приоѓам, така приоѓам и кон тоа уставно овластување. Не го сфаќам како форма и не само заради мене, туку од сосема начелни причини и ќе ги кажам.

Ако може со меѓупартиски договор сè тоа така да се уредува, а уставните фактори да бидат проформа, тогаш може и без устав и без закони, може само партиите да се договараат и да уредиме мултипартиска држава, а правна држава, држава со устав, држава со закони, која има така да работи, не може да се оглуши и кога има најцврст партиски договор, а поготово ако тој партиски договор се почитува.

Ве молам, се случуваат такви работи, ние сè уште не сме се навикнале на тоа. Се разговора за еден кандидат на меѓупартиски консултации, тој не успева, доаѓа друг, доаѓа трет, па се враќаат повторно на првиот, не можеле да најдат подобар или нешто слично. Тоа се работи кои ние мораме да ги примиме како нормални манифестации на еден парламентарен систем каде што особено во случаевите кога не може без коалициона влада, не може поинаку да биде. Јас бев истрплив и упорен, не знам колку пати заедно разговаравме, не слушнавте ниеден збор во јавноста. Не затоа што бегав да кажам како стојат работите, туку желба да ги продолжиме консултациите и да најдеме решение.

Тоа ми е целта, а не било што друго, било јас да правам поени или било кој друг да прави поени. Поени не се добиваат на прашањето дали оваа земја ќе има 5 дена порано влада или 5 дена подоцна.

Тоа е премногу сериозна работа и ако некој чувствува тоа што ние уште немаме влада, можете да бидете уверени дека јас тоа го чувствувам како голема одговорност. Но, таа одговорност не значи дека ние сепак ќе направиме, без оглед на сопственото уверување и без оглед на тоа што мислат сите други кои треба да учествуваат во таа влада за да не би било кој, така да кажам, барем по неговото мислење да не биде заобиколен, прекратен итн.

Јас бев јасен кога ме избравте и кога реков пред овој Парламент дека ќе бидам претседател на сите граѓани на Македонија и дека партиските определби не можат да ме раководат кога се работи за овие функции, за оние должности кои има да ги извршувам по Уставот.

Сега тука сме, каде сме, јас тоа не го ниту драматизирам, ниту сметам дека не можеме да излеземе од таа состојба, само сум за тоа да не направиме ништо да ја дестабилизираме Македонија. За тоа сум, од тоа да не направиме нешто што длабоко верувам никој не сака, а можеби од недоразбирање од тоа тие контакти не биле во право време, на прав начин, што сме обратиле внимание на тоа што пишува во печатот, се исфрлаат разно-разни кандидати, од кои ни еден на мене не ми е предложен.

Одговорно го изјавувам тоа овде, дека сѐ она што беше запишано во печатот, ако се докаже друго, ги сносам сите консеквенции, никој мене не ми ги предложил , ниту биле во моите размислувања. Според тоа, нема ништо ни заткулисно, ни партиско, ниту пак лично. Сметам, ако не сме на нивото на ова време сега и она што оно бара од нас, не треба да седиме тука, почнувајќи од мене натаму.

На крајот да го кажам предлогот. Го почитувам и натаму договорот, апелирам до сите вас, па и на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ и раководството од нивната партија, на разум и взаемна одговорност, како што реков апелирам и до сите партии, од предлагачот на мандаторот да се даде еден нов предлог, да го разгледаме и да најдеме решение, ако може за 24 часа , ако не за 48 часа, ние мораме да го најдеме. Нема друг пат и никој не треба да се вкопува во сопствениот ров.

За ВМРО-ДПМНЕ на изборите се изјаснија повеќе од 200 илјади гласачи, не е можно од редовите на Македонската интелигенција, луѓе кои се за нив прифатливи, да не може да се најде кандидат со кој сите ќе можеме, не само да го прифатиме, туку и да му дадеме полна поддршка, бидејќи сите нив ги чекаат многу тешки задачи и мислам дека ретко кој од вас кога размислува за Тоа, не сум сигурен дали би се лесно прифатил за таква работа, не мислам само за премиер, туку и за член на таа влада. Такви се нашите состојби.

Еве, тоа е мојата, ако сакате, искрена реч и исповест пред вас. Јас апелирам да се продолжи дијалогот и да најдеме решение за овој проблем, по тој пат овластените предлагачи да дадат кандидат, да седнеме и да се договориме за тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отварам расправа по Информацијата. Дали некој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Станува збор за крајно сериозна работа. Претседателот на Републиката, кратко, јасно и разбирливо, кажа дека од понудените кандидати, не нашле за сходно да го прифати и го предложи како претседател на Владата што му го дава правото од амандман 75 точка 3, каде предлага кандидат за претседател на Владата. Парламентот не може повеќе да стои да се бараат личности во овој или оној човек. Дали тоа ќе биде од редот на интелигенцијата или ќе биде од редот на способни луѓе кои ќе треба да се зафатат со сериозните работи во кои се наоѓа сега не само политичкиот систем на Македонија, туку основниот и животниот систем, т.е. стопанството. Тука е проблемот. Одлуката на претседателот е прва и последна на кој ќе му даде одобрение.

Меѓутоа, барем говорам од свое име, но мене не ми е јасно кои, покрај другите квалитети, ќе треба да бидат понудени во личноста на кандидатот, па ние дали од овие четворица ќе ја прекршеме одлуката на ВМРО, одржана во сабота, за еден или повеќе кандидати, ако ни се упати кои се тие, според господинот претседател на Републиката, потребни елементи и критериуми да ги исполни и да го предложиме и да не би секојдневно доаѓале во непријатна положба луѓето да ни викаат „ајде направете ја таа влада, пропаднавме“.

Се чини дека македонското стопанство пропаднало баш од неработа на овој Парламент, без разлика што пропаста датира од многу порано. Во таа смисла, не сакам никого да критикувам, меѓутоа сум на мислење подобро да направиме влада која ќе работи и да покаже било какви резултати, место да бараме некоја личност која ќе ни се допадне на еден, двајца или повеќе луѓе. Во вакви случаи кога имаме мешана влада од повеќе партии, навистина треба да има согласност од сите партии, треба да има поддржување, меѓутоа претседателот на владата е една личност, а покрај него постојат други 15 личности, тоа се министрите, кои ќе треба да работат и тие да ја носат одговорноста. Затоа, по мое мислење, ако е по можност г. Киро да ни даде поблиски напатствија кои се тие критериуми кои ќе треба таа личност да ги има. Сметам, и сум уверен, дека нема да ни даде партиска припадност. Ако сме тука еднакви, понатаму, во изборот на личноста, нема да имаме проблеми.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сигурно дека не можам да го имам тактот што произлегува од животното искуство на господинот претседател, па затоа ќе бидам подиректен. Ако ова време што помина, не даде можност да се избере на тој начин, према тој договор, треба тој договор што е правен меѓу партиите, да се напушти, зошто очигледно нема да даде резултати.

Што сакаме да се случи, па да ни биде јасно дека така не може. Ставот на ВМРО демократска партија и мој личен став, е дека претседателот на Републиката треба да избере сам по свој избор, надвор од партиските договори, експертна влада и мандатор, односно со целосна одговорност што произлегува од таквата постапка.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Една мала реплика на г. Голубовски, кој очигледно не разликува парламентарен систем и претседателски, како се движат тука работите.

Една моја забелешка упатена беше до претседателот на Републиката, само во однос на водење на сметка на законскиот рок за избор на влада. Во идното наше договарање, ве молам, поитно да се решаваат работите

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Господине претседателе Киро Глигоров,

Веднаш по вашиот избор на претседател на Република Македонија, рековте „на Македонија и е потребна компетентна личност за да ја извади Македонија од оваа криза“ и тука, ни едно, ни две, одевте кон тоа да имаме една таква личност како во стилот на Жискардестен или Хелмут Кол.

За жал, ние во Македонија такви немаме ни едно ни друго. Такви тешко да ги најдеме во Парламентот и во Македонија. Такво нешто не прифаќам воопшто. Мене ми беше јасно и постојано го потенцирав, ние од ВМРО-ДПМНЕ да го донесевме и Хелмут Кол и Жискардестен, Вашата партија СКМ-ПДП, сигурно немаше да ни го прифати.

Према тоа, дали да го бараме Жискардестен од Франција или Хелмут Кол од Германија, во Македонија тешко може да го пронајдеме. А, да го најдеме Александар Левпасцов од Македонија, ние го најдовме. Вие не кажавте во што е неговата маана. Ве молам г. Глигоров, вие ни барате други личности и можеме да одиме до крајна граница и да викаме сѐ се некомпетентни од она старото едноумие, дека се непогодни.

Јас сакам уште нешто да ве прашам, а го напишав овде и ќе речам „аферим господине Глигоров, ако успеете да најдете некоја личност која ќе ја извади од кал и сиромаштија оваа моја мила и ваша Македонија, прв ќе ви се поклонам и ќе речам благодарам г. Глигоров“.

Годините си поминуваат и утре може историјата за вас да напише најлошо, а и да напише најдобро. Немој да ни се случува дека некои други од 1945 година некои рекле за Солун или за Сремски фронт, а вие да испаднете херои од овој Парламент.

Мислам дека овие ви се, немој да ме сфатите дека и последни години од политиката 3-4, камо да живеете 101 година, Македонија да ви се диви за храброста, за одважноста. Ве молам, ве гледам само вас и немојте сега да ги прекршуваме сите договори. Вие, СКМ-ПДП испадна многу храбра. Со 300 преговори манипулации, го избравме господинот Стојан Андов без приговор.. Го избравме и претседателот на Републиката, по некојси договор, моравме да гласаме, рекоа дека ВМРО е противник. Сега испадна и премиерот од ВМРО не е компетентна личност. Ве молам, до каде оди оваа граница.

Ние сме партија која имаме најповеќе гласови, имаме 37 пратеници,а кој ќе рече такви или вакви пратеници. Ќе видиме понатаму кој е каков и кој е таков пратеник и кој што заслужува. Ве молам, вие од колачот нема да ни дозволите ништо. Нели е срамота. Тоа го велам за сите овде. Каков премиер да предложиме, нема да биде прифатен. Ви благодарам и најдете го вие Хелмут Хол за Македонија,а јас ќе ви бидам најблагодарен и ќе ви речам чичко Киро Ви благодарам за сè што најубаво направивте за Македонија.

(реакција од пратениците).

**ИВАНОВ ИВАН:**

Другар претседател, почитувани пратеници,

Поаѓајќи од тежината и одговорноста на задачата, и секако за мене многу искреното излагање на другарот претседател Киро Глигоров околу досегашната постапка, мислам дека мудроста и нашата одговорност во овој момент треба да дојде посебно до израз, особено ако сме уверени, а јас сум убеден во овие искажувања коишто ни беа презентирани, невпуштајќи се, нити задирајќи во интегритетот или квалитетот во досегашните кадри. Јас се залагам да го почитуваме Уставот и уставната позиција на претседателот Киро Глигоров и посебно на тежината и интересите Македонија во сегашниот момент.

Од тие причини, мислам дека сосема погрешно ако пријдеме на тоа да упатуваме критики или да бараме посериозни образложенија за она што беше кажано од претседателот. Од тие причини се залагам да му дадеме поддршка што и негово уставно овластување и во името на сите партии, односно пратенички групи, да го овластиме, што е и негово уставно право, во најкус временски период и на нашиот Парламент да му понуди адекватна личност, а со тоа и неговата одговорност. мислам на претседателот Киро Глигоров. да биде уште поголема. Мислам само на тој начин ќе излеземе од сегашните проблеми и на тој начин ќе покажеме ширина и разбирање за нашиот напредок.

**ПАНОВСКИ МИХАИЛ:**

Би сакал да дообјаснам на присутните и на македонската јавност, како и на г. Киро Глигоров, бидејќи мислам дека не беше баш добро интерпретирано нашето соопштение во јавноста од нашето саботно собрание и можеби е грешка на нашата партија што на Собранието не ги поканивме и новинарите да присуствуваат.

Во саботата донесовме многу прецизен и конкретен став како партија. Собранието на ВМРО што е највисок орган на нашата партија му даде одобрение на нашето раководство да единствен кандидат што може да биде предложен за премиер е д-р Александар Левпасцов.

Ние, други кандидати, господине Глигоров, да знаете, нема да нудиме.

Бидејќи не постои човек од ВМРО што ќе има одобрение да ви понуди друг кандидат од причина што ќе треба да бара за друг кандидат одобрение од Собранието на ВМРО.

Тоа значи дека топката е префрлена кај вас и вие треба да одлучите, меѓу Александар Левпасцов или кандидат што ќе го понудите, но притоа мора да сметате дека ние автоматски поминуваме во парламентарна опозиција и нема да партиципираме во власта.

Господата од другите партии да не ни замерат затоа што тоа е став на нашето собрание, на кое што имаше 250 делегати од цела Македонија. Ние се чувствуваме да го почитуваме тој став.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас не гледам да дојде до парламентарна криза, барем немигновено. Имено, во ваква ситуација, кога моќта во Парламентот е распределена меѓу неколку партии, кои, ете, не умеат да се договорат брзо околу поделбата на министерските места, останува парламентарниот ред од другите искуства, мислам искуствата од другите парламенти.

Имено, најсилната партија добива мандат, односно нејзин кандидат, а дали тој ќе успее да формира кабинет кој би добил и поддршка во Парламентот, останува понатаму да се види. Потоа се оди на доделување мандат на втората партија појачана и да видиме тогаш на што сме. Да не сметаме дека автоматски се кине секаква можност понатаму.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Јас, господа пратеници, ќе се обидам да го интерпретирам расположението во мојата група по ова прашање. Парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ, ценејќи ги сите состојби околу конституирањето на првиот повеќепартиски македонски парламент, а во интерес на македонскиот народ ги прифати сите иницијативи, како на парламентарните, така и на вонпарламентарните партии, кои одеа во насока кон избегнување на парламентарната криза и предвремените избори.

Затоа им даде целосна поддршка на сите избрани личности, почнувајќи од претседателот на Републиката, па сè до претседателите на собраниските тела. Почитувајќи ги меѓупартиските договори, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ гласаше дури за личности кои стојат на спротивни програмски определби од нашите.

Особено сме загрижени поради доцнењето и назначувањето и формирањето на македонската влада и нејзиниот мандатор. Ова доцнење наскоро ќе ни пробие сите законски рокови.

Се сомневаме дека ова растегнување, до последен можен рок се прави свесно, со намера парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ во Собранието да биде ставена пред свршен чин и кризата што веќе е на повидок, да му се припише токму на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, нормално погрешно, натегајќи се дека и овојпат ние пратениците на ВМРО-ДПМНЕ ќе попуштиме.

**ДРАГАН АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Поаѓајќи од фактот дека ова Собрание е повеќепартиски парламентарен дом, логично е дека прашањето за изборот, односно кандидатирањето на носителите на највисоките функции во државата, кои ги бира Собранието на Македонија, да се решава со политички вонпарламентарен договор меѓу партиите. Тоа право ВМРО-ДПМНЕ го прифати како придобивка на парламентарната демократија.

Имено, имајќи го предвид од уставно-правните, односно политичките аргументи, ВМРО-ДПМНЕ пристапи кон вонпарламентарни договори. Тие се водеа интензивно и подолго време, сè до постигнувањето на вонпарламентарната согласност, и имајќи го токму тоа во предвид, односно спомнатите политички аргументи со предложените кандидати, а токму тоа сакавме да го санкционираме, токму таа стварност и на тој начин, со таквите легални решенија ги прифаќавме и предлозите за одредените кандидати и тоа без тие предлози да содржат поголем број на кандидати. Тоа се однесуваше на претседателот и потпретседателите на Собранието, на претседателот на Републиката, а овојпат тоа го бараме и за кандидатот премиер на владата, што допрва треба да го избере ова Собрание, заедно со членовите на Владата.

Според тоа, Собранието го бира и именува носители на функции, врз основа на претходниот договор меѓу партиите и врз основа на тој договор се нудат кандидати за однапред договорените функции, без да се нуди поголем број кандидати од оние што се бираат и именуваат. Таквиот вонпарламентарен договор станува релевантен фактор и во Собранието врз основа на пратениците кои им припаѓаат на различни партии, учесници во претходниот договор, со најголем број пратенички места во овој парламентарен дом.

Затоа, уште еднаш ќе спомнам дека изборот на функцијата претседател на владата претставува логично решение, кое произлегува од политичкото договарање на партиите и тоа решение бара целосно почитување, а во овој случај и од страна на претседателот на Републиката, господин Киро Глигоров, кој треба во претстојниот период да го назначи и мандаторот на Владата.

Повикувањето на некакви критериуми дека кандидатот треба да биде ваква или онаква личност, е сосема релативно прашање. Ние, критериумите не можеме да ги определуваме според нашето мислење. Според мислењето на господин Киро Глигоров, критериумите значат едно, а според нашите мислења, критериумите се нешто друго. Сега се истакнува значењето за тоа дека владата е коалициона влада, дека треба да важи почитувањето на силите во Парламентот. Тие сили на пратеничките мандати се исти и за Владата и за кандидатот на претседателот на Републиката и за претседателот на Собранието на СРМ.

Сигурно е тоа, како што рече и господин Глигоров, дека нема улога на поштар кој ќе го пренесе писмото. Сигурно дека уставната положба на претседателот на Републиката ја разбираме, но за изборот на претседателот на Републиката, не постоеше исто така уставна положба дека партијата што го предложи, без другите партии, можеше да биде избран за претседател.

Сигурно е дека ни изборот на претседателот на Собранието можеше да се изврши, ниту пак за тоа постоеше уставна положба на партијата што го даде кандидатот да биде избран, без учество на другите партии.

Според тоа, не можеме да зборуваме за некакви критериуми, зошто секој има поинакво гледање за критериумите. Значи, станува збор за различни гледишта. Тие разлики ние мораме да ги легализираме, тие произлегуваат. Тие произлегоа од повеќепартиските избори, преку определувањето на граѓаните, со различни политички уверувања кон партиите што им припаѓаат и кои што ги застапуваат во овој парламентарен дом. Но, според тоа, различните мислења и ставови со повеќепартиските избори се здобија со легитимитет. Ние не можеме да мислиме така како што мислат тие што го дадоа кандидатот за претседател на Републиката или што го дадоа претседателот на Собранието. Затоа не сакаме тие да мислат така, како што ние мислиме за кандидатот за премиер. Разликите мора да се почитуваат. Работата на кандидатот нека биде предмет за компетентност во овој дом. Нека ВМРО-ДПМНЕ ја добие шансата, како што ја добија партиите кои го предложија кандидатот за претседателот на Републиката и претседателот на Собранието на СРМ.

**МУРАТИ ЏЕЛАДИН:**

Почитувани пратеници, се наоѓаме во времето кога сите заеднички треба да вложиме напори за да обезбедиме единство на различноста. Како принцип на филозофија е доста значаен и мораме да се раководиме, бидејќи без тоа единство ни едно прашање не верувам дека ќе успееме да го решиме ефективно и успешно.

Кога се работи за избор на претседател на Владата, се поставува прашањето каков претседател сакаме или каков претседател ни треба.

Впрочем, на ова прашање одговараше и претседателот Киро Глигоров и доста други дискутанти.

Ова е битно прашање, бидејќи временската димензија во која живееме диктира широка личност, широкоградa, демократ, познавач на состојби, стратег и пред сѐ, визионер. Пред сѐ визиониран претседател, кој е способен за организирање, со развиена политичка, историска свест и совест со иманентен цивилизиран однос во јавното комуницирање и почитување на демократските начела. Да биде, пред сѐ, способен да се судрува со непредвидливи околности, тие да ги решава на мирен и демократски начин. Убеден сум дека, пред сѐ, тој треба да биде човек со големо „ч“, како што велеше Горки, човек ослободен од партиските рамки, иако од некоја партија тој ќе произлезе, а тоа значи да го почувствува сензибилитетот на националниот колорит во Републиката, да знае што е важно и битно, тој национален колорит да го приближи, да не се формализира, туку содржински да ги пласира научните и историските вистини, аргументи, да расудува со аргументи, а не со емоции и чувства. Да не биде човек кој од мува прави слон, да го разликува главното од споредното, да мисли универзално, а не партикуларно, да ја знае границата меѓу историјата и времето, да настојува да донесува решение кое ќе може да се реализира, а не најдобро решение.

Според тоа, премиерот да биде човек кој ја развива и ја негува довербата меѓу луѓето, заедништвото, проектира иднина за сите во Републиката еднаква и рамноправна. Тој да биде Македонец, но исто толку и Албанец, и Турчин, и Влав, и во секој случај да биде и тоа и тоа, човек кој го сака доброто на оваа Република, рамноправна, стабилна, заедничка куќа, независно од националната припадност, зашто човекот по нужност е човек, а случајно сме Македонци, Албанци, Турци, итн.

Оттука, тој не треба да лицитира со националната грижа и рамноправноста на националните колективитети во Македонија и пошироко. Затоа треба да биде човек кој ќе ја негува човечноста и бремето на нерешените прашања, таложени врз нас, економски, политички, национални, социјални, итн., да ги разрешиме заеднички со конструктивен дијалог. Секој друг пат е погрешен, стерилен, неприфатлив.

Се наоѓаме пред психолошки, морален и политички чин и сакам да најдеме човек кој одговорно ќе се однесува, зашто свесни сме за послушноста и иднината. Пред сѐ, сакам да укажам дека тој не ќе биде човек кој ќе биде истовремено и инженер и политиколог, и филозоф, и правник, меѓутоа неговата обврска и задача е дотолку поодговорна што треба да врши избор на такви луѓе кои ќе можат со успех да се носат со сите проблеми што стојат пред нас и што треба да ги визионираме заеднички во овој парламент.

**КРСТЕВСКИ ЗОРАН:**

Морам да кажам нешто што мислам дека многу помалку како оди активноста на овој парламент ќе се истакнува, а тоа се одредени ставови на политичките партии, во таа смисла и Републичкиот одбор на Сојузот на реформските сили на една своја редовна седница расправаше околу овој проблем.

Морам да ви кажам дека оценката што ја даде Републичкиот одбор е таква што активноста која оваа политичка партија преку својата парламентарна група ја презема на планот на конституирањето на Владата, итн., останува истата во смисла на принципиелноста да се поддржи кандидат кој ќе го предложи водечката партија по број на избрани пратеници во овој парламент.

Тоа не го правиме како некоја политичка догма, всушност како политичка култура која постојано се обидуваме да ја држиме на едно ниво во Македонија кога веќе немаме победничка партија и кога немаме партии од природни коалиции.

Во таа смисла, сепак, не се откажуваме и од правото на сопствено видување и мислење по кандидатите што се предлагаат од оваа партија. Дотолку повеќе, што е добро познато и јасно, што политичката програма и економската програма на Сојузот на реформските сили на Македонија како концепт е сè уште важечки и не го препознаваме со нова економска или некоја друга програма на другите партии, тоа е едно, и второ, поаѓаме од сопствениот капацитет на кадри кои ги имаме во партијата. Можеме со сигурност да кажеме дека имаме и подобри решенија, меѓутоа се држиме на овој принцип кој во партиските договори го кажавме.

Од друга страна, задоволни сме од ангажирањето кој претседателот на Републиката напорот што го прави во однос на изнаоѓање на соодветни решенија. Бидејќи, сепак, да потсетам, овдека седат пратеници кои добија 40% од избирачкото тело, што значи 50% заради мнозинскиот принцип, изборниот систем, итн., не добија свои легитимни претставници во овој момент.

Тоа е едната страна на медалот, и второ, овој кандидат или мандатор што ќе го предложиме, во прва линија би морал да биде прифатлив и за стопанството, за стопанските субјекти, кои најнепосредно ќе мораат да соработуваат со него.

Морам да кажам дека на овој план не добивме сознание за вкупните референции кои ги има овие кандидати во однос на досегашната нивна работа, тоа ако е веќе едно ниво на наши права на оценување, може да го земете како критичка дистанца од вашите кандидати, што не значи дека немате право или не си го задржувате ова врз основа на кое се изјаснувате, од кој единствен кандидат не отстапувате. Се знае, од можни кандидат, од сето оној потенцијал што го имате, дека се сведувате на тој, ние понатаму ќе видиме што ќе правиме.

Меѓутоа, ние имаме друг дополнителен став, односно наше право да не влеземе според наша проценка во коалициона влада, ако оцениме дека во програмата која тој кандидат ќе ја понуди, ги нема оние гаранции, кои ние сметаме дека се неопходни како економски и политички определби за опстанок на македонското стопанство и дури за негово подобрување.

Во таа смисла, како Сојуз на реформски сили на Македонија, понатаму критички ќе се однесуваме кон сите фази на предлагањето и конституирањето на Владата во Македонија.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи од повеќе пратеници, дискутанти, претставници на ВМРО-ДПМНЕ, беше споменет меѓупартискиот договор, врз кој досега беа избрани претставниците на власта, односно претседателот на Парламентот и претседателот на Републиката, потпретседателите на Собранието, итн., при што се алудираше на тоа дека тој меѓупартиски договор не се почитува, морам да го кажам следново: според моите информации, бидејќи јас не бев непосреден учесник во тие преговори, договорот е точно дека кандидат за претседател на Републиката го даде СКМ ПДП, меѓутоа не без име, туку со Киро Глигоров како кандидат.

Точно е дека Сојузот на реформските сили дадоа кандидат за претседател на Парламентот, меѓутоа, пак, не без име, туку со Стојан Андов како кандидат.

Точно е тоа дека ВМРО-ДПМНЕ ќе даде кандидат за потпретседател, меѓутоа, исто, со име, Љупчо Георгиевски, а за претседател на Владата, премиер е направен договор да го предложи ВМРО, меѓутоа да биде личност која ќе биде прифатена и од останатите партии.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ (СКМ-ПДП) (Продолжение):**

Тој договор, сè до овој момент е почитуван, избран е претседателот на Републиката, избран е претседателот на Парламентот, избрани се потпретседателите на Парламентот, избран е потпретседателот на претседателот на Републиката и доаѓаме до последното, дали сега ВМРО-ДПМНЕ нуди прифатлива личност, со која ќе се согласат и другите партии кои учествуваат во работата на овој Парламент.

Се согласувам со тоа дека критериумите за тоа дали некој човек е компетентен или не, дали е доволно стручен или не, се релативни, меѓутоа, прашање е дали може сè да се релативизира до таа мера да станува потполно безначајно кој е човекот и со кои карактеристики, тука е битно само кој го предлага и дека тоа е во согласност со меѓупартискиот договор.

Сакам да го кажам следното. Ние, како пратеници и како партија СКМ-ПДП, не отстапуваме од ставот дека кандидатот за премиер, односно мандатор на македонската влада треба да даде ВМРО-ДПМНЕ и сега и досега и отсега. Прашањето е само во тоа дали ќе имаме доволно меѓусебна толеранција да најдеме решение кое ќе биде ако не на општо задоволство, бидејќи претпоставувам дека тоа е превисоко ниво на задоволување на сите интереси, меѓутоа, барем решение со кое ќе бидеме согласни.

Инаку, овде ни се препишува, се тргнува од тесни партиски интереси, да речеме, конкретно јас, сум припадник на СКМ-ПДП, па се тргнува од тесни партиски интереси на СКМ-ПДП. Ве молам, ако се раководам лично од тесно партиските интереси, ќе бев најзадоволен за мандатор на македонската влада биде избран најслабиот од четворицата кандидати и да се состави влада која ќе се труди да се состави влада која ќе се трудиме во секој момент кога ќе се пружи прва можност за тоа да се сруши таа влада, ако се раководиме од теснопартиските интереси.

Проблемот е да се раководиме од интересите на оваа Република, а мислам дека е во интерес на оваа Република да се избере мандатор кој ќе го предложи ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа тој мандатор и таа влада со исто толку жар, како што ќе ја бранат пратениците од ВМРО, ќе ја бранат и пратениците од СКМ-ПДП, ќе ја бранат пратениците од Сојузот на реформските сили и од сите останати пратеници во овој Парламент.

До овде ќе ја завршев дискусијата, но само ќе се навратам на еден момент на дискусијата на пратеникот од ВМРО, не му го знам името, само запамтив дека е голем симпатизер на Жискар Дестен и Хелмут Кол, и сакам да го потсетам на следното:

Киро Глигоров е претседател на суверена Македонија, на државата кон која сакаме сите, во рамките на Југославија, меѓутоа и вон рамките на Југославија, да се однесуваат со достојна почит и респект.

На една од претходните точки, дури беше поставено прашањето дали можеме да дозволиме да речеме на преговорите во Белград претседателот на Сојузното претседателство или претседателот на СР Србија со таков однос да се однесуваат кон нашите преговарачи кон претседателот на Републиката или членот на Претседателството на СФРЈ од Македонија.

Ве молам, ако ние овде не се однесуваме и говориме со достоен респект и почит кон овие личности, немојте да очекувате дека некој надвор повеќе ќе ги респектира и повеќе почитува.

(Аплауз)

**РИСТО ЈОВАНОВ (ВМРО-ДПМНЕ):**

Ве молам, господинот Црвенковски веќе ме навредува. Јас не сум симпатизер на Сојузна Република Германија, туку само го кажав она што нашиот претседател, господинот Киро Глигоров, веднаш по изборот имаше една репортажа во „Нова Македонија“ на двете страници и рече дека бараме да имаме една компетентна влада и да имаме стручњаци како Хелмут Кол и Жискар Дестен. Сега, вие, мене ме нарековте дека сум Германец, дека сум симпатизер на Германија.

Се извинувам уште еднаш, со големо почитување кон господинот Киро Глигоров, и на крајот ја изговорив таа мисла, реков - чичко Киро, ако успеете дека ќе имаме голема влада, добра влада, компетентна влада, да биде добро за македонскиот народ прв сум кој ќе му клекнам на колена и ќе му речам браво, а вие уште да ме наречете фашист.

Само уште ова. Господата Тито Петковски и Црвенковски, дали немаат друга работа, рекоа дека стално ќе му поставуваат прашање на господинот Љупчо Георгиевски, што разговарал во Загреб со господинот Туѓман, а јас уште еднаш ќе го потсетам, ако сака нека стане нашиот претседател, па нека каже што ручале и што вечерале со господинот Турман, дали имале јуха за вечера.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не е на дневен ред.

**САНДЕ ДАВЧЕВ (СРСМ-МДПС):**

Јас сум од Сојузот на реформските сили и морам да кажам, поради ваков состав на пратеници од поедини партии, мора да биде составена коалициона влада и апелирам да оставиме уште малку простор на претседателот Киро Глигоров и апелирам на ВМРО-ДПМНЕ да покаже малку флексибилност и да изнајдат заедничко решение, да не продолжуваме ваква дискусија, туку да оставиме простор, барем уште една недела или 10 дена, заеднички да изнајдат едно решение, а апелирам на ВМРО-ДПМНЕ да покаже малку поголема флексибилност.

**КИРО ПОПОВСКИ (СПМ):**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Веројатно, кога состојбата во Републиката и земјата би била помирна, кога економските и политичките состојби веројатно подносливи, вкупната состојба на конституирањето на новите органи на власта во Републиката, веројатно, би биле подносливи, во смисла на одолговлечувањето на периодот на неговото конституирање.

Доста студиозно сум ги следел во овој изминат период овој парламентарен систем во западните земји кои имаат големо искуство и можам да кажам дека во вакви и слични ситуации и тие парламентарни земји кога доаѓаат во вакви ситуации со богато сто и двесте годишно искуство, исто така, не бргу ги решаваат проблемите.

Оттаму, не треба да нѐ изненадува што доаѓаме во вакви состојби, поготово тежината кај нас е дотолку поголема, прво, од причини што состојбите во земјата и Републиката се мошне сложени, и второ, прв пат влегуваме во една ваква повеќепартиска парламентарна демократија.

Меѓутоа, настапот на претседателот Киро Глигоров, пред сѐ, јас го оценувам како крајно совесно и со еден одговорен однос. Пред сѐ, како напор, кандидатот, како што е договорено, го даде парламентарната група, односно ВМРО-ДПМНЕ, да биде избран и владата да биде избрана, инаку не треба да се објаснува како оди процедурата, кој треба да предложи и како се предлага.

Меѓутоа, би ве потсетил, во одредени периоди кога италијанскиот парламент секоја недела ги менуваше владите по конституирањето, веројатно постарите ќе се потсетат. Мислам дека ова е краен сериозен однос кој го пројавува самиот претседател и веројатно од скромност не сакаше да каже колку средби одржал со сите партии, со сите кандидати, да дојдеме до заедничко решение.

Јас, исто така, би се придружил кон оценката на господинот Црвенковски дека за сите функции, всушност, сепак, се договаравме, но за претседател на Извршниот совет, односно Владата кога беше договорено, бидејќи во последен момент, мојата партија, и јас лично, бевме вклучени во тие разговори, на последните разговори беше договорено согласност, односно поддршка да добие кандидатот од сите партии.

Социјалистичката партија на Македонија во целост ги поддржа критериумите што другарот Киро Глигоров во јавноста и на ова Собрание ги кажа каква влада и каков претседател на влада ни е потребен. Со целиот респект спрема сите кандидати кои досега Партијата ВМРО-ДПМНЕ ги истакна во однос на нивната стручност и преференции кои ги имаат на Претседателството на Социјалистичката Партија на Македонија, сепак оценивме дека овие сложени економско-политички состојби, како што беше речено, што значи дека може веднаш по изборот да учествува и во најклучни прашања во земјата и за Македонија се потребни дополнителни размислувања, кои би обезбедиле поцелосна личност, со особини и потврдени квалитети на поддршката која ги покрива целата влада.

Меѓутоа, веројатно дека во целиот мандат во Парламентот ќе биде присутна една крајна меѓусебна партиска недоверба доколку не се смогнат сили од Партијата ВМРО-ДПМНЕ се истакне таква личност, и доколку се доведеме во ситуација да некоја друга партија или друга партиска припадност биде кандидиран кандидат за претседател на Владата.

Оттаму, целосно го поддржувам кандидатот и натаму да биде кандидат од ВМРО-ДПМНЕ и, исто така, предлагаме во најскоро време, уште еднаш да се обави разговор со претседателот на Републиката, и што поскоро, ако може и до четврток, да добиеме таква определба на претседателот на Републиката.

Во спротивно, мислам дека не само што ќе бидеме принудени и за други личности да разговараме, веројатно ќе се дојде до таква личност, меѓутоа односите меѓу партиите ќе бидат битно нарушени, ќе влијае на вкупната работа на парламентот во целина.

Инаку, мислам дека не може да има ни една партија во овој Парламент која ќе има други стручни критериуми за изборот на претседателот на Владата, можат кандидатите да бидат партиски припадници на одделни влади, а инаку објективни критериуми секогаш постојат и претседателот на Републиката јасно ги кажа во повеќе наврати.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ (ВМРО-ДПМНЕ):**

Драги господа, не сакам да полемизирам, но така изгледаме смешни, ако не гледа некој од надвор, ќе рече Парламент е, извинете, или играчка.

Тука слушнавме дека преговаравме, договаравме, а Влада немаме. Го молам господинот претседател на Републиката Киро Глигоров, нека ни прости, може малку несериозно постапуваат некои, нека застане на нозе, затоа што пред нас се заколна на овие години што ги има дека ќе ја води оваа Република во едно подобро утре.

Ве молам другар претседател, што имате во вашата моќ, бидејќи не слушнав некој да биде против ВМРО, прифатете го нашиот претставник, кој ние во последниот час ви го дадовме.

**ФАИК АБДИ (ПЦЕР):**

Мојата партија заседаваше во саботата и, покрај другите прашања, на широко расправавме за ова прашање, што не е решено, нема никакви предлози и отприлика знаевме дека ќе дојде до одредена конфузија. Ова што се случи денеска, го очекувавме. Граѓаните и народот се револтирани и ние овде, а и јас лично, сум револтиран од истапот на поединци од ВМРО за она чичко Киро, опростете не знам колку да е големо тоа почитување, ние не се наоѓаме пред селска чешма, па да зборуваме сѐ и сешто.

Ние не сме ни во Франција да имаме некојси Жискар Дестен, а уште помалку Германија, толку развиена и модерна и јака, па да се мериме со такви земји, скоро за никаде сме, ќе видите откако претседателот на Извршниот совет ќе даде свои согледувања за онаа состојба за која говореше дека е државна тајна, наиме она прашање што го поставив, каква е активата и пасивата на СРМ, тој знае дека на тоа мислев, па ќе видете во каква ситуација се наоѓаме, па ако знаеме дека положбата на општините денеска, не е она што била вчера со новите уставни амандмани, тоа значи многу поголема одговорност, отколку сегашната власт, односно Извршниот совет и јас лично се чудам како ќе се снајде господинот Глигоров да се определи за одредена личност знаејќи што го чека тој иден претседател на Владата.

Според тоа, полна поддршка на зборовите изречени овде од страна на господинот Глигоров да му дадеме време уште малку кога самиот ќе се определи, мојата партија ќе гледа кого тој ќе го предложи, тој ќе биде со полна одговорност, а тоа значи и негова одговорност.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа и пратеници, ислушувајќи го излагањето на претседателот другарот Киро Глигоров, кој имаше за цел да нè запознае со досегашната работа по однос на формирањето на владата, односно на одредување на мандатор за предлагање на членови на влада. Сметам дека ова беше информација за да нè запознае по тоа што се доцни малку со рокот во тој дел. На сите ни е јасно дека веќе после неговото излагање кои се проблемите, до каде е дојдено, согледавме и слушнавме дека се направени доста напори, досега договарања со партиите, а претежно со партијата којашто има предимство за предлагање мандатор, а тоа е ВМРО-ДПМНЕ.

Се изложија тие проблеми кои се и се гледа дека работите можеби се при крај или воопшто да не дојде до решавање на тој проблем. Би предложил на парламентот по оваа точка да прекратиме со дискусија, бидејќи доста се искажувавме сите.

Сите го почитуваме предимството на ВМРО-ДПМНЕ да биде од оваа партија мандаторот на владата. Доколку има можности претседателот на Собранието тоа да го стори со уште напори помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и другите политички партии и тоа да биде во најкраток рок, бидејќи и тој за тоа се залага. Доколку не се постигне таков договор, предлагам како заклучок претседателот на Македонија да ги користи уставните права кои му се дадени за да предложи мандатор.

Бидејќи можеби ќе нè очекуваат и други проблеми, неспорно ќе е и предлагањето на претседателот, односно мандатор на влада, можеби ќе дојдат и други спорови, тој мандатор можеби не ќе формира и влада. Затоа ми се чини дека е редно да предложи таков човек, да се обиде да предложи членови на влада, па да видиме дали ќе дојде до тоа или можеби ќе бидат други предлагања на други мандатори.

Ако бараме најдобар човек што ќе ја земе оваа функција, сметам дека никогаш не ќе најдеме најдобар, бидејќи секогаш има и подобар. Ако размислуваме така логични, зашто секој човек да предложи еден и дека смета е најдобар, другиот смета дека има и подобар од тој. Затоа, меѓу тие добри и најдобри, редно е да се предложи еден.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас само би напоменал дека во информацијата е суштинско тоа што претседателот на Републиката ме извести дека постапил по меѓупартискиот договор и побарал кандидати од партијата на ВМРО-ДПМНЕ, потоа дека го искористил своето право и обврска како претседател што го има по Уставот, обавил повеќепартиски контакти и го чул мислењето на другите партии, разговарал со кандидатите, со некои двапати и дошол до сознание дека од тие кандидати не може да се определи да се именува за мандатор и бара уште еден или неколку дополнителни кандидати, ве молам ги бара од истата партија. Тоа е информацијата. Тоа е суштината на информацијата

Дали некој друг бара збор?

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Ако сите овие работи ги сведиме на вистина, на она што е суштина на проблемот на оваа долга расправа, ако не беше некорисна, се сведува на следното. Вонпарламентарниот договор при овој состав парламентот беше неопходен и добар е што беше склучен. Да не бараме кривица во договорот.

Второ, сите партии и пред сите вас се изјаснија дека се согласни да остане и да биде предложен од ВМРО-ДПМНЕ. И тоа не е спорно. Значи, нема никаква ни заткулисна игра, ни некој да сака да некој сака да го одземе тоа, итн.

Се разбира, излишно е да кажам најмалку тоа може да се каже во врска со мојата должност да го предложам. Јас ниту ќе правам ниту партиска, ниту било каква друга кариера, сакам токму на крајот на ова, во овој момент кога Македонија е во таква ситуација, затоа и се прифатив за оваа должност, ако може нешто да сторам и полесно да излеземе од оваа ситуација. Верувам дека многу од вас во други прилики не би се прифатиле за некои должности.

Значи, нема било каква идеја да се даде тоа право на некоја друга партија и тоа не е загрозено. Ниту е проблемот во тоа да се натера ВМРО да дојде во временски теснец, па заради тоа да го изгуби она што по природата на договорот му припаѓа. Тоа не е спорно, затоа што не гледам некој кој би имал интерес такво нешто да направи. Се работи за специфичен случај кога во тој вонпарламентарен договор, како што бил пример за другите функции, не е назначен човек, не случајно, за тоа веќе говореа, само да напоменам дека и тоа не би требало да биде проблем и да не разбранува.

Потоа, дојдовме во една ситуација како да изгледа да ако некој бил кандидат за претседател на влада, ако не биде случајно избран да е тоа некоја казна или да е посрамотен или партијата нешто да загубила, а секаде во светот оној кој е еднаш бил номиниран за претседател на влада, тоа е чест, значи бил еден од конкурентите за највисокото место во извршната власт. Ниту е тоа за партијата загуба, ниту е за човекот загуба, се бара уште да се предложи еден или двајца и да седнеме да се договориме за оној кој што ќе го избереме за мандатор за да можеме да излеземе од оваа ситуација.

Јас сум спремен од своја страна, утре, задутре, да го посветам своето време на тоа. Ако во пресрет во таа смисла излезе и овластениот предлагач, раководството на ВМРО-ДПМНЕ, јас верувам дека можеме да се договориме, со добра волја од една или од друга страна без и такво инсистирање, или да кажеме тој кандидат или никој. Бидејќи, таков став, верувам, никој во јавноста нема да го разбере.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде е нова околност, како што бевме информиран дека Собранието на ВМРО одлучило да има само еден кандидат. Тоа е малку чудно, бидејќи беше еден кандидат, па дадоа уште тројца, па ги повлекоа тројцата, според тоа изгледа постојано бил еден кандидат.

Мислам дека е добро од Собранието да се обратиме до партијата ВМРО-ДПМНЕ, сепак, да го послушаат ова барање на претседателот да може да си го изврши долгот правилно убеден во својата одлука, ова е многу важно, ние би требало во овој момент навистина да му дадеме недвојбена поддршка на претседателот за сите напори што ги направил и партијата ВМРО-ДПМНЕ да им сугерираме да направат уште еден чекор за кој им се обраќа претседателот. Тоа е мојот предлог.

Да заклучиме така. Се прифаќа информацијата и ова е заклучено.

Минуваме на точката 2.

Предлог на одлука за изменување и дополнување на одлуката за образување на постојани работни тела на Собранието на СРМ.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Само две забелешки имам во Предлог-одлуката за измени и дополнување на одлуката за образување на постојани работни тела на Собранието на СРМ. Во одделот 2. Потточката 13 се менува и гласи: „Комисија за заштита на човековата околина“. Текстот понатаму вели: „Комисијата има претседател и 7 члена, претседателот и петте членови се избираат од редот на пратениците на Собранието на СРМ, а два члена од редовите на одделни органи“. Тоа значи дека вкупно Комисијата има 8 члена.

Втората забелешка на Комисијата за градежништво и урбанизам, исто така, каде што вели дека Комисијата има претседател и 7 члена, вкупно 8 члена. Се работи за грешка, којашто треба да се исправи, би требало да има 9 члена и првата и втората комисија. Со тоа што, моја сугестија е накнадниот од осмиот до деветтиот член да биде надворешен член, односно два члена од редот на одделни стопански и други организации да биде три члена и кај едната и кај другата комисија, затоа што основен е принципот тие тела да има непарен број и веројатно тука се работи за техничка грешка.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, што се однесува до Одлуката за формирање на втората комисија за градежништво и урбанизам, пошто таа беше во претходниот предлог како градежништво и урбанизам и за екологија, сега тие се разделени, мислам дека во насловот на оваа Комисија би требало да се додаде зборот „сообраќај“, пошто го опфаќа, односно ја опфаќа таа дејност на разгледување. Тоа се прашањата од градежништво, урбанизам и сообраќај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има претставник на Комисијата којшто ги предлага овие за да даде појаснување?

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Сега мораме од почеток да се вратиме. Ова Собрание, на 25 јануари, донесе одлука да бројат постојаните тела, наречени комисии, 18. Во постапката за состав на комисиите, претставниците, односно координатори на работни групи, дојдоа до заклучок, тие да бидат 20. Тоа е целта на одлуката.

По однос на овој состав, сега тоа е поголем текст, тие мораат, општо е познато, и непарен број да бидат земајќи ги внатрешните членови од редот на пратеници и надворешни членови од стручни и научни работници.

По однос на овој додаток, дали да се дополни и со зборот сообраќај. Ние имавме, исто така, заземено став што помалку насловот да имаме, па нормално се опфаќа под урбанизам и станбени ова и она, за да не одиме со имиња така широки беа исто така наведени урбанизам, па ги поделија два, односно од 18 станаа 20. Потоа ќе почнеме за станбени, па оваа населба не е опфатена, оној спрат не е опфатен и слично.

Сметам дека треба да одиме во помал број. Меѓутоа, тука се пренесува дека ја менуваме сопствената одлука, не е така, оценете дека и сообраќај, јас лично, како Комисија, сметам дека нема потреба да се дополни и со зборот „сообраќај“.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

По однос на името на Комисијата за градежништво и урбанизам, јас би предложила во името на Комисијата не се даде сообраќај, туку да се додаде „архитектура“, значи Комисија за архитектура, градежништво и урбанизам, затоа што иако е архитектурата составен дел, односно се мисли дека е составен дел на овие објаснувања во оваа комисија, сметам дека како посебна проблематика треба да се разгледува во оваа комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Знаете во што е нашиот проблем, сега кога расправаме. Подобро е да имаме амандмани и овие предлози да се напишани и да ни се дадат, па да ги дадеме на изјаснуваше. Вака е многу тешко да се следи и по деловник не одиме.

Молам, ако е можно, да ја забрзаме работата, ние веројатно кога ќе го донесуваме деловникот ќе извршиме повторно некои измени во организацијата овде и дајте сега ако некој нема некој принципиелен спор, да го усвоиме текстот како што е предложен.

Дали се согласувате со тоа?

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Не знам зошто при формирањето на овие собраниски тела, испуштено е едно многу значајно тело, тоа е Комисијата за информирање. Овде гледам во Предлог-одлуката за измени, постои како иницијатива за образување на таква комисија. Мислам дека таа комисија сепак треба да се формира и дека таква комисија имаше и во претходниот мандат и според стариот деловник за работа на Собранието таа дури многу високо се котира како четврта комисија по значење.

Да ми се одговори дали навистина се работи на тоа да се формира оваа комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

По повод ова информирање на постојани тела, комисии при утврдувањето на уводно почетните колку да изнесуваат, ние тргнавме од тоа да има собранија, српското собрание има две постојани работни тела, 240 пратеници.  Во таа мисла, треба малку да одиме на економичност.

Второ, Собранието претставува интегрален дел и секое прашање, односно надлежност, ќе го прими, ќе го распредели према соодветното работно тело или комисија. Ако не постојат тела, самостојно, преку работни групи и слично.

По однос конкретно на ова иницијатива за Комисија за информирање, тоа е едно, таа треба да се следи во наредниот период и ако постојат оправдани моменти, треба да се оформи како предлог за работно тело, комисија од тој карактер. Бидејќи тука имаме во рамките на Собранието и одредена служба ние сè уште не го знаеме куќниот ред за информации, тоа е во перспектива, нафрлено е само како иницијатива да се разгледува, следи и ако има потреба посебна комисија. Во тоа, затоа тоа не е опфатено.

Треба да одиме на поедноставна структура и секое прашање ќе си најде одредено место. Ние не можеме буквално за секое поединечно прашање, ова не е специјалистичка организација, ова е од универзален карактер, за што ние имаме посебни министерства и за сообраќај и за секоја проблематика, не можеме специјализација на работите. Ќе останат одредени работни тела без предмет на работа со одредена просторија одредени стручни соработници и слично. Може тоа да се види од претходното искуство. За човекова околина има во секоја месна заедница, меѓутоа, никој и ништо, меѓутоа никој ништо не вреди, па сега и тука посебно.

Затоа, да не одиме во ширина, го предлагам текстот како што беше предложен за усвојување

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Јакимовски :сака да реплицира.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Мислам не треба да се поистоветува работата на ова собраниско тело на Комисијата за информирање во Службата за информирање коешто работи во Собранието, затоа што тоа значи сведување на сите комисии на стручните служби коишто работат во Собранието. Во тој случај, не би требало да имаме ниедно собраниско тело.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас мислам дека не се разбравте, господин Крстевски рече дека оваа проблематика политички е вклучена во една друга Комисија, тоа е суштината на неговата одлука.

За збор се јави господин Пановски.

**ПАНОВСКИ МИХАИЛ:**

Јас мислам дека воопшто не треба да се раководиме од тоа српскиот парламент такви комисии има и како бил организиран. Комисија за информирање инсистирам мора покрај овие комисии да формираме. И тоа треба да го ставите на гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ (ВМРО-ДПМНЕ):**

Комисијата за меѓунационални односи да се преименува во Комисија за права на малцинствата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е за другата одлука.

Ве молам, јас би ги замолил пратениците да ја усвојат Одлуката во предложениот текст и да не го шират бројот на работните тела понатаму. Ако се покаже неопходно, можеме тоа да го сториме после, кога ќе го донесуваме деловникот.

Ве молам, од јавноста имаме јасни приговори, така го шириме, одиме по малку и со потсмев ни велат дека за секој пратеник имаме по една комисија.

Немојте наеднаш толку, без да покаже работата дека навистина тоа е неопходно.

Комисијата за избори и именувања е надлежна за разгледување на оваа проблематика. Сериозно внимание посвети токму на оваа Одлука. Ова се заснова на основа на расправата што ја имавме порано. Не бива баш секој ден да ги менуваме гледиштата.

Има збор господин Јакимовски

**ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО (ВМРО-ДПМНЕ):**

Молам, да се стави на гласање

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господин Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ (ВМРО-ДПМНЕ):**

Господине Андов, јас почитувам што се заложувате Комисијата за избори и именувања да расправа за евентуалното формирање на нова комисија за информации. Само, морам да потсетам, од тоа што до мене провејува како течат дискусиите на таа Комисија, се чувствува строга партиска определеност или припадност на дискутантите. Така што со истите тешкотии и во таа Комисија ќе се судриме тука во Парламентот. Сметам дека многу побезболно ќе биде и многу помалку ќе чини, веднаш да прифатиме една ваква комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Можеби држи овој приговор, меѓутоа, сите комисии така се составени. Тогаш треба директно овде да расправаме. Немојте така. Сите комисии се партиски составени.

Има збор господин Ешреф Алиу

**ЕШРЕФ АЛИУ (ПДП):**

Морав да излезам по изјаснувањето во врска со настојувањето на другарите парламентарци или господата од ВМРО-ДПМНЕ во врска со оформување или проширување на листата на работните тела од 20 на 21.

Последната интервенција е апсолутна неумесна и сосема еднострана. Би требало малку да преовладее една широкоградост во разгледување на целокупноста на проблемите, а не во таа линија, подвлечена стриктно со исправа или метар, да не биде за милиметар ниту лево, ниту десно.

Јас излегов да го кажам следново, јас лично таа комисија ја предложив, во нашите контакти на координаторите. Јас, на ваков начин да се гласа и да се постави на дневен ред, ниту барам, ниту сакам така да биде. Ми се чини дека убаво се договоривме по која процедура да оди. Како иницијатива се прифати и не сум запознат дека некаде има реални пречки оваа Комисија еден ден да дојде на дневен ред и да не биде воведена како 21 или како 30-та, ако сакате, ако ние станеме свесни дека имаме потреба и за уште други комисии. Мислам дека не би требало така ултимативно работите да се постават пред овој Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали после оваа интервенција инсистирате господин Јакимовски , да се гласа?

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ (ВМРО-ДПМНЕ):**

Јас сметам дека ќе биде конструктивно. Ако Парламентот смета дека не треба, тоа е друга работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор, господин Гештаковски

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ (СКМ-ПДП):**

До сега мислам дека е информирана Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Уставната комисија и не знам од каде такво сознание на пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ дека оваа Комисија има пречки во своето работење. Јас мислам дека сум присуствувал на сите комисии. Од ВМРО имаме четворица претставници. Мислам дека и претседателот требаше да стане. Тука сме, баш работиме пратенички, деловнички, без одредено надгласување, сем во еден случај и мислам дека треба да предложиме сите комисии така да работат. Не знам, да не полемизираме, еве и претседателот и другите членови климаат со глава, тој пратеник и неприсуствувал на таа Комисија, а ние барем од нашите дискусии и полемики, секогаш сме изнаоѓале решенија и мислиме дека правилно сме одлучувале.

Инаку, како што реков, во таа Комисија има 4 пратеници од ВМРО-ДПМНЕ и ваков предлог за формирање нова Комисија, колку што бев присутен, не беше даден. Да беше даден, сигурно ќе размислувавме и ќе немаше проблем. Ние рековме, и претседателот рече, дека е отворена и според нашите согледувања ќе ги дополнуваме работните тела и постојаните и повремените. Комисијата и претседателот работиме во едно парламентарно и деловничко работење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Бошков, по третпат.

**ЈОРДАН БОШКОВ (ВМРО-ДПМНЕ):**

Не целам Собранието да го оптоварувам со моите согледувања. Едноставно истапите од господин Алиу и господин Гештаковски изискуваат да кажам само два збора околу тоа, бидејќи сум директно прозван.

За моите согледувања, од каде во таа Комисија постои партиска обоеност при гласањето и при надгласувањето и прегласувањето, сега нема да говорам. Ако некој има реален интерес, нека повели, нека ме праша на друго место. Но, вака да ми се поттура неумесност, неприфатливо ми е. Јас барем ќе се вардам од тоа за било кој пратеник да кажам таква квалификација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Крстевски, претседателот на Комисијата за избори и именувања.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ (ВМРО-ДПМНЕ):**

Бидејќи директно се однесува на работата на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, морам да одговорам.

Формално, сем за изборот на претседател на Собранието на СРМ, во сите досегашни одлуки, земајќи ја предвид и последната одлука за утврдување состав на делегати за Соборот на републиките и покраините во Белград, исклучиво сме биле едногласни.

Во однос на овие наводи, може само да се даде оцена, ние. малку создадовме еден паралелизам овие претставници, координатори на партии ние отстапивме дел на оваа Одлука, од таму произлезе, инаку ние бевме за 18.

Исто така, и составот го отстапивме како Комисија, претходно на постапка на усогласување. Можеби таа инспирација се однесува на нешто теснопартиско, можеби се однесува во рамките на усогласувањето во фазата на координаторот.

Инаку, со исклучок за избор на претседател на Собранието, исклучиво сме едногласни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бара збор господин Давчев.

Јас ве молам да минеме на усвојување на актите.

**САНДРЕ ДАВЧЕВ (СРСМ):**

Не би дискутирал, но да кажам, ако сме избрале Комисија, да имаме доверба во неа. Ако за сите предлози на комисиите, вака дискутираме, тогаш не ни требаат комисии. Директно ќе предлагаме и ќе ја завршиме работата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да се изјасниме по актот што е предложен.

Има збор господин Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ (ВМРО-ДПМНЕ):**

Јас инсистирам да се гласа по мојот предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие имате обврска да поднесете писмен амандман. Точно да знаеме што е вашиот предлог. Меѓутоа, сега излегува дека треба да го толкуваме. Тоа значи дека овде треба да се основа уште една комисија за информирање. Еве, да се обидеме, да претпоставиме дека точно сме разбрале кој е предлогот.

Молам, кој е за овој предлог, нека дигне рака.

(37 пратеници дигаат рака).

За овој предлог гласаа 37 пратеници.

Кој е против, молам нека крене рака.

(58 креваат рака)

Педесет и осум пратеници гласаа против. Кој е воздржан?

(4 пратеници креваат рака)

Четворица се воздржани.

Според тоа, предлогот на господин Пановски и на господин Јакимовски, што беа слични, не се усвоени

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ (ВМРО-ДПМНЕ):**

Дали може да се констатира дека на ова Собрание таква комисија не ѝ треба?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не. Ние само дадовме предлог, Вие инсистиравте предлогот да го дадеме на гласање. Предлогот го дадовме и имаме исход на гласањето.

Според тоа, предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

(мнозинството пратеници креваат рака)

Дали има некој против?

(нема)

Има ли воздржани?

(тројца пратеници креваат рака)

Констатирам дека со мнозинство пратеници „за“ и три „воздржани“, а без гласови „против“, Одлуката е усвоена.

Минуваме на точката 3 - Избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на СРМ .

Предлогот за избор на претседатели и членови на комисиите што го поднесе Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви е доставен.

Предлогот ќе го образложи претседателот на Комисијата, Никола Крстевски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ (ВМРО-ДПМНЕ):**

Оваа одлука се однесува за конкретизирање на оваа Одлука од 20 постојани работни тела, комисии, односно се однесува за составот на комисиите, претседатели и членови на Комисиите, исклучиво, во случајов, во оваа фаза од редот на пратениците. Надворешните членови ќе бидат дополнително утврдени со консултации и во координација со претседателите на комисиите.

Во однос на оваа одлука,-беше отстапено координаторите по пат на усогласување, беше даден одреден рок околу 2 недели, јас повремено се интересирав во која фаза се овие преговори и усогласувања и на состанокот на Комисијата за избори и именувања овие наведени претседатели и членови на комисиите од редот на пратеници, Комисијата едногласно ги утврди, бидејќи се тие благовремено, во рокот утврден за доставување и сметаме дека може да се води дискусија.

Меѓутоа, уште еднаш истакнувам дека е утврдена оваа предлог на одлука со наведениот состав, по редослед за претседатели и членови. Доколку пратениците што не учествувале во Комисијата или како координатори можат да поставуваат прашања. Меѓутоа, најцелисходно ќе се сведе да одговараат на одреден број прашања координаторите. Тие исклучиво составот го утврдија, го предложија на Комисијата, а ние едногласно го прифативме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде не е предвиден претрес, меѓутоа можеме да дискутираме и по образложението.

Отворам начелен претрес по образложението.

За збор се јави господин Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:(ВМРО-ДПМНЕ)**

Во материјалот што беше поделен, видов дека ме нема ниту во една Комисија. Но, тоа не е битно ако не се работи за принципиелно прашање. Дадов усмен предлог, а и писмен предлог и сега пред Парламентот инсистирам, бидејќи во меѓувреме се распрашав, било мое право како пратеник, како член на Комисија, да се одлучам и самиот.

Давам до знаење на Комисијата или на претседателот на Собранието, не знам кој е надлежен за ова дека се пријавувам како член во Комисијата, како што е тука кажано, за меѓунационални односи. Веднаш да кажам дека предлагам оваа Комисија да се преименува во Комисија за права на малцинствата. Исто така, се пријавувам за Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност. Молам, тоа да се прими на знаење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Ѓулистана Јумеровска.

**ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА (СРСМ):**

Нема да дискутирам за составот на предложените комисии, ниту за нивните претседатели, бидејќи во повеќе расправи ми беше објаснето дека децидно е почитуван процентуалниот состав на пратениците од поедини партии во Парламентов.

Гласно си поставувам прашање, ако беа пресметани промилите, веројатно математиката ќе беше в ред. Меѓутоа, со еден голем предзнак на квалитетите, искуствата и знаењата што секој од нас ги носи овде, што се различни, неоспорно на која партија припаѓаме.

Друга една работа за која се јавив да дискутирам е во начела за работата на овие комисии, како јас ја гледам во натамошната иднина. Во. повеќето наши расправи, овде беше напомнато дека бараме промени во работата на ова Собрание, промена на извесни модалитети, поголеми флексибилности, поголем достап на граѓанството овде, почитување на одредени предлози што ќе стигнат и преточување на тие предлози во министерствата, односно Владата, а со тоа и изгласување на одредени закони.

Со самото ова што ќе ги изгласаме, а се надевам дека ќе ги изгласаме составот на комисиите и претседателите, мислам дека еден стар начин и понатаму ќе продолжи, неспорно што се работи за повеќепартиски систем, дека комисиите ќе се состануваат еднаш месечно, во нив има претставници на различни партии, ќе се донесуваат мислења, меѓутоа, повторно, бидејќи се работи во пленум, ќе имаме долги и опсежни седници, во кои со натегање и прегласување ќе имаме одредени законски регулативи, кои во краен рок ќе се донесат.

Заради тоа, едно мое гласно размислување за работата на овие комисии, беше, не онака само како што се предвидени во нивниот состав, туку овие комисии или да ги наречам работни сектори или одделенија, би работеле секојдневно и постојано во ова Собрание, што би биле отворени за сите пратеници со своите точки за поставување на дневен ред, сигурно доставени по претходно информирање од страна на Службата во Собранието, така што секој од нас како пратеник во зависност од своите желби и интереси , а да не кажам и пошироките интереси на граѓаните што сите ние овде се повикуваме на нив и ги застапуваме, дојдеме, ги претставиме тие предлози и на крајот изградиме еден конечен став, а не став кој би се градел исклучиво овде на пленум.

**ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА (Продолжение):**

Ова го зборувам од проста причина и мислам битно и квалитативно, на тој начин ќе се подобри расправата во комисиите, а ќе се олесни работата на Собранието во пленум.

Според тоа, предлагам комисиите нека се изгласаат вака, како се предложени во тој состав, меѓутоа да се донесе заклучок од ова собрание, работата на сите комисии да е јавна, на неа да можат да присуствуваат сите пратеници по своја желба и по свој интерес со конструктивни предлози и одредени работи што ќе ги донесат од базата во којашто сите сме присутни, како и воедно дека за подетални информации за состаноците на комисиите и за дневните редови ќе дознаваме од Службата, којашто во примерен рок би ги поставила.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Благој Ханџиски

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Јас мислев да се јавам кога ќе дојде време да се дискутира за комисиите, меѓутоа сметам дека е подобро да се јавам сега, за да не дојде до одредени промени. Се чувствувам посебно непријатно во услови на ваков замор што морам да зборувам за некои работи што на изглед се формални, меѓутоа преку некои принципи не би можел да поминам, веќе на почетокот на работата на овој Парламент.

Прво, забележливо е дека повеќе пратеници не се застапени воопшто во комисиите. А забележливо е и тоа дека некои пратеници се по двапати застапени. Значи во една и две комисии.

Од таа гледна точка, сметам дека не би можел да членувам во две комисии. Јас дадов согласност на својата парламентарна група да учествувам во работата на Комисија, а дадов согласност и да водам комисија за област и поле за кои што се чувствувам на домашен терен.

Познато Ви е на сите, дека ако негде се чувствувам на домашен терен, тоа се општествените дејности, и тоа не сите, а посебно образованието, поради тоа што не сметајќи некакви години на повторување на одделенијата, седев 30 години, само 30 години во клупа, со тоа што го работев во последните години, ги знам сите темни долапи на македонското и југословенското и на другите образованија. Подрачјето во коешто знам што направивме и имам сознанија што треба да направиме, знам и имам визии за иднината на оваа област, спремен сум целосно да се ангажирам, но не и таму каде што имам мали квалификации.

Да не должам, не би сакал да го замарам Парламентот, ве молам да останам само член на Комисијата за образование и ако и тоа не е најпаметно решение, затоа што и господин Глигоров, обичен граѓанин, е носител на власта, но тоа што може да го направи како обичен граѓанин ни од далеку не е тоа што може да го направи како претседател на Република Македонија.

Сепак, ве молам да останам само член на Комисијата за образование, дејност во која што можам да дадам и да помогнам, дејност во којашто сум покажал дека можам да дадам резултати

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Стојановски

**СТОЈАНОВСКИ ТОМЕ:**

Видите, одлуката се дава да се усвои. Меѓутоа завршува само со имињата, наброени се комисиите, а не е дадена одлуката од кога ќе важи, кога се донесува. Па сакам да стои точка 2 - оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“. Ова го предлагам од чиста практична работа, овие комисии да можат да почнат да работат веднаш, да не би дошло понатаму пак да чекаме објавување, па 8 дена, и инаку касниме, за да не се продолжи ова закаснување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас би сакал прво да дадам едно свое видување и на сите комисии генерално, мислам дека не е во ред на овој начин да бидат составени. Ние усвоивме некои принципи во коишто требаше да дојде до израз стручноста, меѓутоа, како што гледам, тука не секојпат стручните луѓе се на соодветните места. Тоа е некој партиски договор, меѓутоа, верувајте, мислам дека ќе не кошта многу повеќе отколку направевме некои измени, навистина стручните луѓе да дојдат на стручни места.

Во врска со оваа одлука, имам и едно мое лично видување и би сакал да го изнесам. Уште кога ја видов одлуката, оваа, првата комисија за меѓунационални односи, начинот како е составена, нејзината конструкција ми падна во очи и се отвори една дилема кај мене. Имено, очекував претседател на оваа комисија да биде кандидат од ВМРО-ДПМНЕ. Од кои причини?

– Оваа партија во предизборната кампања најмногу се залагаше дека ќе ги среди меѓу националните односи, па дури, да не провоцирам, меѓутоа мислам и на тоа добија најголем број пратеници во овој парламент. И зошто сега, кога се формира една ваква комисија, се распрашав прво во мојава пратеничка клупа, зашто е тоа така, ми рекоа дека ВМРО како не сакал да ја прифати оваа функција да биде претседател, всушност од нивните членови да има претседател на оваа Комисија. Затоа, ве молам, за мое лично појаснување, а верувам и некои други ги имаат тие дилеми, ако може да ми се објасни од кои причини?

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави госпоѓа Димитрова

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Бидејќи учествував во усогласувањето на комисиите, можам да го дадам следното објаснение. ВМРО не доби многу комисии, само 6 и немаше, односно не можеше таков избор, не можеше да го избере тоа што навистина го сака. Едно од приоритетните комисии беше желбата на ВМРО да биде Комисијата за образование.

Мене ми е жал зошто не бев поенергична, мислам да земам збор претходно и изразувајќи ја флексибилноста и џентлментноста на групата на ВМРО да понудиме рокада со ова што професорот Ханџиски изрази желба да биде на образование на кое веќе бил, а ние да ја земеме Комисијата за меѓунационални односи. Тоа го имавме во план и пред ова да биде.

Инаку, го сметам ова за многу важно, ама од друга страна пак сметам дека и проф. Ханџиски тука ќе биде многу добар.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Јордан Бошков

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Просто ми е непријатно, вака стално да настапувам, имено еве на двапати чувме како извесни лица не се компетентни, не се стручни. Инаку, тоа го слушаме секој ден овде во кулоарите на Собраниево и чинам дека сега, при гласањето за личностите во комисиите, најмалку е упатно да има еден белег дека ете извесни членови не се компетентни, не ги познаваат работите, нема да можат да одговорат.

Јас ги повикувам претставниците на медиите за поголемо присуство во тие комисии и нека посочат ако имаат извесни забелешки на работата на тие поединци евентуално, не е битно од која партија, туку ако веќе паѓа квалитетот во нечие работење, фино е да се чуе кои се причините, но и кои се носителите на тој пад на квалитетот. И би сакал, при гласањето, велам повторно, за било кој член и воопшто не знам како ќе се гласа, дали во пакет, сè што гледаме на таа листа или поединечно за секого или пак поединечно за Комисијата или можеби само за претседателите на комисиите, зашто деловнички сум во некакви изненадувања и веројатно не само јас, така да ќе ве молам да го уважите ова да не ги ставаме овие знаци на прашалници за конкретните лица во тие комисии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Никола Крстевски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Бидејќи пропуштив во претходното излагање, а со цел да бидам пократок во однос на пратеници кои што не се опфатени во постојаните работни тела, претседателот на Собранието, Стојан Андов, ми изнесе став дека сите пратеници и дополнително треба да бидат вклучени во постојаните работни тела и комисии.

На состанокот денешен во 9,00 саатот траеше до 10, не успеавме тука да изнајдеме решение заради времето и почетокот на оваа седница.

Инаку ние утврдивме дека не се распределени само 5 пратеници. Тоа повеќе го тумачам бидејќи има можност професионално да се пратеници и треба да биде поискористен во тоа и јас го поддржувам овој став во наредниот период, Комисијата на наредниот состанок и овие преостанати 5 пратеника што не се вклучени, ќе ги вклучиме, со тоа што треба да изнаоѓаме соодветни места, треба и бројот да се менува и составот.

Од наша страна се утврдени: Иван Иванов, Јордан Зафиров, Владимир Голубовски, Зоран Китев и Александар Флоровски. Овие во наредното наше одлучување ќе ги вклучиме во работата на комисиите.

Во однос на начинот на прифаќање на оваа одлука, сметам најцелисходно да одиме Комисија по Комисија и ако не е спорен составот и претседателот како што се предложени во писмена форма да се усвои, да може одма, како Томе што предложи, од наредниот ден да почнат да работат. А оние комисии кои нема да ги прифатиме поради тоа што претседателот е спорен, односно составот тие во наредното работење на Комисијата да изготви нов предлог. И сметам дека само на 1-2 комисии е приговорено, а другите лесно ќе ги усвоиме денеска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ако нема понатаму, прво да го утврдиме начинот на гласање.

Предлагам гласањето за избор на претседатели и членови на комисиите да го извршиме јавно со кревање на рака.

Дали се согласувате?

(Се согласуваме).

Дали има некој друг предлог за начинот на гласањето?

(Нема)

Констатирам дека гласањето ќе го извршиме јавно со кревање на рака. Избор на претседатели и членови на комисиите ќе го извршиме целосно врз основа на Предлогот на Комисијата за избори и именувања.

Прво, минуваме на избор на претседатели и членови на Комисијата за меѓунационални односи.

Отворам претрес по Предлогот.

Овде имаше предлог и во претресот можете да го предложите за тоа кој овде треба да биде претседател затоа што го разбравме господинот Ханџиски не прифаќа да биде претседател на оваа комисија.

Ви се молам, немојте така од место, туку ќе предложите конкретно што предлагате.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Членот на групата од ВМРО Доста Димовска ја предлагаме за претседател на Комисијата за меѓунационални односи. И правиме, односно со тоа отстапуваме место на Комисијата за образование на проф. Ханџиски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, и наједноставната операција не изгледа така едноставно. Точно е тоаваму ќе биде по три, а ваму по еден.

**ПРАТЕНИК ОД МЕСТО:**

Јас мислам ако се направи само проста замена во Комисијата за меѓунационални односи, ќе има 4 пратеника од ВМРО-ДПМНЕ и само еден пратеник од СКМ. Мислам кога ќе се прави оваа рокада, дека треба да се направи уште на по еден член за да се задржи однос.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овие рокади е најдобро да се усогласат и мене ме изненадува колку не се усогласени. Тоа значи дека луѓето не се во тек.

Господин Голубовски предлагаше измена на насловот на Комисијата, како точно гласи насловот, молам кажете го.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Комисија за права на малцинствата. И се предлага, ја користам оваа прилика како член на оваа комисија, веднаш. И ако се дозволи комбинација да се прави за претседателите на комисиите тука денеска и ако се закажува нова седница, тоа покажува колку несериозно работиме.

Исто така, мислам дека нема право Комисијата да поставува термин за наредната седница. Да се објасни од страна на секретарот, јас колку што сум запознат, како пратеник имам право да се одлучам во кои комисии сакам да работам. Се изјаснив за две комисии и молам во предлогот во комплет за тие комисии, моето име да се прочита во состав на тие комисии кога ќе се усвојуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Некои објаснувања ќе даде секретарот на Собранието

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

Основно начело е во предлагањето на составот на работните тела да се има предвид, покрај структурата за припадност на одредена политичка партија, афинитетот на пратениците, квалификационата структура, односно можностите, односно оптималните можности на секој од пратениците во област каде што може да биде и најпродуктивен, односно ќе може најповеќе да даде.

Мислам од овие критериуми се раководеше и Комисијата за прашањата на изборите и именувањата. Сега колку успешно е направено, тоа е друго прашање.

Предлогот на господинот Голубовски беше доставен во писмена форма и исто така препратен до Комисијата за прашањата на изборите и именувањата и оваа Комисија го имаше предвид.

Инаку, деловнички уредено е, со член 142 и 143 од Деловникот, начинот на изборот на работните тела на Собранието. Според овие два члена од Деловникот, работните тела, составот на работни тела, ги предлага Комисијата за прашања на изборите и именувањата или најмалку група од 10 пратеници.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ (продолжение)**

Овој предлог треба да биде доставен до претседателот на Собранието најдоцна 10 дена пред одржувањето на седницата. Од тие причини не можеше и седницата да се одржи порано.

Предлозите за измени и дополнувања треба да бидат амандмански. Во конкретниот случај според деловникот не постои можност на сама седница да се оди со поединечни предлози. Во тој случај, никогаш не можеме да ја завршиме седницата.

Во претресот по предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ќе се ставам забелешки, а тоа ќе влијае на определбата на пратениците дали ќе го усвојат предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата или не. Ако не се усвои, тоа значи Комисијата на една од наредните седници треба да предложи нов состав.

Во однос на предлогот што го даде пратеничката Јумерова, деловнички е уредено да можат пратениците според својот афинитет да учествуваат во работата на било кое работно тело.

Значи, тука нема никакви ограничувања, со тоа што овие пратеници кои формално не се членови на работното тело, ќе учествуваат во работата, само не можат да гласаат. Инаку, тоа и досега е пракса и сигурно ќе го имаме, пратениците ќе учествуваат во работата на одредени тела, според дневниот ред, според материјата што ќе се расправа и според можностите да се даде придонес во работењето.

Од овие причини со овој метод на работа во Собранието ќе можат сите пратеници да се експонираат во оние области каде што сметаат дека најмногу ќе можат да придонесат. Таквите расправи во телата ќе овозможат овде да бидеме порационални и поефикасни, односно да не се повторува расправата од работните тела.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Заради пропорцијата внатре во Комисијата, предлагам Горан Зафировски од ВМРО, да премине од Комисија за меѓунационални односи во Комисија за образование.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Можеме овие предлози да ги усвоиме, меѓутоа, ако е можно, со овој начин да престанеме. Овие комисии каде што се јавија проблеми, нивното сегашно избирање да го одложиме за наредната седница, а да се усогласат сите прашања и околу претседател и околу членови, и така натаму

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не се јавувам по друг предлог, туку во врска со предлогот на Голубовски. Имено, Голубовски предлага име на комисијата. Таа е предвидена во член 183 од Уставот на Македонија. Вели - се образува Комисија за меѓунационални односи. Од тие причини, не треба да правиме непријатности околу името на Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е едно појаснување околу името, меѓутоа имаме и поместување на членови и немаме јасен увид што станува со тоа.

**ФАИК АБДИ:**

Сега, Комисијата за меѓунационални односи се вика Комисија за меѓунационални односи, затоа што пред тоа усвоивме имиња на комисиите. Како сега ќе менуваме, значи таа мора да остане така. Меѓутоа, ме зачудува фактот што господата од ВМРО многу инсистираат на таа комисија да се среди Западна Македонија. Немојте така другари. Што е тоа сите сакаат да бидат во Комисијата за државна безбедност и Комисијата за државна безбедност. Ние имаме и други комисии, зошто токму на тие они инсистираат. Немојте така, тоа многу паѓа во очи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам претседателот и составот на Комисијата за меѓунационални односи, нивниот избор да се одложи за прва наредна седница.

Минуваме на избор на претседател и членови на Законодавно-правната комисија.

Отворам претрес по предлогот.

Молам, кој бара збор?

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Расправате се водеше за целата листа. Директно заради рационалност оди на гласање, комисија по комисија. Онаа која нема да се прифати во состав отпечатен тука, дополнително Комисијата ќе си изработи друг профил на Комисијата. Сега, расправата е завршена, треба директно со дигање на рака да се изјаснуваме за претседател на комисија и членови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Како ќе знаеме дека составот е во ред? Може и тука да има како во претходниот состав.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Во оваа расправа сите точки спорни, неспорни, почнувајќи од Ханџиски, кој не сака таму, сака ваму и така натаму, сите тие се дискутираат. Сега одиме само на гласање. Ако одиме за Ханџиски, во просвета тој заситено работи. На крајот му се приговори на седницата за образование. Сега треба да ја смени темата. Доста Димовска е асистент на Филозофски факултет, а и таа се разбира од просвета. Не можеме сè по сакање да одиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

(Никој)

Го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака?

(пратениците креваат рака)

Има ли некој против?

(Нема)

Има ли воздржани?

Со четири воздржани гласа констатирам дека за претседател на ЗПК е избран Томислав Стојановски. За членови на ЗПК се избрани: Драги Гроздановски, Александар Гештаковски, Туше Гошев, Наќе Стојановски, Абдурахман Халити, Панчо Минов и Евтим Манев.

Минуваме на избор на претседател и членови на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство.

Отворам претрес по предлогот. Молам, кој бара збор?

(Никој)

Го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање. Молам, кој е за, нека крене.

(пратениците креваат рака)

Дали има некој против?

(1 против)

Дали има воздржани?

(4 воздржани)

Констатирам дека за претседател на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи во странство е избран Бранко Црвенковски. За членови на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство се избрани: Алил Џаферовски, Јордан Бошков, Горѓи Котевски, Цветан Јовчевски, Ешреф Алију и Славе Наумовски.

Преминуваме на избор на претседател и членови на Комисијата за општествено-политички систем.

Отворам претрес по предлогот. Молам, кој бара збор?

(Никој)

Го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

(Пратениците креваат рака)

Дали има некој против?

(Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето?

(3 воздржани)

Констатирам дека за претседател на Комисијата за општествено-политички систем е избран Зоран Крстевски. За членови на Комисијата за општествено-политички систем се избрани: Љупчо Јакимовски, Богдан Неделковски, Владимир Митевски, Алил Џаферовски и Агим Фазлиу.

Минуваме на избор на претседател и членови на Комисијата за општествен надзор и претставки.

Отворам претрес по предлогот.

Молам, кој бара збор?

Има збор Цветан Јовчевски

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Во врска со Комисијата за општествен надзор и претставки, за претседател е предложен Авди Муртезани, кој бил судија во Општинскиот суд Тетово, референт во Одделението за имотно-правни односи при Собранието на општината Тетово и референт во месната канцеларија.

Во 1986 година, во присуство на свадбата во с. Стрмница, каде настапувал музички состав од САП Косово, кое се претворило во своевидна манифестација на албанскиот национализам и сепаратизам, изразена преку пароли и силна еуфорија. По изведувањето на репертоарот, каде се величале јунаци на Албанија и се повикувало на „слобода“, разрешен е од должноста судија. Работи како референт во Општината. И во Општината продолжува со истото однесување и затоа е повторно сменет од работа и префрлен во месната канцеларија како референт. Ве молам тоа да се има предвид

**ХАЛИЛИ:**

Ми се чини дека е крајно време да не излезе со такви чудни предлози. Сè тоа е јасно. Ако некој не сака да ги почитува овие договори и ние можеме да не ги почитуваме. Сите знаат дека Авди Муртезани е издиференциран од монистичкиот систем. Ние сега имаме повеќепартиски систем и молам да не се повикуваме на такви работи - национализам, сепаратизам, свадба, ова-она. Сите треба да знаеме дека секој народ или народност има право на културна манифестација. Тој не бил ни осудуван ни казнет, тој бил издиференциран од СК како многу други.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас би сакал да го прашам господин Авди Муртезани, ова што го прочита господинот Цветан Јовчевски да излезе и да каже дали навистина извикувал „на слобода“, ако не е така, да знаеме и да се одлучиме при нашето гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

(Никој)

Овде имаме предлог во вид на амандмани.

Дали господин Јовчевски инсистира предлогот да го дадеме на гласање?

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Да.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Комисијата го претресуваше овој случај?

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас во уводното образложение кажав дека составот на комисиите го имаат правено координатори на парламентарни групи, како за претседатели, така и за членови. Така усогласен став дојде на Комисијата за избори и именувања. Повторно во рамки на Комисијата немаше никакви нови предлози и ние го прифативме како усогласен предлог, со тоа што ни дадоа координаторите коишто се и членови на Комисијата за избори и именувања, мислење дека стојат зад ваквите предлози и ќе ги изгласаат. Јас укажав, на крајот не е битно дали ќе има кворум за гласање, треба да се гледа и квалитет во одредени случаи. Меѓутоа, тие стојат зад овој предлог, ние тоа го прифативме, а беше целта и да се усогласат. Тоа се нови моменти, инаку ако земеме. Комисијата овој момент не го имаше директно предвид, па ако оценат пратениците да се одложи изборот и за оваа комисија само за функцијата претседател. Ние повторно ќе го разгледаме предлогот, па ако треба ќе излеземе со нов предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Практично, ништо не значи именување на Комисијата без претседател, бидејќи не може да работи. Претседателот закажува седница на Комисијата.

**ЕШРЕФ АЛИЈУ:**

Сакам да ве известам дека координаторите на Парламентарните групи одевме со крајни напори, пред сè, да изградиме метод на работа. Во тој метод на работа се определивме во прва верзија, исклучиво предност да добива стручноста и квалитетот на пратениците.

Кога некои работи видовме дека не одат и сепак нема доволна ширина за отстапувања од клучот на застапеноста на бројот на пратениците, сепак и тој втор клуч го земавме како доста важен, оставајќи во договорите исклучиво на одговорност на партијата која го назначува членот или претседателот да се почитува.

Работите изнесени од господинот Јовчевски, така како што ги прочита, не сум склон да не ги примам како такви, бидејќи од некаде веројатно се и препишани. Меѓутоа, должен сум да изјавам пред овој Парламент, зад предложениот кандидат стојам лично јас, стои цела пратеничка група, за неговата исправност и за неговата стручност и лојалност, за успешно водење на оваа комисија, гарантираме сите 23 пратеници. Работите, како се поставуваат тука, инцидентно или намерно, би нè вратиле на многу нешта против кои сме кревале глас, против кои некој добил заслужна казна, некој без никаква заслуга, но ми се чини дека достоинството на човекот или определеноста, се гледа во неговиот цврст став зошто се определува.

**МЕХМЕД ХАЛИУ:**

Ако за една работа, одреден аргумент ни одговара, ќе користам еден аршин, кога не ми одговара, тоа ќе го заборавам или ќе го покријам и ќе наведам други работи.

Другарите од ВМРО, кои се овде најгласни, најповеќе добија критикувајќи ја досегашната Комунистичка партија и нејзината работа. Сега се ориентираат да најдат некои мерки кои се преземени за свадби каде се претерувало или не, не сум бил повикан да дадам став.

Ако се преземени мерки, мерките се кажаа кои се, човекот издеференциран остана во работен однос, што значи неговата вистинска одговорност би можела да се сведе, да не ве заморувам многу за тетовскиот случај или за таа свадба, тој требало утредента да оди во Секретаријатот за внатрешни работи и да напише изјава, во која ќе образложи таму што се случило и што се правело. Што е нормална работа за еден граѓанин, ако навистина не е убеден дека таму е направен видлив престап или е изразена манифестација која во било кој вид го загрозува тогашното братство и единство или го загрозува интегритетот, е против тоа братство и единство, е против уставните  определби ко што сè уште се на сила, тогаш таа должност му припаѓа на секој граѓанин, без разлика каде е и што е. Ако кај Муртезани такво чувство не се појавило, не би требало најмалку денес кога се предлага за претседател на комисија да се оспори дека тој не може да биде.

**ТОМЕ АНДОНОВ:**

Почитувани пратеници,  во врска со конституирање на комисиите што ни се дадени, колку што го разбрав претседателот за избор и именување, структурите на комисиите се направени врз основа на претходен договор на партиите, односно нивните претставници на парламентарните групи. Така да, споровите кои сега се јавуваат во врска со одредени членови или носители на претседателски функции на комисии, ги доживувам единствено како недостаток на минимум парламентарна култура и лично сметам дека се контрапродуктивни или пак непринципиелен претходниот договор меѓу партиите, односно договорот на носителите на парламентарните групи во дефинитивната конструкција на комисиите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам сега да не гласаме по предлогот на Јовчевски, а составот на комисиите да не го менуваме и да го оставиме за првата наредна седница, со молба на Комисијата, тоа да се усогласи за да не доаѓа до вакви проценти. За пратениците. Се плашам да не изгласаме нешто што не е добро.

Дали се согласувате?

(се согласуваат)

Минуваме на избор на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, за претседател и членови.

Отворам претрес по предлогот. Молам, кој бара збор?

(Никој)

Го заклучувам претресот. Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

Дали има некој против?

(Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето?

(4 воздржани).

Со 4 „воздржани“ и без глас „против“, констатирам дека за претседател на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана е избран Љубомир Поповски, а за членови на Комисијата се избрани: Томислав Стефовски, Борис Змејковски, Благоја Чкатроски, Васил Зимбаков, Наќе Стојановски, Исмет Рамадани, Панчо Минов и Божо Рајчевски.

Минуваме на избор на претседател и членови на Комисијата за деловнички прашања.

Отворам претрес по Предлогот. Молам, кој бара збор?

(Никој)

Го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

Благодарам.

Кој е против?

(1 против)

Дали има воздржани?

(3 воздржани)

Констатирам дека предлогот со мнозинство гласови е прифатен. За претседател на Комисијата за деловнички прашања е избран Назим Зибери, а за членови на Комисијата се избрани: Михаил Пановски, Туше Гошев, Панчо Минов и Ефтим Манев.

Не знам дали имам право, меѓутоа за оваа Комисија се воздржа и еден од членовите на Комисијата. Дали има против да биде член на таа комисија?

(Не).

Минуваме на избор на претседател и членови на Комисијата за контрола на работата на Службата за државна безбедност.

Отворам претрес по предлогот. Молам, кој бара збор?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Парламентарната група на СКМ ПДП има сознание дека предложениот кандидат за претседател на Комисијата за контрола на работата на Службата за државна безбедност, господинот Борис Змејковски, бил осудуван со пресуда бр. 30/80 во траење од 3 месеци ефективен затвор. Во жалбената постапка изјавена пред второстепениот суд, таквата жалба била одбиена и со извршен наслов бил приведен и извршена казна.

Не сакаме да дискутираме за неговата способност за извршувањето на таа функција, туку сметаме дека неговиот морален кредибилитет во овој случај да се преиспита од надлежните органи, дали оваа анонимка испратена до парламентарната група на СКМ ПДП е точна. Доколку е точна, молам Собранието посебно да се произнесе дали господинот Борис Змејковски може да ја обавува таа функција како претседател на оваа комисија.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Само да додадам дека за оваа информација што е прочитано од СКМ ПДП, во паузата ми беше достапна, бидејќи прашав за што дело е, ми рекоа дека е кражба, па во таа смисла треба да биде и повратната информација, дали навистина тој е осудуван за кражба.

Инаку, сакам да инсистирам на тоа да предлогот што е даден во името на 10 пратеници за член на таа комисија не гледам никаква процедурална пречка, исто така се приклучив на списокот за состав на оваа комисија

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Од причина што Борис Змејковски не е присутен затоа што пред неколку часа ја напушти седницата поради здравствени причини, ме замоли да ја прочитам неговата дискусија, па со дозвола на претседателот, тоа ќе го направам или пак да го приложам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се работи за пратеник, член на овој Парламент, иако д здравствени причини е отсутен, не можеме да го лишиме од можноста со изјава да се обрати пред Парламентот.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:** /Прилог - Изјавата на Борис Змејковски/

Во врска со предлогот на Владимир Голубовски да се кандидира за член на оваа комисија, предлагам неговиот предлог да не се прифати, бидејќи живо е заинтересиран да стане член на Комисијата.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ (чита Михаил Пановски):**

Искрено речено, воопшто не сум изненаден од критиките кои денес се упатени кон мене. Познавајќи ги поедини личности кои седат овде во Парламентот, нивниот карактер, морални особини, нивната болна амбиција за власт, а посебно знаејќи ги нивните газди кои на тацна им сервираат разни податоци, јас тоа и го очекував.

Немам намера да ги порекнувам изнесените „факти“ за мене. Очигледно политичката полиција прецизно и точно ја евидентирала целата моја активност, сиот мој живот како човек, Македонец, работник. Напротив, јас би ја дополнил мојата биографија со многу други факти, од кои најважен е оној дека целиот живот сум се борел за македонските национални интереси. Затоа и сум страдал, повеќепати сум бил притворан и грубо малтретиран од некои припадници на СДБ.

Немам камера ниту да се спуштам на нивото на моите критичари и јас да изнесувам овде свои оценки или сознанија за нив, ниту пак како нив да се служам со инсинуации, полувистини и конструкции. Сакам само да потсетам дека сегашните напади врз мене, не само што претставуваат посебно кривично дело на оние кои вака неодговорно и неодмерено ја напаѓаат мојата личност, туку пред сè многу повеќе зборуваат за нив самите, за нивното јаничарство на некои „вечни“ владетели на Македонија и нивните слуги во државните органи.

Ве потсетувам дека според Амандманот 74 од Уставот на СРМ, одделни работни тела на Собранието на СРМ, врз основа на претходно овластување од Собранието можат да бараат известувања и податоци, но не можат да имаат истражни или други судски овластувања. Според точка 3 од Амандманот 70, човековата приватност е неповредлива, а во точка 6 загарантирана е заштитата на личните податоци и забрането е нивното користење спротивно на законот.

Органите за внатрешни работи, кои согласно законот водат казнени евиденции, податоците од нив можат да ги даваат според член 94 од Кривичниот закон на СФРЈ само на Суд, Јавно обвинителство и на други органи за внатрешни работи во врска со кривична постапка што се води против лице кое порано било осудено, на органите за извршување на кривични санкции и на надлежни органи кои учествуваат во постапка за амнестија, помилување или бришење на осуда. Со оглед на тоа што ниеден од овие основи не може да важи во конкретниот случај, отворено прашувам кој и со кое право дал податоци на пратениците кои ме критикуваа од казнените евиденции во РСВР на СРМ? Мене ми е јасно!

Денешната хајка против мене, почитувани пратеници, како да нè враќа назад во периодот на комунистичкото едноумие, кога и за најмала функција во општеството, за секој граѓанин се бараше негова морално-политичка подобност.

На сите Вас, Ви е познато до каде нè доведе една таква политика. Покренувањето на вакво прашање во овој повеќепартиски македонски парламент за мојата „подобност“, го сфаќам како последен обид на болшевичките сили за зачувување на нивниот монопол над власта, кадровската политика над човекот и неговата личност, но и невидена дрскост и безобразлук. Јас не дозволувам и најостро протестирам некој овде да ја преоценува мојата подобност, да изнесува груби навреди за мојата личност и да го оспорува моето право како рамноправен пратеник да бидам биран во неговите тела и органи.

Јасниот факт, почитувани пратеници, што денес сум овде со Вас, доволно зборува дека избирачите кои ми ја дадоа довербата на изборите, а имаа можност да ме запознаат доволно, имале поинакво мислење за „аргументите“ на државните органи кои денес вака неодговорно и непримерно се изнесени. Сметам дека само на нив им припаѓа правото да ја оспоруваат или да ја оценуваат мојата компетентност и активност во Парламентот.

Почитувани пратеници,

Денес бевме сведоци на уште еден обид на политичката полиција со злоупотреба на материјалите прибрани во нашите политички досиеја од нивните правоверни слуги, директно да влијае на изборот на новите легитимни органи по нејзините критериуми и мерила. Колку што ми е познато, не е мал бројот на нас пратениците во овој Парламент, за кои УДБА водеше, а по сѐ изгледа сѐ уште води посебна „грижа“.

Денес, јас бев мета на напад, беше извлечено моето досие, утре тоа ќе биде некој друг од Вас, задутре трет... Се разбира, ако ние го дозволиме сето тоа и мирно гледаме како повторно се гради нова полициска држава, поопасна од досегашната. Заради тоа, отворено прашувам: Ќе дозволиме ли наѓомити неполитизираната полиција и нејзините сиви еминенции и сега во парламентарната демократија и натаму да владеат и со Парламентот и со Македонија? Ќе дозволиме ли политичката полиција на Лазар Колишевски и натаму да нѐ контролира нас, нашата работа, нашите кадровски решенија или пак ние како Парламент ќе оствариме вистинска контрола над Службата за безбедност во интерес на македонскиот народ, на граѓаните, човечките права и слободи и уставниот поредок?

Повеќе е од очигледно дека овој чин е само доказ повеќе дека некои сѐ уште не можат да се ослободат од стегите на болшевичката свест и откажат од инструментите на политичката власт, кои во досегашниот период им обезбедуваа спокојно владеење. Еден од најиспробаните инструменти на погромот, беше токму таканаречената „подобност“ морално-политичка и безбедносна, кој во чест на лажниот мир и спокојство, пред олтарот на светлата перспектива на комунизмот, ги жртвуваше сите човечки надежи и интересите на македонската држава. Не е за чудење што секојдневно се соочуваме со потресни сведоштва од историјата на овој институт - масовни ликвидации, политички и физички, на сите оние слободоумни и чесни граѓани на Македонија, кои не беа „подобни“ на единствениот критериум, на единствената вистина, чија персонификација беше митот на колишевизмот. Дали и денес не сме сведоци на повторна промоција на истите инструменти на комунистичката власт или ова е само демонстрација на сила и потсетување дека митот на Колишевски сѐ уште не е мртов?!

Почитувани пратеници,

Предлогот да бидам претседател на Комисијата за контрола на Службата за државна безбедност, го сфаќам како чин на доверба на сите пратеници во Парламентот, како пратеник од мојата партија ВМРО-ДПМНЕ. Но, тоа истовремено го сметам и како голема обврска, заедно со останатите членови на Комисијата, доследно да работиме на остварување на вистинска парламентарна контрола над работата на Службата за државна безбедност, во интерес на остварување на нејзината уставна и законска функција за зачувување на суверeноста и интегритетот на македонската држава, на правата и слободите на граѓаните.

Благодарам на вниманието.

**ПРАТЕНИЧКО ПРАШАЊЕ:**

Ако се има во вид дека согласно Законот за владата, Уставот на СРМ и ругите закони, кандидатот за премиер го предлага претседателот на Републиката во согласност со политичките партии и ако таква согласност беше постигната, тогаш зошто Киро Глигоров го пречекори рокот за предлагање и си зеде за право да поставува некакви дополнителни критериуми кога во Македонија е воведен парламентарен, а не претседателски систем на власт? Не е ли тоа дел од едно сценарио пресметано кон тоа да се елиминира ВМРО-ДПМНЕ од власта, а на старата влада да ѝ се даде шанса да ги досуреди своите кадровски комбинаторики?

За тоа, еве еден флагрантен пример: На 14.2.1991 год. ИС на Собранието на СРМ, на 20-тина функционери во РСВР, потсекретари, советници и сл. Им го продолжи мандатот за уште 4 години, иако нивниот мандат им истече на 12.2. 1991 год. Имаме право да веруваме дека одолговлекувањето на предлагањето на мандаторот е намерно направено, со цел да се средат овие работи. Не е ли тоа незаконско конституирање на истите луѓе како носители на досегашната власт.

Предлог: Да се изврши ревизија на сите кадровски решенија на ИС во периодот од 15.4.1990 до денес (т.е. за време на продолжениот мандат).

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Многу ми е тешко и се чувствувам многу валкано, што воопшто морам да се вмешам во оваа сфера. Не можам да не реагирам, бидејќи привршува секаква мерка, жртвите да се претставуваат како кривци и гонители на вакви мерки сме присутни скоро од самиот почеток и мислам дека со нас тоа ќе трае сѐ дотогаш додека ние на секој посебно не стане свесен и не ги побара своите слободи и човечки права.

Со ова сум побудена, можеби излегува малку од дневниот ред, но морам ова да го направам заради себе лично. Сум побудена да ги побарам јас своите човечки права. Барам од граѓаните коишто се за тоа задолжени да ме заштитат, јас добивам постојано картички со заканување и големи камења ми ги кршат прозорците и да биде мојот стан проверен и да бидат исфрлени од него прислушкувачите. Тоа барем за мене лично. Огорчена сум заради ова овдека и сметам дека оние коишто сакаат да чепкаат по туѓите животи, треба малку и за својот да кажат, за што тие самите биле осудувани.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако е ова овде напишано, така фактолошки стои. Меѓутоа, содржината на ова писмо што го зедов од пратеникот од СКМ-ПДП стои дека се работело за некоја кривица што е заведена под број 30-80а. Правниците што се занимаваат со судскиот дел, мора да заклучат дека се работи за извршување на било кое дело кое порано од таа година, значи дека мора да биде најмалку во 1979 година. Што предмет е, начинот на извршување, како дошло, да се говори и да се каже дека се работи за криминал. Ние имаме пресуди каде се судат за свои работи, па така се утврдило, додека овој документ го немаме од никој од нас независно што уживаме некој имунитет, не може да каже за свој колега, пратеник дека е криминалец.

Не приговарам на друго, туку приговарам само на степенот на образование и човечка култура. Посебно на тоа, што нашиот законодавец предвидел никој на некого да нема право да му префрлува дека извршил кривично дело. Не играм улога на бранител овде. Овде сум граѓанин, пратеник кој резонува и ги применува законите. Дали Змејковски ќе биде претседател на оваа комисија или не, нити ВМРО ќе загуби, нити СКМ-ПДП ќе добие медал. Овде достојанството на човекот, сакаме да бидеме чисти. Ако имате причина повеќе тој да не може да ја извршува оваа функција, дајте ја таа причина. Меѓутоа дали некој за кого настапува законска и судска рехабилитација да се поднесуваат некои документи за наводна осуда за три месеци како правник, ова може да биде и за ситна кражба, три месеци затвор не е ако е, плус она ако е навистина кражба господин Голубовски ревносно кажа дека тој знае, јас го прашувам дали беа заедно.

Јас овде сум одговорен за ова што го кажувам, некој ако тврди дека за кражба му префрлува на другиот колега дека извршил кривично дело, ако не бил присутен на судење, ако не ја знае пресудата, изворот може да биде само извештај од болница, од затвор или од војска. Овдека не може ова така да се подвргне..Затоа, ако друго не, не сакам на господин Змејковски да му се препише една јага, нека стои и онаа пресуда да ја земеме како факт, дека е точно, меѓутоа ако настапила судска рехабилитација, овој човек по правото и словото на законот е неосудуван.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Јас воопшто не реков дека тврдам, туку кажав дека во пауза сум информиран по ова прашање што е, така да таа досетка и не е толку духовита, но со оглед дека е сега 22 часот и на годините може да ти се опрости.

**КРСТЕВСКИ:**

Да ја прекинеме оваа точка на начин како ја прекинавме и оваа друга работа, оваа фарса на рехабилитација да не ја правиме смислено како некој судски процес. Мислам дека не заслужуваме како пратеници кои ревносно гледаме, дневниот ред го почитуваме, итн. Или да се гласа или да се одложи точката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да не се гласа сега, бидејќи тој не е тука, а и ова е неразјаснето, можеби е застарено или е рехабилитиран. Може ли да побараме да добиеме ние од надлежниот орган ова да се разјасни. Притоа да го одложиме изборот на оваа комисија за претседател да се има предвид овој предлог за Голубовски кој го потпишале 10 пратеници.

**МЕТОДИЈА ПАНОВСКИ:**

Овде очигледно се работи за некои големи недоследности. Јас како пратеничко прашање побарав на пратеничка група, заедно со група на новинари од радиото, телевизијата, од дневниот печат ни бидат ставени на увид досието на господин Драган Богдановски, меѓутоа бев одбиен од министерот Јован Трпеновски. Сега, за еден човек може да се погледне досие, а за друг не може.

**АНАСТАСОВСКИ:**

Презимето ми е Анастасовски а не Атанасовски, па молам да се исправи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се исправи тоа.

**ПАНОВСКИ:**

Ако се даваат податоци за досието, инсистирам да се формира пратеничка група и да го погледа судскиот процес на господин Драган Богдановски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас само поаѓам овде само од еден факт кој може да биде вистинит или невистинит.

Значи, изборот на оваа Комисија за контрола на државна безбедност се одложува за наредната седница.

Преминуваме на избор на претседател и членови на Комисијата за економска политика и развој.

Отворам претрес по предлогот. Молам, кој бара збор?

(Никој)

Го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

(Мнозинството делегати).

Дали има некој против?

(Еден).

Дали некој се воздржува од гласањето?

(9 воздржани).

Констатирам дека со еден глас „против“ и 9 „воздржани“ за претседател на Комисијата за економска политика и развој е избран Шабан Превала.
За членови на Комисијата за економска политика и развој се избрани: Вецко Личовски, Петар Темелковски, Душан Николовски, Ванчо Младенов, Џалил Таири и Јаким Ивановски.

Преминуваме на избор на претседател и членови на Комисијата за финансирање и буџет.

Отворам претрес по предлогот. Молам, кој бара збор?

(Никој)

Го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање. Кој е за предлогот, молам да крене рака.

Дали има некој против?

(6 против)

Дали некој се воздржува од гласањето?

(Никој).

Констатирам дека со 6 гласа „против“ за претседател на Комисијата за финансирање и буџет е избрана Славјанка Стојанова. За членови на Комисијата за финансирање и буџет се избрани: Ламбе Арнаудов, Благој Тошев, Бранко Блажески, Наиф Мустафа, Тодор Димов и Тодор Петров.

Преминуваме на избор на претседател и членови на Комисијата за заштита на човековата околина.

Отворам претрес по предлогот. Молам, кој бара збор?

(Никој).

Го заклучувам претресот. Предлогот го ставам на гласање. Кој е за предлогот, молам да крене рака.

Дали има некој против?

(2 против)

Дали некој се воздржува од гласањето?

(Никој)

Констатирам дека со 2 „против“, за претседател на Комисијата за заштита на човековата околина е избран Аслан Сељмани. За членови на Комисијата за заштита на човековата околина се избрани: Ташко Киров, Борко Горчевски, Ристо Келешов, Душко Арсовски и Јован Манчевски.

Преминуваме на избор на претседател и членови на Комисијата за градежништво и урбанизам.

Отворам претрес по предлогот.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање. Кој е за предлогот, молам да крене рака.

Дали има некој против?

(Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето?

(Четворица)

Констатирам дека со 4 „воздржани“ за претседател на Комисијата за градежништво и урбанизам е избрана Биљана Лазаревска. За членови на Комисијата за градежништво и урбанизам се избрани: Никола Апостолски, Горѓи Бојковски, Страшо Милковски, Неџати Џафери и Димитар Димитровски.

Преминуваме на избор за претседател и членови на Комисијата за стопанство.

Отворам претрес по предлогот.

Молам, кој бара збор?

(Никој).

**СТОЈАН АНДОВ (Продолжение):**

Отворам претрес по предлогот.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Го заклучувам претресот. Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака.

(Пратениците креваат рака)

Дали има некој против?

(1)

Дали некој се воздржал од гласање?

(3)

Со еден глас „против“ и 3 „воздржани“, констатирам дека за претседател на Комисијата за стопанство е избран Петар Ѓорѓиев, а за членови на Комисијата за стопанство се избрани: Михаил Пановски, Симеон Ивановски, Хамид Алиу, Симеон Наумовски, Љубосав Иванов и Благој Тошев.

Преминуваме на избор на претседател и членови на Комисијата за земјоделство и шумарство.

Отворам претрес по предлогот. Молам, кој бара збор?

(Никој)

Го заклучувам претресот. Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака)

Дали има некој против?

(4)

Дали некој се воздржува од гласање?

(3)

Со 4 гласа „против“ и 3 „воздржани“, констатирам дека за претседател на Комисијата за земјоделство и шумарство е избран Марин Миленковски. За членови на Комисијата за земјоделство и шумарство се избрани: Петре Трајкоски, Трајан Мицески, Газменд Ајдарага, Тиме Андонов и Ванчо Златанов.

Изборот на претседател и членови на Комисијата за образование, наука и култура е одложен.

Преминуваме на избор на претседател и членови на Комисијата за здравство.

Отворам претрес по предлогот. Молам, кој бара збор?

(Никој)

Го заклучувам претресот. Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

(Пратениците креваат рака)

Дали има некој против?

(1)

Дали некој се воздржува од гласањето?

(3)

Констатирам дека со еден глас „против“ и 3 гласа „воздржани“ за претседател на Комисијата за здравство е избран Душан Трпчевски. За членови на Комисијата за здравство се избрани: Томислав Пецаков, Гоце Андоновски, Јован Николов, Ферид Садику, Ѓулистана Јумеровска, Димитар Трпеновски и Гоце Темелковски.

Преминуваме на избор на претседател и членови на Комисијата за труд и социјална политика.

Отворам претрес по предлогот. Молам, кој бара збор?

(Никој)

Го заклучувам претресот. Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака.

(Пратениците креваат рака)

Дали има некој против?

(5)

Дали некој се воздржува од гласањето?

(1)

Констатирам дека со 5 гласа „против“ и 1 „воздржан“, за претседател на Комисијата за труд и социјална политика е избран Бранко Арсовски. За членови на Комисијата за труд и социјална политика се избрани: Гоце Темелковски, Ристо Јованов, Стојмир Цветковски, Никола Стојановски и Наиф Мустафа.

Преминуваме на избор на претседател и членови на Комисијата за мандатно-имунитетни прашања.

Отворам претрес по предлогот. Молам, кој бара збор?

(Никој)

Го заклучувам претресот. Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, да крене рака.

(Пратениците креваат рака)

Дали има некој против?

(5)

Дали некој се воздржува од гласањето?

(1)

Констатирам дека со 5 гласа „против“ и 1 „воздржан“, дека за претседател на Комисијата за мандатно-имунитетни прашања е избран Душко Ѓорѓевски. За членови на Комисијата за мандатно-имунитетни прашања се избрани: Ристо Јованов, Хисни Шакири, Тодосија Паунов и Ристо Стаменов.

Ве молам, бидејќи не можевме да ја формираме Комисијата за образование, предлагам како привремена група да работи во својство на работно тело, само во меѓувреме на наредната седница, бидејќи имаме закони од областа на образованието да формираме состав на Комисијата со што претседател би бил Благоја Ханџиски. Составот на Комисијата како пратеничка група што би ја водел Благој Ханџиски.

Дали се согласуваме?

(Гласови на одобрување)

Молам на избраните комисии и нивните претседатели, ги молам да закажат седници на комисиите утре во 11,00 часот.

Избрани се 7 комисии кои треба да имаат седници, тоа се: Законодавно-правната комисија, Комисијата за внатрешна политика и ОНО, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за градежништво и урбанизам, Комисијата за образование, наука и култура како пратеничка група и Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство.

Утре во 11 часот да имаат прва седница, а материјали има испратено.

Со ова, во оваа прилика ја завршивме точката 3.

(Општо негодување во салата, бараат да се прекине седницата).

Јас не знам дали да прекинеме, но ве молам утре имаме работа. Ако мислите овие точки да ги префрлиме во четврток, немаме избор, завршивме со изборот, сега се Состојби и проблеми во репродукција во СР Македонија.

Имаме претставници од Синдикатот и на Стопанската комора на Македонија и дали тие прифаќаат овие точки да се одложат за во четврток.

**ДУШАН ПЕТРЕСКИ:**

Ќе изгубат од значење ако раcправаме по тој материјал, сега по сите овие точки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Утре не можеме, значи ни останува четврток, оти утре мора да работи Уставната комисија. Во тој случај, во четврток седницата треба да почне во 10,00 часот. Прво ќе продолжиме со овој дневен ред, а потоа ќе го утврдиме дневниот ред за таа седница.

Ви благодарам за учеството, но не завршивме многу работа.

(Седницата заврши во 22:05 часот).